5. Одлука за усвојување на Правилник за организација и работење на одделот за обука и компетенции во рамки на Центарот за обезбедување на квалитет при Универзитетот;
6. Одлука за усвојување на Правилник за организација на работата и систематизација на работни места на Универзитетот;
7. Одлука за потврдување на одлуките на ректорот на Универзитетот за избор на декани на единиците на Универзитетот;
8. Одлука за избор на декан на Елекротехнички факултет;
9. Одлука за усвојување на катедри на единиците на Универзитетот;
10. Одлука за воведување на јапонски јазик кој студентите ќе можат да го изберат како странски јазик;
11. Одлука за прифаќање на иницијатива за отворање на Студиска програма по бизнис информатика на англиски јазик на Факултетот за информатика;
12. Одлука за давање на согласност за исправка на техничка грешка во Студиска програма на Факултет за музичка уметност;
13. Одлука за давање на согласност за исправка на техничка грешка во студиска програма на Електротехнички факултет;
14. Одлука за доделување на стипендија на Николета Сербин од Мала Преспа, Р. Албанија;
15. Одлука за доделување на стипендија на Василка Ивановски од Мала Преспа, Р. Албанија;
16. Одлука за давање на согласност за исплата на надоместок на учесниците во курсовите по електронско учење;
17. Одлука за усвојување на Барање бр.1304-874/1 од 31.8.2011 година за реализација на професиоанална обука поднесено од Ристе Тимовски – ИТ-администратор и Илија Лазаревски ИТ- администратор;
18. Одлука за давање согласност за склучување на Анекс број 2 на Договор бр.0307-781/14 од 10.6.2009 година со Приватна заботехничка лабараторија „Дентолаб“ – Штип;
19. Одлука за давање на согласност за поднесување на Барање до Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на

РМ за земање под закуп на земјоделско земјиште во сопственост на Република Македонија;

20. Одлука за усвојување на Барање бр.03-302/1 од 5.9.2011 година, доставено од Национална установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј – Штип;
21. Одлука за усвојување на понуда за рекламирање на дигитален дисплеј поставен на Плоштад Македонија – Скопје;
22. Одлука за набавка на 20 $м^3$ огревно дрво (бука) од ЈП „Македонски шуми“ за потребите на Универзитетот;
23. Одлука за усвојување на Барањето бр.0302-665 од 12.7.2011 година, поднесено од Казнено-поправен дом – Штип;
24. Одлука за усвојување на понуда со пакет поволности наменети за студентите на Универзитетот;
25. Одлука за усвојување на најповолна понуда по објавен јавен повик во дневен весник „Дневник“ за купување на објект во Гевгелија;
26. Одлука за објавување на јавен повик за закуп на недвижен имот – деловен објект за потребите на Универзитетот;
27. Одлука за верификација на мандат на членови на Универзитетскиот сенат претствници од Факултетот за информатика;
28. Одлука за верификација на мандат на член на Универзитетскиот сенат претставник од Електотехничкиот факултет;
29. Одлука за верификација на мандат на член на Универзитескиот сенат претставник од Технолошко – техничкиот факултет;
30. Одлука за верификација на мандат на член на Универзитетскиот сенат претставник од Педагошки факултет;
31. Одлука за измена и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2011 година;
32. Одлука за доделување на стипендија на Невена Граждани од с. Пустец, Р. Албанија.

На **педесет и петтата седница** на Универзитетскиот сенат одржана на 18.10.2011 година беа донесени следниве одлуки:

1. Одлука за плаќање на курс ISO 9001 Specialist и курс ISO Internal Audit на вработени на Универзитетот;
2. Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2011 година;
3. Одлука за слободна употреба на објектот во сопственост на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за потребите на проектот по Програмата IPA – CBC Број 2007CB16IPO007 – 60, Повик за понуди бр. 2007CB16IPO007-2011-2;
4. Одлука по понуда од Друштво за маркетинг, издавачка дејност и видеопродукција „Марили“ – Скопје;
5. Одлука по Барање од ЈЗУ Клинички центар - Штип;
6. Одлука за усвојување на Правила за изменување и дополнување на правилата за премин од една на друга студиска програма во рамките на иста единица на Универзитетот;

7. Одлука за усвојување на Правила за изменување и дополнување на Правилата за издавање на учебници и учебни помагала на Универзитетот;
8. Одлука по Барање за донација од Државен студентски дом „Браќа Миладиновци“ – Штип;
9. Одлука за донација на музучки инструменти од Швајцарија;
10. Одлука по предлог-мислења од Комисијата за нормативна и издавачка дејност на Универзитетот;
11. Одлука за давање на согласност за склучување на Договор за купопродажба на деловен простор во Гевгелија за потребите на Факултетот за туризам и бизнис логистика;
12. Одлука за овластување на ректорот на Универзитетот да потпише меница во износ од 1.600.000 оо денари по Рамковна спогодба за набавка на нафтен дериват ЕЛ – 1 склучена помеѓу ОКТА – Рафинерија за нафта АД Скопје и државен Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип;
13. Одлука по Барање од НУ Универзитетска библиотека „Гоце Делчев“ – Штип;
14. Одлука за усвојување на План за марктинг активности на Центарот за односи со јавноста при Универзитетот;
15. Одлука за давање на согласност за прифаќање на донација од ДОО „Логин електроникс“ – Скопје за потребите на Електротехничкиот факултет;
16. Одлука за покриеност на наставата и ангажирање на наставници и соработници на студиските програми за прв и втор циклус на единиците на Универзитетот;
17. Одлука за стипендирање на трет циклус на студии на вработени соработници на Универзитетот;
18. Одлука за усвојување на Правила за изменување и дополнување на Правилата за премин од една на друга единица во рамките на Универзитетот;
19. Одлука за слободна употреба на објект во сопственост на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за потребите на проектот по Програмата IPA – CBC Број 2007CB16IPO007, Повик за понуди бр. 2007CB16IPO007-2011-2;
20. Одлука за усвојување на Одлука бр.2202-236/14 од 21.9.2011 година од Наставно-научниот совет на Факултетот за природни и технички науки, за измена и дополнување на Студиската програма 2011/2012 по архитектура и дизајн, модул Пејзажно уредување;
21. Одлука за усвојување на Одлука бр.2402-90/9 од 31.8.2011 година од Наставно-научниот совет на Филолошки факултет, за исправка на техничка грешка во студиската група Историја со археологија во Студиската програма 2011/2012;
22. Одлука за усвојување на Предлог-одлуки од ННС на Факултет за музичка уметност бр.1902-122/11 од 16.12.2010 и бр.1902-31/3 од 26.1.2010 година;

23. Одлука за усвојување на Предлог-одлука од Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност бр.1902-101/6 од 29.9.2011 година, за поништување на Одлуката бр.1902-65/8 од 25.5.2011 донесена од Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност, потврдена со Одлука на Универзитетскиот сенат за исправка на техничка грешка во Студиската програма на прв циклус студии на Факултетот за музичка уметност;
24. Одлука за усвојување на Одлука бр.1802-162/17 од 18.10.2011 година од Наставно-научниот совет на Земјоделски факултет за дополнување на Одлуката бр.1802-117/6 од 20.5.2011 година за замена на задолжителни предмети во студиска програма Општа насока од прв циклус на студии на Земјоделски факултет.

## VI. ЦЕНТАР ЗА ОДНОСИ СО ЈАВНОСТА

### 1. **Вовед**

Центарот за односи со јавност како единица на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип е формиран со донесувањето на Одлуката на Собранието на Република Македонија за давање согласност на Статутот на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип на седницата одржана на 27 април 2009 година („Службен весник на Република Македонија“ бр.35/2008 и 103/2008).

Пред формирањето на Центарот, функционираше Канцеларија за односи со јавноста и Оддел за издавачка дејност во чијшто состав беше и веб-страницата, во која работеа четири лица кои беа задолжени со низа активности за остварувањето на дејноста, улогата и задачите на Универзитетот и на единиците.

Канцеларијата за односи со јавноста функционираше во просториите на Ректоратот. Канцеларијата воспоставуваше комуникации со пошироката јавност во земјава и со одделни субјекти поврзани со Универзитетот во странство.

Канцеларијата за односи со јавноста редовно ја информираше јавноста и осмислено ги презентираше информациите и содржините за работата на структурите на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип.

Канцеларијата организираше: прес-конференции, трибини, свечености, доделување на признанија, патронен ден на Универзитетот, почеток на нова студиска година, доделување на дипломи, приредби и други активности за промоција на Универзитетот.

Од септември до крајот на ноември 2007 година Одделот за издавачка дејност беше сместен во просториите на поранешниот Работнички универзитет (денес Факултет за информатика).

Од декември 2007 година до септември 2009 година Одделот работеше во просториите на Ректоратот на Универзитетот (ул. „Крсте Мисирков“ бб -Штип).

Од почетокот на октомври 2009 година Одделот е дислоциран во Кампус 1, односно на првиот кат од новите, модерно просторно и технички

уредени простории на Центарот за односи со јавноста (ул. „Генерал Михајло Апостолски“ бб -Штип).

Во периодот од септември 2008 година започна изградбата на Центарот за односи со јавноста, кој е со површина од 332 $м^2$.

Одделот за издавачка дејност е со површина од 98 $м^2$, Одделот за радио и ТВ заедно со Одделот за реклама и пропаганда (Оддел за маркетинг и протокол) се на површина од 205 $м^2$. Центарот за односи со јавноста како единица на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип активно и постојано учествува и придонесува за остварувањето на дејноста, улогата и задачите на Универзитетот и на единиците.

Центарот активно учествува во работата на органите, работните тела на Универзитетот и на единиците.

Центарот реализира акти, одлуки и задачи на органите на Универзитетот и на единиците и го почитува дигнитетот и достојно го употребува името и обележјата на Универзитетот.

Во јуни 2011 година, според новата систематизација на Универзитетот „Гоце Делчев“, беа донесени неколку промени во структурата на одделите кои функционираат во Центарот за односи со јавноста. Според новата систематизација, Одделот за радио и ТВ се состои од Одделение за техника и Одделение за редакција. Промени беа донесени и во Одделот за реклама и пропаганда, кој се реименуваше во Оддел за маркетинг и протокол и се состои од две одделенија – Одделение за маркетинг и Одделение за протокол.

## 2. **Структура**

### 2.1. **Раководител**

Според Правилникот за организација на работата и систематизација на работните места на Универзитетот („Универзитетски гласник“ бр.10, јули 2009 г.), од страна на ректорот на Универзитетот проф. д-р Саша Митрев во јули 2009 година за раководител на Центарот за односи со јавноста е назначен доц. д-р Кирил Барбареев.

### 2.2. **Вработени**

1. Славе Димитров
   Референт во издавачка дејност, шеф на Оддел за издавачка дејност од август 2011 г.
2. Благој Михов
   Референт во Оддел за издавачка дејност
3. Кристина Богатинова
   Веб – администратор
4. Игор Ампов
   Веб – администратор
5. Даница Гавриловска – Атанасовска
   Лектор во Оддел за издавачка дејност
6. Игор Стојанов
   Новинар од април 2011 г., главен и одговорен уредник од август 2011 г.

7. Влатко Миленкоски
   Технички уредник во Оддел за радио и ТВ
8. Александар Максимов
   Референт во Одделот за радио и ТВ од ноември 2010 г.
9. Марија Манева
   Референт во Оддел за маркетинг и протокол
10. Мартина Николовска
   Референт во Оддел за маркетинг и протокол од април 2011 г.

## 3. ОДДЕЛИ ВО СОСТАВ НА ЦЕНТАРОТ

Во состав на Центарот за односи со јавноста се три оддели:

1. Оддел за издавачка дејност;
2. Оддел за маркетинг и протокол;
3. Оддел за радио и ТВ.

### 3.1. ОДДЕЛ ЗА ИЗДАВАЧКА ДЕЈНОСТ

Универзитетот „Гоце Делчев“ својата издавачка дејност ја остварува преку издавање на учебници, учебни помагала, монографии, студии, списанија, годишници, зборници, преводи на странски изданија, информативен и пропаганден материјал, брошури, летоци и друга литература.

Во периодот од септември 2010 година до септември 2011 година во Одделот за издавачка дејност се реализирани следниве изданија:

**1. Универзитетски билтен** - јавно гласило на Универзитетот во кое се објавуваат рефератите, односно извештаите на рецензентските комисии за избор на наставно-научни, научни, насловни, наставни и соработнички звања, рецензиите на докторските дисертации и рецензиите на ракописите за учебници во високото образование на Универзитетот „Гоце Делчев“:

- 15.9.2010 - „Универзитетски билтен“ бр. 46
- 1.10.2010 - „Универзитетски билтен“ бр. 47
- 15.10.2010 - „Универзитетски билтен“ бр. 48
- 15.11.2010 - „Универзитетски билтен“ бр. 49
- 1.12.2010 - „Универзитетски билтен“ бр. 50
- 15.12.2010 - „Универзитетски билтен“ бр. 51
- 15.1.2011 - „Универзитетски билтен“ бр. 52
- 1.2.2011 - „Универзитетски билтен“ бр. 53
- 15.2.2011 - „Универзитетски билтен“ бр. 54
- 1.3.2011 - „Универзитетски билтен“ бр. 55
- 15.3.2011 - „Универзитетски билтен“ бр. 56
- 1.4.2011 - „Универзитетски билтен“ бр. 57
- 15.4.2011 - „Универзитетски билтен“ бр. 58
- 3.5.2011 - „Универзитетски билтен“ бр. 59
- 16.5.2011 - „Универзитетски билтен“ бр. 60
- 1.6.2011 - „Универзитетски билтен“ бр. 61
- 15.6.2011 - „Универзитетски билтен“ бр. 62

- 1.7.2011 - „Универзитетски билтен“ бр. 63
- 13.7.2011 - „Универзитетски билтен“ бр. 64
- 1.9.2011 - „Универзитетски билтен“ бр. 65
- 15.9.2011 - „Универзитетски билтен“ бр. 66

2. **Универзитетски гласник** - јавно гласило на Универзитетот во кое се објавуваат одлуки, правилници, систематизација на работни места, Статут на Универзитет, упатства, планови итн., донесени на Ректорска управа или Универзитетски сенат на Универзитет „Гоце Делчев“.

- 1.11.2010 - „Универзитетски гласник“ бр. 16
- 31.12.2010 - „Универзитетски гласник“ бр. 17
- 15.1.2010 - „Универзитетски гласник“ бр. 18
- 15.4.2010 - „Универзитетски гласник“ бр. 19
- 15.6.2010 - „Универзитетски гласник“ бр. 20

**3. Универзитетски весник**

- октомври 2011 - „Универзитетски весник“ бр. 6
- ноември/декември 2011 - „Универзитетски весник“ бр. 7/8
- јануари/февруари 2011 - „Универзитетски весник“ бр. 9
- април 2011 - „Универзитетски весник“ бр. 10
- мај 2011 - „Универзитетски весник“ бр. 11
- јуни 2011 - „Универзитетски весник“ бр. 12

**4. Каталог на изданијата 2011 г.** кој ги содржи сите изданија кои биле издадени во текот на 2010 година, а вклучува: зборници, учебни помагала, универзитетски весник, списанија.

**5. Зборници**

- Земјоделски факултет
- Економски факултет
- Факултет за природни и технички науки
- Факултет за музичка уметност
- Институт за историја и археологија
- Филолошки факултет
- Правен факултет

**Веб-страниците со кои располага Универзитетот во моментот се следниве:**

Универзитет „Гоце Делчев“
(македонска верзија) - http://www.ugd.edu.mk/
(англиска и руска верзија) - http://int.ugd.edu.mk/
Правен факултет (македонска и англиска верзија) -
http://pra.ugd.edu.mk/
Економски факултет (македонска и англиска верзија) -
http://eco.ugd.edu.mk/
Земјоделски факултет (македонска и англиска верзија) -

http://zem.ugd.edu.mk/
Факултет за информатика (македонска и англиска верзија) - http://inf.ugd.edu.mk/
Педагошки факултет (македонска и англиска верзија) - http://pf.ugd.edu.mk/
Факултет за природни и технички науки (македонска и англиска верзија) - http://frgp.ugd.edu.mk
Факултет за музичка уметност (македонска и англиска верзија) - http://fmu.ugd.edu.mk/
Факултет за медицински науки (македонска и англиска верзија) - http://fmn.ugd.edu.mk/
Електротехнички факултет (македонска и англиска верзија)- http://etf.ugd.edu.mk/
Филолошки факултет (македонска и англиска верзија) - http://ff.ugd.edu.mk/
Факултет за туризам и бизнис логистика (македонска и англиска верзија) - http://ftb.ugd.edu.mk/
Технолошко-технички факултет (македонска и англиска верзија) - http://ttf.ugd.edu.mk/
Машински факултет (македонска и англиска верзија) - http://mf.ugd.edu.mk/
Центар за меѓууниверзитетска соработка (македонска и англиска верзија) - http://cmus.ugd.edu.mk/
Центар за обезбедување на квалитет - http://cok.ugd.edu.mk/
Центар за односи со јавноста - http://coj.ugd.edu.mk/
Универзитетски спортски центар - usc.ugd.edu.mk (во изработка)
ИТ центар - http://it.ugd.edu.mk/
Институт за историја и археологија - http://inisa.ugd.edu.mk/
Институт за информатика - http://ii.ugd.edu.mk/
Институт за јазици - http://ff.ugd.edu.mk/index.php?option=com_content&view=category&layout=blog&id=11&Itemid=18&lang=mk
Студентски портал - http://studenti.ugd.edu.mk/
Катедра за заштита на растенијата (македонска и англиска верзија) - http://dpep.ugd.edu.mk/
Е-библиотека - http://e-biblioteka.ugd.edu.mk/
http://3d.ugd.edu.mk/
Граѓански дневник - http://uslugi.gov.mk
Википедија

**Во текот на академската 2010/2011 година, Одделението за одржување на веб-страници ги реализираше следниве активности:**

**Октомври 2010 г.**

Отворање на посебни страници за Катедрата за заштита на растенијата и животната средина, Лабораторијата за заштита на растенијата и животната средина.

Одржан состанок со раководителот на Центарот за кординација на работните активности.

Тековни работи со веб-страниците.

**Ноември 2010 г.**

Редизајнирање на главната веб-страница на Универзитетот.

Отворање на нова посебна веб-страница на Центарот за меѓууниверзитетска соработка http://cmus.ugd.edu.mk/.

Тековни работи со веб-страниците.

**Декември 2010 г.**

Средување на веб-страните на нивните англиски верзии. Тековни работи со веб-страниците. Одржан состанок со луѓето кои се директно вмешани со активностите поврзани со веб-страниците на Универзитетот: Состанокот беше организиран така што преку презентација беа опфатени следниве теми на дискусија:

1. Начин на проследување на пораките;
2. Комуникација помеѓу вработените;
3. Недостиг на информации на веб-страниците;
4. Пофалби и поплаки;
5. Ваше и наше видување на досегашната соработка;
6. Статистика.

**Јануари 2011 г.**

Средување на катедрите на веб-страница на Земјоделски факултет.

Тековни работи со веб-страниците.

**Февруари 2011 г.**

Средување на англиската верзија на Катедрата за заштита на растенијата и животната средина.

Имплементирање на нов софтвер за изработка на електронски распореди, MIMOSA.

Тековни работи со веб-страниците.

**Март 2011 г.**

Одржан состанок за изработка на Електронска библиотека на универзитетските изданија - http://e-biblioteka.ugd.edu.mk/.

Тековни работи со веб-страниците.

**Април 2011 г.**

Изработка на нова веб-страница во која ке влезат: Катедрата за заштита на растенијата и животната средина, Лабораторија за заштита на растенијата и животната средина и Канцеларијата за рурален развој http://dpep.ugd.edu.mk/.

Тековни работи со веб-страниците.

**Мај 2011 г.**
Тековни работи со веб-страниците.

**Јуни 2011 г.**
Пуштање во употреба на е-библотеката на УГД http://e-biblioteka.ugd.edu.mk/. Одржан состанок на ЦОЈ за координација на работните задачи. Тековни работи со веб-страниците.

**Јули 2011 г.**
Тековни работи со веб-страниците.
**Август 2011 г.**
Одржан состанок за ISO стандард 9001:2000.
Подготовка и внесување на податоци за изготвување на електронски распоред.
Тековни работи со веб-страниците.

**Септември 2011 г.**
Тековни работи со веб-страниците.
Подготовка на електронски распоред за Универзитетот „Гоце Делчев“.

## 3.2. ОДДЕЛ ЗА МАРКЕТИНГ И ПРОТОКОЛ

Одделот за маркетинг и протокол е одговорен за планирање, реализирање и евалуирање на сите промотивни и маркетинг активности коишто имаат за цел да го промовираат Универзитетот во државата и надвор од неа.

Во соработка со факултетите, центрите, институтите и другите единици интегрирани во Универзитетот, Одделот за маркетинг и протокол е одговорен за подготовка на маркетинг акционен план, реализација на тој маркетинг план и евалуација на резултатите. Понатаму, Одделот за маркетинг и протокол покрај планираните промотивни и маркетинг проекти предвидени и утврдени со маркетинг планот редовно се грижи за дизајнот, информациите и изборот на рекламните материјали, во соработка со Одделот за радио и ТВ подготвува аудио и видео презентации за Универзитетот, рекламни аудио и видео спотови за Универзитетот, комуницира со медиумите во делот на рекламното и ПР претставување на Универзитетот, дава поддршка во организација на манифестации, свечености, патронен празник на Универзитетот и други настани.

Во периодот од септември 2010 до септември 2011 год., Одделот за маркетинг и протокол има реализирано низа проекти и активности:

**Септември 2010 г.**
- Подготовка на брошура за Универзитетот и подготовка на мултимедијално ЦД за презентација на Универзитетот и неговите факултети.
- Решение за корпоративен идентитет на Универзитетот кој би се користел во комуникацијата преку пошта, е-пошта, како и за изглед на меморандум и визит – карта.

- Дизајн за две сценографии во форма на банер кој ќе се користи за одредени настани, прес-конференции, презентации и сл. Едната сценографија беше подготвена за Универзитетот, а другата за УГД ФМ.
- Проект „Лист хартија и обоено небо“, во соработка со Филолошкиот факултет при УГД. Проектот се реализираше во периодот од 27 септември – 29 септември. Проектот беше реализиран во просториите на Економски факултет. Со него, во склоп на проектот беше реализирано и интервју во УГД ФМ.
- Подготовка на спецификација за рекламни материјали за 2011 година.
- Подготовка и организација на Македонско-украинска научна конференција на УГД. Конференцијата се одржа на 1 октомври во Конференциската сала во Ректоратот.
- Во текот на овој месец, Одделот за маркетинг и протокол изготви четири инфо – билтени кои беа дистрибуирани до вработените и студентите на Универзитетот, како и до сите медиуми и институции кои ги имаме во листата на е-пошта.

**Октомври 2010 г.**

- Научна конференција за Јосиф Ковачев, трибина – работилница со Универзитетот на Југоисточна Европа, како и организација на Недела на германски филм, во соработка со Германската амбасада во Скопје.
- Хуманитарна акција во соработка со Црвен крст – Штип. Во акцијата беше реализирано откупување на 500 шолји по цена од 100 денари, а средствата беа донирани на гладните и материјално немоќните.
- Соработка со магазинот Шило од Австралија, за откупување на рекламен простор во нивниот магазин.
- Организација и промоција на одбележувањето на годишнината од основањето на Центарот за односи со јавноста. Прославата се одржа во кафе-бар АЈС, каде беше организирана забава со специјална програма од страна на УГД ФМ. На прославата, покрај вработените во УГД, присуствуваа и студенти и соработници од локалните медиуми.
- Во текот на овој месец, Одделот за маркетинг и протокол изготви четири инфо – билтени кои беа дистрибуирани до вработените и студентите на Универзитетот, како и до сите медиуми и институции кои ги имаме во листата на е-пошта.

**Ноември 2010 г.**

- Реализација на состанок за подготовка на потребни ексклузивни материјали за доделување на патрониот празник на Универзитетот.
- Подготовка на реклама за списанието за деца со посебни потреби.
- Организација на прес-конференција за локалните медиуми, со цел известување за тековните и претстојните настани во ЦОЈ и Универзитетот.
- Реализација на соработка со ТВ Кочани за рекламирање на Универзитетот.

- Организација за пречек на хрватската делегација во Ректоратот и Универзитетското радио.
- Организација за пречек на претставници од Британскиот совет во Ректоратот на Универзитетот.
- Иницирање и посредување при потпишување на договор со Здружение за заштита на авторски медиумски права и посредуваше во постапката за добивање на договор за посредување од обласга на културата.
- Организација на културни активности кои ги вклучија: премиера на филмот „Мајки“ во Штип, организација на Недела на филмови на Милчо Манчевски, гостување на Милчо Манчевски на Универзитетското радио и негово обраќање пред студентите во Мултимедијалниот центар во Штип, серија гостувања на Театарот за деца и младинци во Мултимедијалниот центар во Штип.
- Во текот на овој месец, Одделот за маркетинг и протокол изготви четири инфо – билтени кои беа дистрибуирани до вработените и студентите на Универзитетот, како и до сите медиуми и институции кои ги имаме во листата на е-пошта.

**Декември 2010 г.**

- Подготовка на сет рекламни материјали и пакети за потребите на Ректоратот и Факултетот за природни и технички науки.
- Подготовка на брошура за полесно користење на Live@Edu.
- Подготовка на флаер за полесно користење на електронскиот индекс на УГД,
- Подготовка на презентација на македонски и англиски јазик за потребите на ректорот на Универзитетот.
- Организација на новогодишна манифестација за доделување на пакетчиња на децата на вработените.
- Во текот на овој месец, Одделот за маркетинг и протокол изготви четири инфо – билтени кои беа дистрибуирани до вработените и студентите на Универзитетот, како и до сите медиуми и институциикои ги имаме во листата на е-пошта.

**Јануари 2011 г**:

- Подготовка на сет рекламни материјали за семинари во организација на Одделот за јавни набавки.
- Во текот на овој месец, Одделот за маркетинг и протокол изготви два инфо – билтени кои беа дистрибуирани до вработените и студентите на Универзитетот, како и до сите медиуми и институции кои ги имаме во листата на е-пошта.

**Февруари 2011 г**.

- Организирање на настанот – полагање цвеќе на споменикот на Гоце Делчев“, по повод 4 Февруари -Ден на раѓањето на Гоце Делчев.

– Креирање на предлог-дизајн за нов изглед на УГД Инфо, новото име на Инфо билтенот на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
– Координација за учество на Саем за образование.
– Состанок во ЦОЈ на кој присуствуваше ректорот на Универзитетот, а кој се однесуваше меѓу другото на: предлог за нова организација и опис на работни места во ЦОЈ, подготовки за оперативни активности за патронен празник на УГД, подготовки на брошури, каталог на изданија на УГД, подготовки за видеоматеријал, подготовка на акционен план за кампања за уписи 2011/2012, видео спот за МРТВ, за видеоконференциски врски и други работи на УГД.
– Состанок со ПАП - фирма која добила на тендер за рекламни материјали.
– Креирање на план за посета на средни училишта низ Македонија, во пресрет на кампањата пред уписи.
– Спецификација според понудата од фирмата АВЕРС за изготвување на плакети, признанија и награди кои се доделуваа на патронен празник.
– Поставување на светлечки билборд (Мега-лајт) пред Ректоратот.
– Подготовки за надворешно брендирање на Кампус 4 (пред влезот на градот).
– Во текот на овој месец, Одделот за маркетинг и протокол изготви три инфо – билтени кои беа дистрибуирани до вработените и студентите на Универзитетот, како и до сите медиуми и институции кои ги имаме во листата на е-пошта.

**Март 2011 г.**

– Активно учество во организацијата на патрониот празник на Универзитетот.
– Обележување на Кампус 4 – светлечки ознаки и билборд.
– Активности – свечена академија по повод патрониот празник, свечено отворање на Кампус 4, промоција на каталог на изданија за 2010 година.
– Креирање на план за посета на средни училишта низ Македонија, во пресрет на кампањата пред уписи.
– Остварување на соработка со Yellow Pages.
– Учество при снимање на спот во продукција на МРТВ.
– Организација на Конкурс за најдобра фотографија.
– Организација на промоција на книги од областа на правните науки во Кампус 4.
– Во текот на овој месец, Одделот за маркетинг и протокол изготви четири инфо – билтени кои беа дистрибуирани до вработените и студентите на Универзитетот, како и до сите медиуми и институции кои ги имаме во листата на е-пошта.

**Април 2011 г.**

- Креирање на дизајн за водич за уписи во пресрет на уписите 2011/2012 г.
- Претставување на Универзитетот „Гоце Делчев“ – Штип пред посетителите на Деновите на образование и кариера.
- Посета и делење флаери во средни училишта во Струмица, Радовиш, Свети Николе и Штип.
- Подготовка на рекламни материјали за потребите на Одделот за јавни набавки.
- Креирање на аудио прилог и реклама за електронско пријавување на испити. Во текот на овој месец, Одделот за маркетинг и протокол изготви четири инфо – билтени кои беа дистрибуирани до вработените и студентите на Универзитетот, како и до сите медиуми и институции кои ги имаме во листата на е-пошта.

**Мај 2011 г.**

- Изготвување на Предлог – елаборат за рекламни активности во пресрет на кампањата.
- Организација на гостувања на ректор и декани на факултети на локални телевизии и УГД ФМ.
- Изготвување на рекламни спотови за Универзитетот во соработка со Одделот за радио и ТВ.
- Подготовка на рекламни материјали за потребите на одделот за јавни набавки.
- Организација на Недела на холандски филм, во соработка со Кинотека на Македонија.
- Во текот на овој месец, Одделот за маркетинг и протокол изготви четири инфо – билтени кои беа дистрибуирани до вработените и студентите на Универзитетот, како и до сите медиуми и институции кои ги имаме во листата на е-пошта.

**Јуни/јули 2011 г.**

- Реализација на активностите предвидени со Предлог-елаборатот за рекламни активности, во делот на медиумска промоција на Универзитетот кои вклучуваа: реклама на телевизиски медиуми, комуникација со истите за утврдување на медија-планови и сите потрени документации, комуникација со дневни весници за инсертација на флаер, комуникација со радиостаници за утврдување на содржина и емитување на реклама.
- Изработка на предлог-систематизација на Центар за односи со јавноста.
- Организација и логистичка поддршка на настапи на Факултетот за музичка уметност како дел од традиционалната турнеја на ФМУ низ Македонија. Во текот на овие два месеца се организираа настапи во Делчево, Берово, Виница, Велес, Свети Николе, Куманово и Скопје.
- Креирање на решенија за дизајн на билборди пред Кампус 2, билборд во центарот на градот, билборд на локацијата Штип – Скопје, како и билборд пред радиото.

- Заменување на рекламна табла на спортска сала.
- Креирање на маркетинг план за можности за рекламирање во Спорстка сала „Јордан Мијалков“.
- Во текот на јуни/јули, Одделот за маркетинг и протокол изготви пет инфо – билтени кои беа дистрибуирани до вработените и студентите на Универзитетот, како и до сите медиуми и институции кои ги имаме во листата на е-пошта.

**Август 2011 г.**

- Во текот на август, Одделот за маркетинг и протокол заедно со Одделот за радио реализираше отворено студио со програма во живо од пред Ректоратот, на двата дена од првиот уписен рок, 16 и 17 август.
- Креирање на решенија за внатрешно брендирање на Кампус 4.
- Креирање на решенија за внатрешно брендирање на Наставен центар – Скопје.
- Стандардизација на Одделот според ИСО стандарди, заедно со Љубица Стефановска и Емилија Ристова.
- Промовирање на настан – воена вежба на придружна членка „Воена академија“.
- Подготовка на брошура на македонски и англиски јазик, подготовка на текстови.
- Подготовка на пакет рекламни активности во пресрет на уписите за втор циклус студии
- Во текот на август, Одделот за маркетинг и протокол изготви три инфо – билтени кои беа дистрибуирани до вработените и студентите на Универзитетот, како и до сите медиуми и институции кои ги имаме во листата на е-пошта.

**Септември 2011 г.**

- Организација и логистика на свеченост по повод прв академски час на Универзитетот.
- Подготовка на брошура на македонски и англиски јазик, фото сесија за потребите на брошурата.
- Изработка на промо-план за промоција на нова програмска шема на УГД ФМ со почеток од 3 октомври.
- Подготовка на пакет рекламни активности во пресрет на уписите за втор циклус студии.
- Средба во Германска амбасада во пресрет на Универзитетската филмска недела.
- Стандардизација на Одделот по ИСО стандарди.
- Во текот на септември, Одделот за маркетинг и протокол изготви четири инфо – билтени кои беа дистрибуирани до вработените и студентите на Универзитетот, како и до сите медиуми и институции кои ги имаме во листата на е-пошта.

## 3.3. ОДДЕЛ ЗА РАДИО И ТВ

Одделот за радио и ТВ изминатава година работеше според претходно утврдениот план и програма, како и според систематизацијата на Универзитет „Гоце Делчев“. Во својата работа, овој Оддел вклучува подготовка на радио и ТВ содржини, следење и промовирање на активностите на Универзитетот и придружните членки и нивно афирмирање. Одделот за радио и ТВ е вклучен во продукција на рекламни и промотивни спотови за Универзитетот, центрите, факултетите и Унисервис.

Во редовните активности овој Оддел вклучува емитување на 24-часовна програма на радио и изготвување на видео материјали за Универзитетската телевизија.

Во работата на овој Оддел влегува и подготвувањето на содржини за Универзитетскиот весник и комплетно негово уредување. Се подготвуваат содржини за веб-страницата на Универзитетот, на радиото и на факултетите. Редовно се обновуваат и додаваат нови содржини.

Одделот за радио и ТВ со своите човечки ресурси ги следи настаните кои се одржуваат на Универзитетот, но и оние во градот и државата. Настаните се проследени преку фотографирање и аудио и видео снимање.

Во изминатиов период Одделот учествуваше во низа проекти кои се организираа на УГД и беше иницијатор на бројни активности и проекти кои имаа за цел да го афирмираат Универзитетот и да ги анимираат студентите на бројни активности.

**Септември 2010 г.**

- Редовна програма на Универзитетското радио и ТВ.
- Медиумска поддршка и помош во реализација на проект „Лист хартија и обоено небо“ кој се одржа од 27 септември до 29 септември. УГД ФМ го следеше целиот настан, постојано најавуваше и дел од гостите во проектот гостуваа во емсии.
- Интервју на радио со гости, професори од УГД и од УКИМ.
- Подготовка на нова програмска шема, која вклучи продолжување на некои емсии и воспоставување соработка со студенти кои се активираа во работата на УГД-ФМ.
- Медиумска поддршка и помош околу организација на Македонско-украинска научна конференција на УГД. Конференцијата се одржа на 1 октомври, во Конференциската сала во Ректоратот. Одделот ја следеше преку снимки и фотографии. Потоа емитувани на радио и ТВ.
- Обновување на содржини на веб-страниците
- Следење на редовни настани кои се случувааат на УГД и известување за истите преку веб-страницата на УГД и веб-страниците на факултетите зависно од видот на веста.
- Содржинска подготовка и уредување на Универзитетски весник.
- Мултимедијално ЦД со презентаціја за УГД.

**Октомври 2010 г.**

- Следење и помош во организација на Научна конференција Јосиф Ковачев.
- Следење и организација на Недела на германски филм
- Медиумско покривање на хуманитарна акција во соработка со Црвен крст. Гостување во радио.
- Прослава на ЦОЈ и УГД-ФМ.
- Содржинска подготовка и уредување на Универзитетски весник.
- Обновување на содржини на веб-страниците.
- Ноември 2010 г.
- Организирање на настаи при ЦОЈ заедно со УГД-ФМ.
- Обновување на содржини на веб-странците.
- Содржинска подготовка и уредување на универзитетки весник.
- Отпочнување на презентација на Универзитет „Гоце Делчев“ и Универзитетско радио на социјалните мрежи.
- Почеток на презентација на УГДФМ на Ју Туб.
- Поврзување на Универзитетско радио со видео пренос во живо на интернет
- Состаноци и договарање со театар за деца и млади.

**Декември 2010 г.**

- Подготовка на новогодишна програма на УГД-ФМ.
- Гости во радио, актери од Театар за деца и млади.
- Следење на новогодишна манифестација, фотографии.
- Подготовка на нови џинглови и спотови за Нова година.
- Рекламни кампањи за Универзитетски ресторан.
- Изработка на нови креативни спотови за факултетите при УГД.
- Инсталација и приспособување на медија-сервер заедно со CISCO дигитални медиа плеери на територијата на Штип, т.е. во Ректорат, Кампус 2, Медицински факултет, Факултет за музичка уметност (поставување на опрема за пренесување на ТВ сигнал преку интерна LAN-мрежа).
- Истражување на медија-оперативен систем за пренесување и креирање на ТВ птограма по кампуси. Проследување на претстави и изработка на видеа (реклами за детски претстави во Мултимедијалниот центар при Економски факултет.

**Јануари 2011 г.**

- Активно вклучување на студентите од Студиската програма по новинарство во програмата на УГД – ФМ.
- Продолжување на соработката со „Филип Втори“ и гостувања на лекарите секоја среда на УГД-ФМ во рамките на „Свеж воздух“.
- Содржинска подготовка и уредување на Универзитетски весник.
- Обновување на содржини на веб-страниците.
- Редовно следење на настани при УГД.
- Проект со едукативно – хуманитарна организација ЕХО и едукативни гостувања на радио.

- Ректор - гостување на радио.
- Ендрју Лок – Презентација на освојување на сите 14 врвови на Монт Еверест.

**Февруари 2011 г.**

- Коориданиција за учество и следење на Саем за образование и кариера.
- Промоција на УГД по повод саемот.
- Организација и следење на настан по повод 4 февруари полагање цвеќе на „Гоце Делчев“ .
- Содржинска подготовка и уредување на Универзитетски весник.
- Обновување на содржини на веб-страниците.
- Редовно следење на настани при УГД.
- Студентите од новинарство започнуваат комплетно со своите емисии.
- Поврзување со веб страницата факултети.мк за информирање.
- Објавување на Конкурс за најдобра фотографија
- Примање на фотографии и формирање на Комисија за оценка на истите (Игор Стојанов, Никола Смилков и Славе Димитров).
- Вметнување на универзитетски вести од светот на веб-страницата на УГД. Следење на тоа што се случува со универзитетите во светот и објавување на главната веб-страница на УГД.
- Инсталирани DMP-а по други градови: Кавадарци, Гевгелија, Кочани. Изработка на видеореклами за манифестации. Изработка на неделно ИНФО на кое студентите се информираат за неделните топ-теми во врска со УГД и негово пуштање на УГД ТВ.

**Март 2011 г.**

- Активно ажурирање на профилите на социјалните мрежи, при што се популаризираа значајно.
- Воркшоп со студентите од ФМУ и концерт со групата Шулцинаг – Германија во ММЦ.
- Патронат на УГД организација, подготовка, промоција и учество.
- Почеток на соработка со издавачката куќа Блесок за доделување на книги во програма.
- Организација на промоција на книги од областа на правните науки во Кампус 4 и следење на настанот.
- Промоција на апсолвентски екскурзии на радио, гостување на СПУГД.
- Содржинска подготовка и уредување на Универзитетски весник.
- Обновување на содржини на веб-страниците.
- Редовно следење на настани при УГД.
- Промоција на РОК ИНФУЗИЈА – емисија на УГД ФМ.
- Изработка на финален видеоматеријал од патронатот на УГД 2011 и средба со нишкиот ректор.

**Април 2011 г.**

- Посета на Денови на образование и кариера, вклучување во живо, фотографии, прилози.
- Снимање рекламно-информативни спотови за електронско учење и електронско пријавување на испити.
- Содржинска подготовка и уредување на Универзитетски весник.
- Обновување на содржини на веб- страниците.
- Редовно следење на настани при УГД.
- Неделни ИНФО-а, изработка на видеореклама за Спринг арт фестивал, изработка на спот за медицина (втор).
- Изработка на видеоупатство за Е-индекс.

**Мај 2011 г.**

- Подготовки за снимање на видеоспот за промоција на уписи 2012 г.
- Изработка на засебни аудиоспотови за сите факултети на УГД.
- Изработка на аудиоспотови за уписи.
- Гостување на ректор и сите декани во програмата на УГД-ФМ.
- Содржинска подготовка и уредување на Универзитетски весник.
- Обновување на содржини на веб-страниците.
- Редовно следење на настани при УГД.
- Снимање на видео и аудио за Факултет за медицински науки.
- Видео и аудио реклами за Педагошки факултет.
- Концерти и Недела на холандски филм.
- Изработка на разни флаери и плакати за УГД, Изработка на видео за Горан Тасев, доктор при УГД, Изработка на УГД промо спотови (Ректорат, ФМН, Педагошки факултет, УГД, Кавадарци...),за потребите на УГД-ТВ.

**Јуни/јули 2011 г.**

- Џез фестивал во Мулитимедијален центар.
- Изработка на систематизација во делот за радио и ТВ.
- Организација и логистичка поддршка на настапи на Факултетот за музичка уметност како дел од традиционалната турнеја на ФМУ низ Македонија. Во текот на овие два месеца се организираа настапи во Делчево, Берово, Виница, Велес, Свети Николе, Куманово и Скопје, следење и известување од настаните.
- Содржинска подготовка и уредување на Универзитетски весник.
- Обновување на содржини на веб- страниците.
- Редовно следење на настани при УГД.
- Постапка за изградба на столб и преместување на локација на зрачна точка од Исар на Ежов Рид.
- Концерти на ФМУ низ Македонија.
- Пренос од Криволак за Воена академија.

**Август 2011 г.**

- Отворено студио од пред Ректоратот за следење на уписите. Мост со студио во редакција и отворено студио. Програма со гости.

- Гости од АРМ за промоција на воена вежба.
- Состанок за изработка на нова програмска шема на УГД-ФМ.
- Завршен концерт на ФМУ- следење, фотографии прилози.
- Договарање со „ФИЛИП ВТОРИ“ за нова сезона на „Здравствен код“.
- Кампања за втор уписен рок на УГД-ФМ.
- Гостувања на декани и продекани по повод нова учебна година и втор уписен рок.
- Контакти со сите непрофитни радиостаници во Македонија за соработка.
- Договор со студентите по новинарство за активирање во радио.
- Содржинска подготовка и уредување на Универзитетски весник.
- Обновување на содржини на веб- страниците.
- Редовно следење на настани при УГД
- Активно одговарање на сите прашања од студентите на социјалните мрежи (24 ч.)
- Следење на настан во Охрид – „Летна школа за млади лидери“ во организација на Претседателот на државата.
- Изготвување на нови монтажни единица за потребите на студентите по новинарство и волонтерите во УГД ФМ.
- Асистирање на Исар - расипан репетитор.

**Септември 2011 г.**

- Содржинска подготовка и уредување на Универзитетски весник.
- Обновување на содржини на веб -страниците.
- Редовно следење на настани при УГД.
- Гостување на ректор, декани, продекани за втор циклус и уписи.
- Следење на прв академски час.
- Договорена нова програмска шема и договорени сите соработници на УГД-ФМ.
- Гостување на претседателот на државата д-р Горѓе Иванов.
- Испраќање на потребни информации до Совет за радиодифузуја.
- Гостување за промоција на ИСО курсеви.
- Снимање на аудио за реклами.
- Нови џинглови на УГД-ФМ.
- Промоција на социјални мрежи.

### 3.4. Дополнителни активности на Центарот за односи со јавноста со неговите Оддели за маркетинг и протокол и Радио и ТВ

Со почеток од октомври 2010 година, Центарот за односи со јавноста со своите Оддел за маркетинг и протокол и Оддел за радио и ТВ започна да подготвува и проект со активности во Мултимедијалниот центар на УГД. Поконкретно, се работи за проекции на филмови и играње на театарски претстави на сцената на Мултимедијалниот центар.

Во овој проект беа опфатени следниве активности:

- 3 ноември -10 ноември: Проекција на филмот „Мајки“ на Милчо Манчевски.

- 1 декември – 16 декември: Месец на македонскиот филм
- 3 декември: Посета на Милчо Манчевски со вклучување на трибина – разговор со студентите и љубителите на филмот и уметноста, како и остварување на интервју во Универзитетското радио.

Центарот за односи со јавноста оствари и соработка со Театарот за деца и младинци. Од оваа соработка беа реализирани две детски претстави, „Македонска приказна“ која се изведуваше на 30 ноември и „Дете Голомеше“ која се изведуваше на 6 декември.

Освен тоа, во Мултимедијалниот центар беше реализирана и уште една претстава, овојпат за возрасни. Претставата со име „Како да ја убиеш сопругата и зошто“ беше изведувана во Мултимедијалниот центар на 20 декември 2010 г.

Во текот на декември, Одделот за маркетинг и протокол се вклучи и во проект „Серија на јавни дебати“ во соработка со Фондацијата за развој на локалната заедница – Штип. Одделот за маркетинг и протокол како и Одделот за радио и ТВ дадоа техничка и логистичка поддршка во организирањето на две дебати кои беа предвидени за 2010 година и една во текот на 2011 година. Дебатите беа организирани на 16 и 23 ноември 2010 г. во просториите на Кампус 2, Педагошки факултет, како и на 30 септември 2011 година.

Во текот на април 2011 година, Одделот за маркетинг и протокол заедно со Одделот за радио и ТВ реализираше премиера на филмот „Панкот не е мртов“ во Мултимедијалниот центар во Штип. Премиерата и проекциите на филмот беа во организација со Дом на млади од Штип.

Во текот на јуни-јули 2011 година, Одделот за реклама и пропаганда заедно со Одделот за радио и ТВ и во соработка со Факултетот за драмски уметности од Скопје, како и организацијата Капсула култутра организираше фестивал на театар и краток филм, кој се одржа во Мултимедијалниот центар и привлече бројна млада публика.

## VII. ЦЕНТАР ЗА ЕЛЕКТРОНСКО УЧЕЊЕ

Основната цел на Центарот за електронско учење (ЦЕУ) е да се се воведат модерни форми на учење на Универзитетот „Гоце Делчев“, нови технологии: (интерактивни табли, графички табли, мултимедиумски софтвер и хардвер, аудиовизуелна опрема и друго), како и перманентни обуки на наставници, учители, студенти и ученици од универзитети и училишта во Република Македонија.

Центарот за електронско учење моментално функционира во состав:

**Табела 1 - Моментален тим на ЦЕУ**

| Бр. | Презиме и име | Звање |
|---|---|---|
| 1 | Д-р Зоран Здравев | Доцент на Факултетот за информатика |
| 2. | М-р Ѓорги Димов | Асистент на Факултетот за информатика |
| 3. | М-р Силвана Крстева | Асистент на Технолошко – техничкиот факултет |
| 4. | Маја Мишева | Дипл. инж. инф., волонтер |
| 5. | Сања Стефанова | Дипл. инж. инф., волонтер |

## VII.1. Извештај за тековните активности на Центарот за електронско учење

Во согласност со предвидената програма за работа, Центарот за електронско учење во периодот од јануари 2011 до декември 2011 година реализираше голем број на активности. Во континуитет е даден хронолошки преглед на реализираните редовни и вонредни активности од страна на Центарот за електронско учење:

1. Во периодот од 20.1 – 31.1.2011 г. во рамките на Центарот за електронско учење се реализираа следниве тековни активности:

– Backup на системот за електронско учење Moodle и евиденција на отчитаните податоци;
– Уредување на курсеви, решавање на проблеми со кориснички невалидни профили (редовна активност);
– Евиденција на издадените сертификати за досега одржаните курсеви;
– Подготовка на неделниот електронски информатор – Е-инфо (31.1.2011 г.).

Во овој период, исто така беше изработен план за новите курсеви по електронско учење на тема: „***Постапки со електронските курсеви по завршувањето на курсевите и како со истите да се започнат нови курсеви***“.

1. Во периодот од 1.2 до 28.2.2011 г., покрај тековните активности во просториите на Центарот за електронско учење се одржаа курсевите на тема: „***Постапки со електронските курсеви по завршувањето на курсевите и како со истите да се започнат нови курсеви***“**.** На курсевите вкупно присуствуваа 101 учесници од сите 13 факултети во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“.
2. Во периодот од 1.3 до 1.4.2011 година, беа реализирани голем број на тековни активности како:

– Делегирање на права за создавање на курсеви на сите наставници и асистенти за нивните матични факултети;
– Решавање на проблеми со кориснички профили и невалидни курсеви;
– Континуирано менување и ажурирање на содржините на веб-страницата;
– Backup на системот за електронско учење Moodle и евиденција на отчитаните податоци;
– Подготовка и реализација на неделниот електронски информатор – Е-инфо (7, 14 и 21.3.2011 г.).
– Подготовка, печатење и доделување на сертификати за одржаните електронски курсеви на тема: „***Користење на ИТ алатки за е-учење***“ во Гимназијата „Добри Даскалов“ - Кавадарци.

3. Во периодот од 3.5 до 31.5.2011 г., беа реализирани следниве активности:

– Делегирање на права за создавање на курсеви на сите наставници и асистенти за нивните матични факултети. Уредување на постоечките курсеви, решавање на проблеми со кориснички невалидни профили;

- Подготовка и реализација на неделниот електронски информатор – Е-инфо;
- Backup на системот за електронско учење Moodle и евиденција на отчитаните податоци;
- Подготовка на курсевите за администрација на тема: „Напредно користење на програмите за канцelariско работење“;
- Подготовка на новите курсеви на тема „Интегрирање на ИТ алатки во наставниот процес“ за наставниот кадар поддржани преку фондацијата Фулбрајт и професор William Warrick;

4. Во периодот од 1.6 до 30.6.2011 г., во просторите на Центарот за електронско учење покрај тековните активности беа одржани курсевите за администрација на тема ***„Напредно користење на програмите за канцелариско работење“*** (6.6-16.6.2011 година), а исто така започна и реализацијата на курсевите на тема ***„Интегрирање на ИТ алатки во наставниот процес“*** за првата група на учесници (20.6-1.7.2011 год.) поддржани преку Фондацијата Фулбрајт и професор Вилијам Ворик.
5. Во периодот од 1.7 до 13.7.2011 г., Центарот за електронско учење според планираната динамика, продолжи со реализацијата на веќе започнатите кусеви ***„Интегрирање на ИТ алатки во наставниот процес“*** за наставничкиот и соработничкиот кадар (втора група на учесници 4.7 – 13.7.2011 г.). Исто така беа подготовени и доделени сертификати за успешно совладан курс на сите 38 учесници.
6. Во периодот од 8.8 до 31.8.2011 г., во рамките на Центарот за електронско учење беше извршено уредување на новата Moodle 2 платформата, постоечките курсеви и решавање на проблеми со кориснички невалидни профили. Исто така, беа реализирани и тековните активности потребни за одржување и користење на Moodle 1 платформата. Во овој период беше извршена подготовка на новите курсеви на тема „***Користење на ИТ ресурсите на УГД***“ за сите нововработени на Универзитетот „Гоце Делчев“.
7. Во периодот од 1 до 30. 9.2011 г., покрај реализација на тековните активности за одржување на Moodle 1 и 2 платформата, во просторите на ЦЕУ беа одржани курсевите на тема „***Користење на ИТ ресурсите на УГД“*** за сите нововработени на Универзитетот „Гоце Делчев“ (5.9 – 19.9.2011 г.).
8. Во периодот од 3.10 до 30.11.2011 година, во рамките на Центарот за електронско учење беа реализирани следниве активности:

- Тековно одржување на Moodle 1 платформата и постоечките курсеви;
- Уредување и одржување на Moodle 2 платформата, постоечките курсеви и решавање на проблеми со кориснички невалидни профили;
- Делегирање на права за креирање на курсеви на сите наставници и асистенти за нивните матични факултети на Moodle 2 платформата;
- Телефонска и online поддршка и изработка на упатства за користење на Moodle 2 платформата.

## VII.2. Систем за управување со учењето (Learning management System –Moodle)

Центарот за електронско учење за потребите на наставниците, соработниците и студентите на УГД го управува Системот за електронско учење. Од 2008 до јули 2011 г. се користеше верзијата на Moodle 1.9 која беше инсталирана на сервер со скромен капацитет (20 GB мемориски простор без можност за проширување). Поради тоа се случуваше на неколку пати да дојде до застој во работењето. Моменталната искористеност на овој сервер според податоците земени на 15 ноември 2011 г. е претставена во табела 2

**Табела 2 - Искористеност на Moodle 1.9 платформата (15.11.2011 г.)**

| | Вкупен број: |
|---|---|
| Курсеви: | 898 |
| Корисници: | 10852 |
| Задачи на улогите: | 50581 |
| Предавачи: | 202 |
| Пораки: | 24408 |
| Прашања: | 1600 |
| Ресурси: | 10828 |

Според официјалната статистика на moodle.org според бројот на корисници нашиот сервер со инсталиран Moodle 1.9 е меѓу првите 800 сервери на светско ниво.

**Табела 3 - Искористеност на Moodle 2.1 платформата (15.11.2011 г.)**

| | Вкупен број: |
|---|---|
| Курсеви: | 469 |
| Корисници: | 7098 |
| Задачи на улогите: | 16456 |
| Предавачи: | 202 |
| Пораки: | 1816 |
| Прашања: | 2 |
| Ресурси: | 2532 |
| **Просечен број на учесници по курс** *(Ова е индикатор дека одреден број на курсеви се без учесници т.е. креирани се само формално и реално не се користат)* | 34,98 |

| | |
|---|---|
| **Просечен број на модули по курс** *(Ова претставува број на активности по курс и реално е многу мала, што значи дека курсевите не се користат со сите можности – на ова треба да се работи за да се подобри овој просек)* | **9,30** |

Од јули 2011 г. е инсталирана нова платформа со верзија Moodle 2.1 и на сервер со поголеми можности и во многу кратко време е усвоена за редовна работа. Во табела 3 се дадени податоците кои ја дефинираат моменталната искористеност на новиот сервер според податоците земени на 15 ноември 2011 г. Вкупниот број на корисници на Moodle 2.1 платформата изнесува околу 7.098 корисници, од кои 202 се професори, асистенти и лаборанти, а останатите се студенти на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. Моментално се креирани вкупно 469 курсеви кои се активни, односно креаторите на своите курсеви водат редовна и постојана контрола на своите курсеви, за содржините, активностите и студентите зачленети во нив.

Во табела 4 е даден преглед на бројот на наставници/соработници кои го користат новиот систем за електронско учење, од сите 13 факултети во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“:

**Табела 4 - Број на наставници/соработници по факултети кои ја користат Moodle 2.1***

| | |
|---|---|
| Факултет за музичка уметност | 2 |
| Факултет за туризам и бознис логистика | 14 |
| Факултет за образовни науки | 15 |
| Факултет за медицински науки | 40 |
| Земјоделски факултет | 21 |
| Електротехнички факултет | 10 |
| Технолошко-технички факултет | 13 |
| Факултет за природни и технички науки | 34 |
| Економски факултет | 26 |
| Филолошки факултет | 21 |
| Правен факултет | 8 |
| Факултет за информатика | 16 |
| Машински факултет | 14 |
| **ВКУПНО** | **234** |

* *(напомена: во горната табела се влезени и наставници/соработници кои се од други факултети, но држат настава на споменатиот факултет – тоа значи дека некои наставници/соработници може да се повторуваат во горниве бројки, што значи дека вкупната реалната бројка од 234 е помала за 32)*

**VII.3. Реализирани курсеви**

Во рамките на Центарот за електронско учење во периодот од јануари 2011 до декември 2011 година се реализираа повеќе курсеви. Во прилог се дадени одржаните курсеви и бројот на присутни учесници по хронолошки редослед.

1. Курсевите по електронско учење на тема ***„Постапки со електронските курсеви по завршувањето на курсевите и како со истите да се започнат нови курсеви“*** се одржаа во просториите на Центарот за електронско учење во периодот од (14.2 – 21.2.2011 година).

Во рамките на овие курсеви беа презентирани некои од можностите што ги нуди Moodle платформата како:

- Правење на резервна копија и обновување на постоечките курсеви;
- Увоз на активности од други курсеви;
- Ресетирање на курсевите;
- Бришење на непотребните курсевите;
- Изработка на електронски тестови;
- Предностите на електронското тестирање.

**Табела 5 - Датум на одржување на курсот и број на присутни наставници и соработници**

| Датум на одржување на курсот | Број на присутни | Предавач |
|---|---|---|
| 1 термин (14.2.2011 год) | 18 | М-р Зоран Здравев<br>М-р Ѓорги Димов<br>Силвана Крстева<br>Никола Димитров |
| 2 термин (15.2.2011 год) | 16 | М-р Зоран Здравев<br>М-р Ѓорги Димов<br>Никола Димитров |
| 3 термин (16.2.2011 год) | 11 | М-р Зоран Здравев<br>М-р Ѓорги Димов<br>Никола Димитров |
| 4 термин (17.2.2011 год) | 16 | М-р Зоран Здравев<br>М-р Ѓорги Димов |
| 5 термин (18.2.2011 год) | 25 | М-р Зоран Здравев<br>Силвана Крстева<br>Никола Димитров |
| 6 термин (21.2.2011 год) | 15 | М-р Зоран Здравев<br>Силвана Крстева<br>Никола Димитров |
| **Вкупно:** | **101** | |

Курсевите беа организирани во групи, за наставниците и соработниците од сите 13 факултети во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ во времетраење од 2 часа. Вкупниот број на присутни наставници

и соработници на овие курсеви е 101. Во табелата 5 е даден датумот на одржување на курсот, бројот на присутни наставници и соработници, како и предавачот кој го одржал курсот.

2. Во периодот од 6.6 до 16.6.2011 година во просториите на Центарот за електронско учење се одржаа курсевите „***Напредно користење на програмите за канцелариско работење***“ наменети за административниот кадар во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“. Во рамките на овие курсеви беа презентирани некои од можностите што ги нуди Microsoft Office пакетот и тоа:

– Microsoft Word;
– Microsoft Excel и
– Microsoft Outlook.

Курсевите за администрацијата беа организирани во групи, за вработените од сите факултети во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ во времетраење од 6 часа (2 x 3h). Во табелата 6 се дадени датумите на одржување на курсот, бројот на присутни учесници, како и предавачите кои го одржале курсот. На курсот вкупно присуствуваа 159 учесници.

**Табела 6 - Датум на одржување на курсот и број на присутни учесници**

| **Датум на одржување на курсот** | **Број на присутни** | **Предавач** |
|---|---|---|
| 1 термин (6.6.2011 год) | 19 | М-р Зоран Здравев<br>М-р Ѓорги Димов<br>М-р Силвана Крстева |
| 2 термин (7.6.2011 год) | 17 | М-р Зоран Здравев<br>М-р Ѓорги Димов<br>М-р Силвана Крстева |
| 3 термин (8.6.2011 год) | 21 | М-р Зоран Здравев<br>М-р Ѓорги Димов<br>М-р Силвана Крстева |
| 4 термин (9.6.2011 год) | 20 | М-р Зоран Здравев<br>М-р Ѓорги Димов<br>М-р Силвана Крстева |
| 5 термин (13.6.2011 год) | 19 | М-р Зоран Здравев<br>М-р Силвана Крстева |
| 6 термин (14.6.2011 год) | 20 | М-р Зоран Здравев<br>М-р Ѓорги Димов |
| 7 термин (15.6.2011 год) | 21 | М-р Зоран Здравев<br>М-р Ѓорги Димов<br>М-р Силвана Крстева |
| 8 термин (16.6.2011 год) | 22 | М-р Зоран Здравев<br>М-р Ѓорги Димов<br>М-р Силвана Крстева |
| **Вкупно:** | **159** | |

3. Курсевите на тема ***„Интегрирање на ИТ алатки во наставниот процес“*** се одржаа во просториите на Центарот за електронско учење во лабораторијата бр. 23, во периодот од 20.6 до 13.7.2011 година. Курсевите ги одржа претставникот од Фулбрајт проф. д-р Вилијам Ворик. Во рамките на овие курсеви беа презентирани можностите за интегрирање на ИТ алатките (Moodle, Google, Skype или други ИТ вештини) во наставниот процес.

Во рамките на овие курсеви беа опфатени различни теми:

- Основите на Е – учење;
- Запознавање со онлајн платформите за учење;
- Moodle – можности и нивно користење;
- Проектирање на соодветни техники за Е - учење;
- Истражување на стратегии;
- Оценување на интернет ресурсите за вклучување во курсевите;
- Техники за мрежна комуникација - електронска пошта, блог, википедија и сл.;
- Активности за мрежна соработка со студентите;
- Дизајн на интерактивна настава – комбинирање на онлајн и лице в лице активности;
- Проценка и евалуација на онлајн средината.

Курсевите беа организирани во две групи, на принципот: 10 работни дена со агенда: 3 ефективни часови од (9 - 12 ч.) и 2 часа за самостојна работа со надзор на професорот. На курсот присуствуваа вкупно 38 учесници од сите 13 факултети во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“, на кои им беа доделени сертификати за успешно совладан курс.

4. Курсевите за ***„Користење ИТ ресурсите на УГД“*** за сите нововработени во рамките на Универзитетот се одржаа во периодот од (5.9 – 19.9.2011 година). Целта на овие курсеви е запознавање на нововработените со начинот на користење на постојаните ИТ ресурси на УГД и стекнување на вештини за нивна правилна и ефикасна употреба

Во рамките на овие курсеви нововработените се здобија со следниве компентенции:

- Усвојување на основните концепти на користење на компјутерите за комуникација, истражување и канцелариско работење;
- Усвојување на основните концепти на Интернет технологијата;
- Усвојување на основните концепти на офлајн и онлајн канцелариското работење;
- Усвојување на основните концепти за користење на бази на податоци
- Усвојување на основните концепти на „документ менаџмент системи“;
- Начини и правила на користење на системот;
- Начини на комуникација помеѓу лицата корисници на системот.

Курсевите за новоработените беа организирани во групи и се реализираа во три дела: канцелариско работење и комуникација,

користење на DMS и ERP системот на УГД и користење на хардверските уреди на УГД:

*Дел 1 – 3 часа*

- Оперативен систем Windows 7, фајлови, фолдери, copy/cut/paste, save/save as, интернет: користење на пребарувачи, пребарување;
- Програма за е-пошта/е-порака и личен помошник Microsoft Outlook, примање и праќање е-порака, потписи, групна е-порака, адресар, користење на календар и потсетник;
- Програма за обработка на текстови Microsoft Word, креирање документи, теркови, зачувување, печатење, користење табели, набројување, рамки, вметнување објекти, референци, прегледување и евидентирање;
- Програма за табеларни пресметки Microsoft Excel, креирање табели, зачувување, печатење, користење дополнителни листови, вметнување објекти, форматирање, вметнување формули, графичко претставување.

*Дел 2 –3 часа*

- DMS и ERP системот на УГД, внесување документи, коригирање на документи, систем за студентска евиденција.

*Дел 3 – 3 часа*

- Користење на системот за телефонија, ЛЦД проектори, преносни компјутери, токени, интерактивни табли, мерки за нивно правилно користење и заштита при работата.

Во табелата 7 е даден датумот на одржување на курсот, бројот на присутни наставници и соработници, како и предавчот кој го одржал курсот.

**Табела 7 - Датум на одржување на курсот и број на присутни учесници**

| **Датум на одржување на курсот** | **Број на присутни** | **Предавач** |
|---|---|---|
| 1 термин (5.9.2011 год) | 15 | Доц. д-р Зоран Здравев<br>М-р Ѓорги Димов<br>М-р Силвана Крстева |
| 2 термин (6.9.2011 год) | 5 | Доц. д-р Зоран Здравев<br>М-р Ѓорги Димов |
| 3 термин (7.9.2011 год) | 8 | Доц. д-р Зоран Здравев<br>М-р Ѓорги Димов |
| 4 термин (12.9.2011 год) | 13 | М-р Ѓорги Димов,<br>м-р Силвана Крстева |
| 5 термин (14.9.2011 год) | 4 | Доц. д-р Зоран Здравев<br>М-р Ѓорги Димов |
| 6 термин (16.9.2011 год) | 12 | Гоце Богатинов |
| 7 термин (19.9.2011 год) | 3 | М-р Ѓорги Димов |
| **Вкупно:** | **60** | |

Во табелата 8 е даден сумарен преглед на бројот на одржани курсеви во рамките на Центарот за електронско учење и бројот на присутни учесници во периодот од јануари 2011 до декември 2011 година.

**Табела 8 - Вкупен број на одржани курсеви и учесници**

| Одржани курсеви | Број на присутни |
|---|---|
| 1. Курсевите по електронско учење на тема ***„Постапки со електронските курсеви по завршувањето на курсевите и како со истите да се започнат нови курсеви“*** за наставници и соработници | **101** |
| 2.Курсеви по електронско учење на тема: ***„Напредно користење на програмите за канцелариско работење“*** наменети за административниот кадар | **159** |
| 3. Курсевите на тема ***„Интегрирање на ИТ алатки во наставниот процес“*** за наставници и соработници | **38** |
| 4. Курсевите на тема ***„Користење ИТ ресурсите на УГД“*** за новвработените | **60** |
| **Вкупно кандидати:** | **358** |

Центарот за електронско учење издаде вкупно 53 сертификати, од кои 38 на наставниците и соработниците кои присуствуваа на курсевите ***„Интегрирање на ИТ алатки во наставниот процес“*** и 15 на надворешни кандидати (гимназија Кавадарци).

## VIII. ОДДЕЛ ЗА СТУДЕНТСКИ ПРАШАЊА ЗА ПРВ ЦИКЛУС

На почетокот на 2011 година бројот на студенти по факултет во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ е следниот:

| Државен универзитет - „Гоце Делчев“ - Штип | Број на студенти |
|---|---|
| Правен факултет - Кочани | 1047 |
| Економски факултет - Штип | 1674 |
| Педагошки факултет - Штип | 1500 |
| Земјоделски факултет - Штип | 820 |
| Факултет за музичка уметност - Штип | 237 |
| Факултет за информатика - Штип | 1091 |
| Факултет за природни и технички науки - Штип | 1207 |
| Филолошки факултет - Штип | 764 |
| Факултет за медицински науки - Штип | 1514 |
| Факултет за туризам, бизнис и логистика - Гевгелија | 1129 |
| Електротехнички факултет - Радовиш | 158 |
| Машински факултет - Виница | 134 |
| Технолошко - технички факултет - Пробиштип | 139 |
| **ВКУПНО:** | **11.414** |

Заради поефикасно и поодговорно работење, референтите од Студентска служба се определени како одговорни по факултет по следниот распоред:

Два референти во Служба за студентски прашања, во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се определија како одговорни лица за:

– **Педагошки факултет.**

Два референти во Служба за студентски прашања во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се определија како одговорни лица за:

– **Економски факултет.**

Три референти во Служба за студентски прашања во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се определуваат како одговорни лица за:

– **Факултет за медицински науки.**

Еден референт во Служба за студентски прашања во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се определува како одговорно лице за:

– **Факултет за музичка уметност.**

Два референти во Служба за студентски прашања во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се определува како одговорно лице за:

– **Факултет за информатика.**

Два референти во Служба за студентски прашања во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се определува како одговорно лице за:

– **Факултет за природни и технички науки.**

Еден референт во Служба за студентски прашања во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се определува како одговорно лице за:

– **Технолошко-технички факултет.**

Еден референт во Служба за студентски прашања во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се определува како одговорно лице за:

– **Машински факултет.**

Еден референт во Служба за студентски прашања во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се определува како одговорно

лице за:

– **Електротехнички факултет.**

Два референти во Служба за студентски прашања во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се определува како одговорно лице за:

– **Филолошки факултет.**

Еден референт во Служба за студентски прашања во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се определува како одговорно лице за:

– **Земјоделски факултет.**

Два референти во Служба за студентски прашања во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се определува како одговорно лице за:

– **Факултет за туризам и бизнис логистика.**

Два референти во Служба за студентски прашања во согласност со Правилникот за внатрешна организација и систематизација на работните места на Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип се определува како одговорно лице за:

– **Правен факултет.**

Студентските прашања во Кампус - Струмица се проширени со двеајца референи за факултетите со дисперзии во Струмица.

Во текот на годината се одржаа три редовни сесии и две казнени (продолжена февруарска и продолжена септемвриска).

Уписите за учебната 2010/2011 година се одржаа по следниот редослед:

– Прв уписен рок - 16 - 17.8.2011 г.
– Втор уписен рок - 1 - 2.9.2011 г.
– Трет уписен рок - 15.9.2011 г.

По завршувањето на уписите, бројот на примени студенти во прва година е следниот:

| **Факултет** | **Број на запишани студенти по Конкурс во 2011/2012 година** |
|---|---|
| Економски факултет | 350 |
| Факултет за медицински науки | 546 |
| Педагошки факултет | 78 |
| Правен факултет | 181 |
| Факултет за информатика | 210 |
| Факултет за природни и технички науки | 349 |
| Земјоделски факултет | 385 |
| Факултет за музичка уметност | 74 |
| Филолошки факултет | 258 |

| | |
|---|---|
| Факилтет за туризам и бизнис логистика | 772 |
| Електротехнички факултет | 27 |
| Машински факултет | 65 |
| Технолошко-технички факултет | 103 |
| **Вкупно:** | 3.398 |

Оваа учебна година на УГД се запишаа 52 странски студенти од Турција, Бугарија, Албанија, Србија и Германија, како и 5 владини стипендисти од Србија, Албанија и Бугарија.

Бројот на дипломирани студенти за 2011 година е:
Факултет за туризам и бизнис логистика - 18
Педагошки факултет (Факултет за образовни науки) - 125
Факултет за медицински науки - 65
Факултет за информатика - 46
Земјоделски факултет - 10
Правен факултет - 66
Машински факултет - 9
ФПТН - 70

Вкупно: 409

Во текот на целата година од страна на референтите се вршеше внесување и префрлување на податоци во е-индексот. Студентите се опслужуваат преку овој новитет во врска со азни документи (уверенија, потврди и сл). Отворен е и портал за студентско сместување, каде студентите можат да се здобијат со информации за полесно изнаоѓање на сместување.

Конечен број на студенти кои студираат на УГД Штип заклучно со 11.2011 година е следниот:

| Универзитет - Гоце Делчев - Штип | Број на студенти |
|---|---|
| Правен факултет - Кочани | 1228 |
| Економски факултет - Штип | 2024 |
| Педагошки факултет - Штип | 1578 |
| Земјоделски факултет - Штип | 820 |
| Факултет за музичка уметност - Штип | 237 |
| Факултет за информатика - Штип | 1301 |
| Факултет за природни и технички науки - Штип | 1556 |
| Филолошки факултет - Штип | 1022 |
| Факултет за медицински науки - Штип | 2060 |
| Факултет за туризам, бизнис и логистика - Гевгелија | 1901 |
| Електротехнички факултет - Радовиш | 185 |
| Машински факултет - Виница | 199 |

| | |
|---|---|
| Технолошко - технички факултет - Пробиштип | 242 |
| ВКУПНО: | 14.353 |

Во текот на 2011 година се одржаа три редовни сесии (февруарска, јунска и септемвриска), една продолжена октомвриска и една продолжена мартовска согласно со календарот за студентски активности.

## IX. ОДДЕЛ ЗА НАСТАВА ЗА ВТОР И ТРЕТ ЦИКЛУС СТУДИИ

Одделот за настава за втор и трет циклус–докторски студии при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип функционира како оддел за административна поддршка на вториот и третиот циклус - докторски студии за сите единици на Универзитетот кои имаат започнато со реализирање на студиски програми од втор и трет циклус студии и постапки за пријава или одбрана докторски дисертации согласно со Измените и дополнувањата на Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 17/2011).

Својата основна функција ја вршеше во време на многубројни активности реализирани во учебната 2010/2011 година, односно во календарската 2011 година, како и започнувањето на учебната 2011/2012 година, поврзани со вториот и третиот циклус студии, пријава и одбрана на докторски дисертации согласно со Измените и дополнувањата на Законот за високото образование („Сл. весник на РМ“ бр. 17/2011), кои се однесуваат на процесирање на:

1. Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на втор циклус студии;
2. Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите – докторанди;
3. Постапките за одбрана на специјалистички и магистерски трудови;,
4. Постапка за одбрана на докторски труд;
5. Промоција на магистрирани студенти;
6. Промоција на доктор на науки;
7. Постапки за исплаќање на ангажираните наставници во вториот циклус студии во учебната 2010/2011 година;
8. Постапки за исплаќање на менторите, членовите на комисиите за спроведените одбрани на магистерски трудови и докторскиот труд во учебната 2010/2011 година;
9. Реализирање на Конкурс за запишување на студенти на втор циклус студии за учебната 2011/2012 година;
10. Реализирање на Конкурс за запишување на студенти на трет циклус-докторски студии за учебната 2011/2012 година;
11. Реализирање на Конкурс за пријавување на кандидати за докторат на ФПТН;
12. Административна поддршка при формирањето на телата и органите за трет циклус- докторски студии;
13. Изготвување на Анекс на Договорите за ангажирање на наставници во наставата за втор циклус студии за учебната 2011/2012;

14. Поднесување на барања за добивање на решенија за акредитација за трет циклус – докторски студии групирани во кампуси;
15. Процесирање на постапка за добивање на решение за почеток со работа на трет циклус студии – докторски студии;
16. Процесирање на документација до одборот за акредитација на високото образование за определување на бројот на менторствата за трет циклус – докторски студии;
17. Спроведување на постапка за формирање на електронска база на издадени трудови на наставнички и соработнички кадар при УГД;
18. Донесување на предлог-одлуки по предмети доставени до Комисијата за финансии;
19. Процесирање на постапките за избор на соработници и наставници на единиците на Универзитетот;
20. Изработка на предлог-акти за потребите на одделот и за потребите на Универзитетот, како и други тековни активности.

Фунцијата на Одделот за втор и трет циклус-докторски студии се презентира со аналитичка оценка за сите видови активности поткрепени со статистички прегледи и показатели и секако со заклучни согледувања.

Во функција на подобрување на административната поддршка на Одделот за настава за втор и трет циклус-докторски студии направени се измени на Правилницикот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитеот „Гоце Делчев“ во Штип, Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на трет циклус - докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, Правилникот за распределба на средства остварени од втор и трет циклус студии.

За реализирање на активностите на Одделот се ангажирани: проректорот за наука, секретарот за втор и трет циклус студии и Службата за студенти.

1. **Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на втор циклус студии**

Во составот на Одделот за втор и трет циклус студии функционира Студентската служба за втор и трет циклус-докторски студии, во која работните обврски ги извршуваат еден референт за студентски прашања и еден волонтер.

Службата за студенти ги опслужува сите единици на Универзитетот кои во моментов реализираат втор циклус студии: Земјоделски факултет, факултет за информатика, Правен факултет, Економски факултет, Факултет за медицински науки–специјалистички стручни студиските програми, Педагошки факултет, Факултет за природни и технички науки, Факултет за музичка уметност и Факултет за туризам и бизнис логистика.

Одделот за настава за втор и трет циклус студии во календарската 2011 година има процесирано околу 400 различни барања и молби од студенти на втор циклус студии.

2. **Молби, пријави и најразлични барања поврзани со статусот, правата и обврските на студентите на трет циклус студии – докторски студии**

Одделот за настава за втор и трет циклус студии, во календарската 2011 година има процесирано неколку различни барања и молби од студенти- докторанди.

3. **Постапки за одбрана на специјалистички и магистерски трудови**

Една од функциите на Одделот за втор и трет циклус студии е и процесирањето на јавните одбрани на специјалстичките/магистерските трудови на студентите на единиците кои имаат втор циклус студии. Одделот во текот на 2011 година процесира постапки за одбрана на специјалистички и магистерски трудови за студентите од Факултетот за природни и технички науки, Педагошкиот факултет, Економскиот факултет, Правниот факултет и Факултетот за медицински науки.

**4. Постапка за одбрана на докторски труд**

Во состав на Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип е и Факултетот за природни и технички науки – факултет кој и претходно имаше постапки за одбрани на докторски дисертации. Во извештајната година беше процесирана одбрана на докторската дисертација на кандидатот Николинка Донева, магистер на технички науки.

**5. Промоција на магистрираните студенти**

Во рамките на прославата на патрониот ден на Универзитетот, Одделот за настава за втор и трет циклус студии организираше и процесираше постапка за промоција на магистрираните студенти од сите единици на Универзитетот кои изведуваат втор циклус студии.

**6.Промоција на докторираните студенти**

Во рамките на прославата на патрониот ден на Универзитетот, Одделот за настава за втор и трет циклус студии организираше и процесираше постапка за промоција на д-р Горан Тасев, доктор на технички науки од Факултетот за природни и технички науки, кој докторира во 2010 година.

**7. Процесирање на постапките за исплаќање на ангажираните наставници во вториот циклус студии во учебната 2010/2011 година**

Една од обврските на Одделот за настава за втор и трет циклус студии е и процесирањето на документацијата потребна за исплаќање на ангажираните наставници на втор и трет циклус студии на сите единици на Универзитетот. Единиците на Универзитетот кои имаат втор циклус студии се должни до Одделот за настава за втор и трет циклус докторски студии да достават Барања за исплаќање на ангажираните наставници по завршувањето на секој семесатар, за секој наставен предмет и со поименичен список на сите студенти кои го слушале тој предмет. По

извршената проверка во извршените уплати од страна на студентите, комплетната документација се доставува до службата за сметководство на понатамошна обработка заради исплата. Во тековната 2011 година процесирани се сите барања за исплаќање на наставниците за прв и втор семесар за учебната 2010/2011 година кои биле доставени од единиците кои изведуваат втор циклус студии.

8. **Постапки за исплаќање на менторите, членовите на комисиите за спроведените одбрани на магистерски трудови во учебната 2010/2011 година**

Друга обврска на Одделот за настава за втор и трет циклус студии е и процесирањето на документацијата потребна за исплаќање на ангажираните наставници на втор и трет циклус студии на сите единици на Универзитетот, како ментори или членови на комисиите за оценка и одбрана на магистерски/специјалистички трудови. Единиците на Универзитетот каде што имало одбрани на магистерски или специјалистички трудови се должни до Одделот за настава за втор и трет циклус докторски студии да достават Барања за исплаќање на членовите на комисиите по завршувањето на одбраната на магистерскиот труд. По извршената проверка во извршените уплати од страна на студентите, комплетната документација се доставува до Службата за сметководство на понатамошна обработка заради исплата. Во тековната 2011 година процесирани се сите доставени Барања за исплаќање на наставниците кои членувале во овие комисии.

**9. Реализирање на Конкурс за запишување на студенти на втор циклус студии за учебната 2011/2012 година;**

Во текот на оваа година Универзитетот реализираше Конкурс за запишување на студенти на втор циклус студии за ушебната 2011/2012 година.

На овој Конкурс се пријавени следниов број на студенти по единици на Универзитетот како што следува:

| Р.б. | Единица на Универзитетот | Број на студенти 2011/2012 г. | | |
|---|---|---|---|---|
| | | редовни | вонредни | вкупно |
| 1 | Земјоделски факултет | 5 | 2 | 7 |
| 2 | Економски факултет | 80 | 41 | 121 |
| 3 | Правен факултет | 37 | 22 | 59 |
| 4 | Факултет за медицински науки –студиска програма на Високата здравствена школа | 56 | | 56 |
| 5 | Факултет за природни и технички науки | 18 | 13 | 31 |
| 6 | Педагошки факултет | 30 | 19 | 49 |
| 7 | Факултет за информатика | 43 | 10 | 53 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 8 | Факултет за туризам и бизнис логистика | 10 | 4 | |
| 9 | Факултет за музичка уметност | 13 | | 13 |

**10. Реализирање на Конкурс за запишување на студенти на трет циклус-докторски студии во учебната 2011/2012 година**

Врз основа на добиените решенија акредитација на студиски програми за трет циклус-докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев" беше спроведен и Конкурс за запишување на студенти на трет циклус студии-докторски студии.

На нашиот Универзитет докторските студии се конципирани да се изведуваат на ниво на кампуси во кои влегуваат единици на Универзитетот групирани според подрачјето на наставно-научно и истражувачко подрачје.

Конкурсот беше спроведен за Кампус 2 во кој спаѓаат: Земјоделскиот факултет, Факултетот за природни и технички науки и Факултетот за информатика.

**11. Реализирање на Конкурс за пријавување на кандидати за докторат на ФПТН**

Согласно со Измените и дополненијата на Законот за високото образование („Сл.весник на РМ" бр.17/2011 од 11.2.2011 година) беше овозможено магистранти кои се запишале и завршиле по студиските програми до влегување во сила на Законот за високото образование од 2008 година, да поднесат пријави за докторски дисертации, а на факултетите на кои претходно се процеуираа вакви постапки.

На нашиот Универзитет вакви постапки се процесираат само на Факултетот за природни и технички науки.

**12. Административна поддршка при формирањето на телата и органите за трет циклус- докторски студии**

Одделот за втор и трет циклус студии е формиран за да даде административна поддршка на органите и телата на вториот и на третиот циклус-докторски студии.

Во таа насока беше спроведна постапка за конституирање на Наставно – научниот совет на докторски студии на ниво на Кампус 2 и формирани Совет на докторски студии на ниво на Универзитет, Совет на докторски студии на ниво на кампус и Конкурсна комисија за спроведување на Конкурсот за запишување на студенти на трет циклус-докторски студии во учебната 2011-2012 година.

**13. Изготвување на анекс на договорите за ангажирање на наставници во наставата за втор циклус студии за учебната 2011/2012 г.**

Од страна на Одделот беа изготвени сите анекси на договорите за ангажирање на наставници за наставата за втор циклус студии за учебната 2011/2012 година за сите девет единици кои изведуваат и втор циклус студии. За овие потреби беше ангажиран еден волонтер.

**14. Поднесување на барања за добивање на решенија за акредитација за трет циклус – докторски студии групирани во кампуси**

Одделот за настава за втор и трет циклус студии до Одборот за акредитација на високото образование достави барања за добивање на решенија за акредитации на трет циклус студии на единиците на Универзитетот групирани во кампуси: Кампус 2: Природни, технички и биотехнички науки; Кампус 3: Медицински науки; Кампус 4: Општествени хуманистички и музички науки.

**15. Процесирање на постапка за добивање на решение за почеток со работа на трет циклус студии – докторски студии**

Одделот за настава за втор и трет циклус студии до Министерството за образование достави и барање за добивање на решение за за почеток со работа на трет циклус студии – докторски студии за акредитираните студиски програми.

**16. Процесирање на документација до Одборот за акредитација на високото образование за определување на бројот на менторствата за трет циклус – докторски студии**

Согласно со Законот за високото образование и неговите измени и дополненија, Одделот спроведе постапка за комплетирање на барањето за одобрување на бројот на менторства за докторанди на третиот циклус студии.

**17. Спроведување на постапка за формирање на електронска база на издадени трудови на наставнички и соработнички кадар при УГД**

За потребите на Универзитетот и Министерството за образование и наука, Одделот спроведе постапка за прибирање на издадени трудови на наставничкиот и соработничкиот кадар и доставување на истите до МОН.

**18. Донесување на предлог-одлуки по предмети доставени до Комисијата за финансии**

Работењето на Комисијата за финансии е дел од обврските на проректорот за наука. Сите барања доставени од студентите се разгледани и по истите се донесени соодветни предлог–одлуки кои понатаму се проследени до Ректорската управа, за одлучување.

**19. Процесирање на постапките за избор на соработници и наставници на единиците на Универзитетот**

Во текот на 2011 година во Одделот за втор и трет циклус – докторски студии процесирани се постапки за избор на наставници и соработници на сите единици на Универзитетот што се однесува на избор на соработници и наставници, реизбор на соработници и наставници, како и предвремени постапки за избор на наставници.

Во Одделот согласно со Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, разгледувани се сите досиеја формирани по распишани Конкурси од аспект на правилна примена на Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во делот на спроведување на постапките за избор на наставници и соработници и објавувањето на рефератите од рецензентските комисии во Универзитетскиот билтен.

**20. Изработка на предлог-акти за потребите на Одделот и за потребите на Универзитетот, како и други тековни активности**

Во календарската 2011 г. во Одделот за втор и трет циклус студии беа изработени и процесирани следните предлог акти:

- ПРАВИЛНИК за изменување и дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- Измени и дополнувања на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање на втор циклус студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- Измени и дополнувања на Правилникот за условите, критериумите и правилата за запишување и студирање во трет циклус – докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
- Апликации по Конкурс за запишување на студенти за втор циклус студии за учебната 2011-2012 година;
- Апликации по Конкурс за запишување на студенти на трет циклус-докторски студии во учебата 2011-2012 година;
- Договри за студирање за студентите на втор циклус студии во 2011-2012 година;
- Договори за студирање за студентите на трет циклус-докторски студии во учебната 2011-2012 година;
- -Чек листа за исполнување на услови за избор во звање редовен професор;
- Чек листа за исполнување на услови за избор во звање вонреден професор;
- Чек листа за исполнување на услови за избор во звање доцент.

**ЗАКЛУЧОЦИ**

Споредувајќи ги статистичките податоци за предметното работење на Одделот за втор и трет циклус- докторски студии на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во 2010 година и во 2011 година, може да се заклучи дека во извештајната година е обезбеден висок степен на стручност, ажурност и квалитет во постапувањето при извршувањето на задачите и обврските на вработените во овој оддел.

Обемот на обврските и работните задачи на вработените во овој оддел во споредба со минатата година е значително зголемен, но сепак е задржано високо ниво на квалитет и квантитет во извршувањето на работните задачи.

Разгледувајќи ги сите активности кои се преземани во Одделот за втор и трет циклус студии, може да се заклучи дека Одделот успешно ги извршувал своите обврски и ги исполнувал своите задачи, квалитетно и навремено.

Во наредниот период треба да се идентификуваат евентуални слабости и недоследности при извршувањето на функциите со континуирано следење на работењето на сите извршители во овој оддел и решавање на евентуалните поплаки и забелешки од студентите или професорите ангажирани на вториот циклус студии.

## X. ОДДЕЛ ЗА ОПШТИ И ЗАЕДНИЧКИ РАБОТИ

**X.1. Чуварската служба** од почетокот на 2011 година е бројно зглолемена за шест луѓе поради пуштање во употреба на нови објекти. Моментално Службата брои четириесет и тројца чувари, кои обезбедуваат седумнаеесет објекти од кои пет се обезбедуваат со патрола. Исто така оваа година воведена е евиденција на која точно се гледа кога и каде е извршена обиколка и контрола од страна на чуварот со ставање на потпис на контролен картон кој е поставен на точно одредени места во објектот. Тоа се се простории кои се изложени на поголем ризик од пожари, поплави како на пример лаборатории, котлари и рак соби. Службата во текот на годината има интервенирано повеќе пати во спречување на кражби. На 15.2.2011 г. е спречена кражба на железо во Кампус -2. Обезбедувањето ги фати крадците и е повикана полиција која ги приведе крадците. На 24.3.2011 г.во Факултетот по информатика е фатен крадец кој се обидува да влезе во канцелариите. Истиот е забележан на камерите, веднаш е фатен од чуварот и е предаден на полицијата. На ВЗШ камерата регистрираше крадец кој влегува по канцелариите и со помош на полицијата истиот е идентификуван и фатен. Со цел подобрување на квалитетот на работа на чуварската служба, применето е казнување на вработен и наградување на друг вбработен со што се добива еден натпреварувачки дух кога е во прашање работата. Исто така, направена е и спецификација за набавка на професионален видео надзор. Набавени се нови униформи за чуварите кои се по сите стандарди за обезбедување.Воведена е и прва смена на обезбедување во Кампус 2 поради паркинг просторот, бидејќи постојано влегуваа возила кои немаат никаква работа таму и за брзо време е воведен ред на паркингот. Поставено е и обезбедување во спортската сала, каде што обезбедуваат само во вечерните часови. На патролата е отстапен скутер за патролирање со што ќе можат побрзо да реагираат при интервенции.

**X.2. Хигенската служба** исто така оваа година е бројно зголемена и сега брои четериесет и три хигиеничарки, распоредена во шестнаесет објекти. Во Штип се примени пет хигиеничарки, во Скопје една хигиеничарка и во Гевгелија една хигиеничарка, а отказно решение добија

две хигеничарки во Радовиш и во Гевгелија, бидејќи не беа соодветни за извршување на таа работа. Во Кампус 2 и во Ректоратот е воведена втора смена од 11 часот до 19 часот поради големата фреквенција на луѓе. Направено е задолжение за чистење на ресторанот -ј преку неделата го чистат хигиеничарките од Ректоратот, а додека за викендите се ротираат сите хигиеничарки од целиот Универзитет. Исто така, воведена е прва смена во спортската сала, која мора да биде чиста за да ги исполни стандардите за хигиена. Набавени се нови униформи по сите стандарди со што се добива слика за една модерна служба.Во тек е изработка на спецификација за тендер за набавка на колички со цели сетови за чистење. Како во Чуварската служба, така и во Хигиенскта служба се применува методот на казнување и наградување. Во текот на годината се казнети пет хигиеничарки, а исто толку се и наградени. Во текот на годината се организирани повеќе акции за чистење, со испраќање на хигиеничарки во другите градови за правење на генерално чистење на објектите. Побарано е и ангажирање на уште една хигиеничарка во Кавадарци бидејќи се отвори уште еден спрат и постечката хигеничарка не може сама да постигне во чистењето. ЗаКампус 4 кој беше пуштен во употреба оваа година се ангажирани пет хигиеничарки, кои до сега добро ја извршуваат работата. Постојат објекти, како Универзитетската библотеката, зградата на бетон и Амзибегово каде се чисти три пати неделно, во согласност со потребите.

## XI. ИТ ЦЕНТАР

На почетокот на 2011 година ИТ центарот имаше задача и цел да продолжи со обезбедување на квалитетни услуги кон УГД преку планирање и развој на универзитетската ИТ инфраструктурата.

### XI.1. ERP, CRM

Како во изминатата и оваа година ИТ центарот продолжи со развојот на платформата студентски индекс и ЕРП кои имаат важно место во работата на УГД. За таа цел во секторот за Апликативен софтвер се ангажираа дополнително лица – волонтери кои го засилуваа функционирањето на оваа платформа.

Бидејќи оваа платформа е сè уште во развој беше потребно и понатаму да имаме поддршка од фирмата Логин, која го адаптира. Оваа поддршка е во вид на склучен договор за одржување во траење од една година.

Следат конкретни точки од работата на секторот за апликативен софтвер во врска со ERP, CRM платформата:

- Тековна бизнис анализа и дизајн на системот за Студентска служба;
- Тестирање и продукција на нови функционалности во системот за Студентска служба;
- Сервисирање, анализа, дизајн, тестирање и продукција на функционалности потребни за модулот за човечки ресурси и модул за јавни набавки;
- Тековно сервисирање на секретарите на единиците во делот на изготвување на системските решенија за ангажман на редовно

вработениот наставнички и соработнички кадар;
- Тековно сервисирање на референтите на Студентска служба во делот на системското и административното процесирање на студентите;
- Тековно сервисирање на студенти (преку е-пошта и телефон) во однос на системското и административното процесирање на нивните студентски активности, разрешување на проблеми и коректно насочување и упатување на истите;
- Тековна комуникација со Кабинетот на ректорот, Кабинет на проректорот за настава и Кабинет на генералниот секретар во насока на разрешување на појавени прашања и ситуации, согласно со постоечките правилници за прв циклус на студии;
- Пуштање во употреба на функционалност за електронско пријавување на испити за студентите од Студиска програма 2010/2011 со контрола на финансиски трансакции (почнувајќи од априлска сесија, 2011 година);
- Пуштање во употреба на функционалност за електронско пријавување на испити за студентите од Студиски програми 2009/2010 и 2011/2012 со контрола на финансиски трансакции (почеток од февруарска сесија 2012 година);
- Пуштање во употреба на функционалност за електронско пријавување на семинарски работи со контрола на финансиски трансакции за студентите од студиски програми 2009/2010, 2010/2011 и 2011/2012;
- Интеграција на NAPSYS системот за наплата на административна такса преку СМС на Министерство за информатичко општество и администрација со Системот за студентска служба;
- Пуштање во продукција на Системот за праќање на персонализирани и групни СМС пораки;
- Успешно спроведување на уписите во учебната 2011/2012 година, во делот на техничката, системска и административната реализација на истите, како и консеквентно администрирање (префрлување) на студентите кои се примени и запишани во Системот за студентска служба;
- Системско спроведување на одлуките за префрлување на студентите по сите можни основи во учебната 2011/2012 година, со комплетна контрола на финансиските трансакции;
- Реализација на обука за имплементација на платформата Microsoft Dynamics CRM 2011 (учесници: Илија Лазаревски, ИТ-администратор и Ристе Тимовски, ИТ-администратор).

**XI.2. Систем за електронска евиденција на пристап и работно време (Tamacs)**
- Тековно одржување на апликацијата Tamacs.
- Генерирање на сите потребни и побарани извештаи од страна на Службата за човечки ресурси од Tamacs и/или од дедицираната дата база.
- Администрирање на интерната организација на апликацијата.

### XI.3. FACIT – библиотека

- Тековно одржување на апликацијата (FACIT + Web catalog).
- Постојана координација и склучен договор за одржување и техничка поддршка со Интек системи и Универзитетската библиотека во насока на средување на сите постоечки проблематични аспекти на апликацијата, а во поглед на задоволување на корисничките барања.

### XI.4. Smart cards

До моментот на составување на овој извештај, испечатени и сертифицирани се околу 2.500 картички за нови студенти од првиот уписен рок. Процедурата продолжува и понатаму се додека не се реализира бројката на запишани нови студенти во новата учебна година.

### XI.5. Кампус договор за Microsoft лиценци

Реализиран е новиот договор за тригодишно користење на Microsoft софтверски лиценци. Овој договор опфаќа широк спектар на лиценци за оперативни системи и софтверски пакети за канцелариска работа кои ќе се користат од страна на вработените и студентите, па се до продукциски софтвер за правилно функционирање на ИТ сервисите на УГД. Шемата на плаќање на овој договор е дадена во следната табела

| | 2011 | 2012 | 2013 | Total |
|---|---|---|---|---|
| Campus Agreement | 23.000,00 | 57.501,02 | 60.411,98 | 140.913,00 |
| Лиценци | 0,00 | 18.792,00 | 0 | 18.792,00 |
| Enhancement Plan | 24.120,00 | 26.712,00 | 26.712,00 | 77.544,00 |
| Total USD | 47.120,00 | 103.005,02 | 87.123,98 | 237.249,00 |
| Total MKD | 2.261.760,00 | 4.944.240,96 | 4.181.951,04 | 11.387.952,00 |
| Total EUR | 36.776,59 | 80.394,16 | 67.999,20 | 185.169,95 |
| Raspredelba po godini | 19,86% | 43,42% | 36,72% | 100,00% |

***Табела 1*** **– процентуален износ за плаќање по година**

### XI.6. Безжичен систем за студенти и вработени

Монтажата одеше според потребите за безжично покривање.

Моменталната состојба на покриеност со безжична мрежа е 98% (не е покриен објектот во Скопје и Спортската сала во Штип).

**Access Point Summary**

| | Total | Up | Down |
|---|---|---|---|
| 802.11a/n Radios | 41 | 41 | 0 |
| 802.11b/g/n Radios | 41 | 41 | 0 |
| All APs | 41 | 41 | 0 |

***Табела 2*** **- број на монтирани access point – и**

Поради малиот процент на искористеност на оваа мрежа спуштено е нивото на сигурност. Ова значи дека студентите и вработените сега имаат можност да работат безжично ако се најават на UGD WEBAUTH само со своето корисничко име и лозинка.

**Top WLANs**

| Profile Name |
|---|
| UGD WEBAUTH |
| UGD STUDENTS |
| UGD MAC |
| UGD LAPTOPS |
| cisco |

***Табела 3*** **– Најмногу користени мрежи**

**XI.7. Изготвување на спецификација и реализација на јавна набавка за пасивна мрежна опрема (мрежен кабел, patch cords, мрежни приклучници, напонски утичници за Legrand канал)**

Оваа опрема е планирана за мрежно оспособување на нови простории и објекти во понатамошниот развој на УГД.

**XI.8. Јавни набавки за телефонија, интернет услуги и линкови**

Изготвена е спецификација која е доставена до Секторот за јавни набавки. Набавките се распишани поради истекот на едногодишните договори со постоечките оператори. За разлика од претходните години, периодот на траење на овие договори наместо на една ќе биде склучен на 2 години.

**XI.9. Оптичко поврзување втора фаза**

Втората фаза продолжи во март оваа година. Добиени се нови одобренија за градба и поставување на бандери од Општина Штип. Ова важи за воздушната патека на релација Медицински факултет (ВЗШ) – Библиотека – Факултет за музичка уметност.

Проекција за завршување на целата фаза е крајот на годината. Целосниот проект и документација за изведбата ќе биде доставен по завршување и пуштање во употреба на оваа оптичка инсталација.

**XI.10. Видеоконференции**

Продолжена е соработката за видеоконференциски предавања од страна на професорката Лилјана Стевчева. Овие предавања се одржуваат

во просториите на Факултетот за медицински науки (текстилното училиште) секоја сабота.

Во втората половина од оваа година (прв семестар од учебната 2011/2012) немавме информација и барање за одржување на видеоконференции со Специјална болница „Филип Втори“, па истите не се одржуваа.

### XI.11. Јавна набавка на ИТ опрема

Во план беше изготвување на спецификација и објавување на јавна набавка на потребна ИТ опрема и надградби на телефонска централа, но поради ограничениот буџет е договорено истата да се реализира во почетокот на наредната година.

### XI.12. ISO9001

Изготвувањето на процедури и правила за работата на ИТ центарот по ISO9001 стандард за квалитет е во крајна фаза**.** Процедурите и работните упатства беа завршени во почетокот на оваа година, но поради изготвувањето на новата организација на ИТ центарот потребно е истите да се коригираат согласно со новата шема.




***Слика 1*** **– Организација на ИТ центар**

### XI.13. Обуки

Извршени се обуки за користење на ИТ опрема на нови вработени во центарот за електронско учење.

**XI.14. ИТ опрема**

Добиена е различна ИТ опрема по неколку проекти на УГД.

ИТ центарот учествуваше во изработка на спецификација и реализирање на јавна набавка за добивање на ИТ опрема преку проекти на професори. Дел од оваа опрема веќе е пристигната по претходна нарачка.

**XI.15. СМС услуги**

Во почетокот на оваа година завршена е мала набавка и склучен е договор за СМС услуги со фирмата Blue zone. Овозможен и интегриран е софтверскиот систем за праќање на кратки пораки кон студентите и вработените со кои ќе се известуваат за некои критични настани.

**XI.16. Портал за студентско сместување**

Пуштен е во употреба професионалното веб ориентирано решение (портал) за студентско сместување. Извршена е промоција и запознавање на студентите со истото преку системот за електронско огласување и универзитетското радио.

**XI.17. Docushare**

Реализирана е малата набавка со која ќе се обезбеди надградба и одржување на DMS Xerox Docushare.

**XI.18. Обуки во ИТ центарот**

Дел од вработените во ИТ центарот зедоа активно учество во наменски обуки и посета на курсеви во странство со што се здобија со нови знаења и способности за развојот и унапредувањето на одредени области од ИТ сервисите кои ги обезбедува центарот.

**XI.19. Акција**

По однапред договореното, акцијата за замена на десктоп компјутерите на професорите по факултетите со преносни компјутери започна во јуни и заврши во октомври. Со ова се постигна поголема мобилност на професорите, а воедно и нивна заштита на личните податоци како и сервисна поддршка од центарот. Во прилог на овој извештај даден е документ (табела во Excel) за моменталната состојба на лицата задолжени со преносни компјутери.

**XI.20. Идни планирања**

Центарот како динамична средина не претстанува со имплементирање на нови сервиси, како и менување и подобрување на старите. Во фаза на планирање за наредната година е миграција на виртуелната продукциската околина на сервери на Microsoft технологија Hyper-V, со што ќе се добие поголема флексибилност со лиценцирањето на овој продукт, како и поголема поддршка од Microsoft сервисите во Македонија.

Планиран е и развој на helpdesk систем за пријавување и разрешување на разни проблеми на вработените и студентите по електронски пат. Овој

систем ќе има предност во тоа што сите записи (пријавувања) од страна на корисниците ќе ги чува во база за понатамошна обработка и анализа што е директно поврзано со системот за квалитет на УГД.

## XII. УНИВЕРЗИТЕТСКА БИБЛИОТЕКА

Универзитетската библиотека претставува место каде се врши прием на библиотечниот материјал, се прави стручна обработка (комплетна рачна и компјутерска) и така обработениот библиотечен материјал се дистрибуира до библиотеките на единиците на Универзитетот. Воедно, таа е и координатор на работата и активноста на библиотеките на единиците при УГД.

Во текот на 2011 година во Универзитетската библиотека при УГД се реализирани низа активности.

Универзитетската библиотека  вршеше зголемување на фондот на книги, преку набавка на нови наслови и публикации од земјава и од странство.

Еден од факторите за успешно одвивање на библиотечната дејност за одреден период е библиотеката да води  библиотечна статистика според позитивните законски прописи. Нашата библиотека ја води  таа евиденција и статистика, која се состои од: евидентирање на библиотечниот  фонд и услуги, евидентирање на уписот на корисниците, изготвување листи за дневно и месечно следење на користењето на  бибилотечните услуги и сл. На крајот, врз основа на сето ова, се изготвуваат  статистички извештаи.

Исто како и досега, новодобиените книги најнапред се евидентираа, т.е.  архивираа во Деловодна книга, а за книгите кои беа  набавени со фактура се   изготви  сметководствена пресметка поединечно на секоја книга. Понатаму се изврши техничка и стручна обработка (каталогизација на библиотечниот материјал) според најнови меѓународни стандарди за библиотечно работење (UNIMARK). Обработката се состоеше од техничка, рачна обработка–најпрво се изврши потпечатување и инвентарирање на секоја публикација, а потоа следуваше евидентирање на секоја  публикација во инвентарна книга за секоја единица (факултет) поединечно. Потоа се изврши каталогизирање на публикацијата по универзална децимална класификација (УДК), односно по научни области и од компјутерско обработување во Facit  програмата. Компјутерската обработка на книги одеше со доста тешкотии, бидејќи одделни сегменти од програмата повремено не функционираа или тековно се менуваа со што ни се создаваше дополнителна работа. Сите наши забелешки и сугестии во врска со проблемите поврзани со функционирањето на Facit програмата континуирано беа  доставени во форма на барања до програмерите и сопствениците на истата.

Преку Facit софтверот за библиотечно работење продолжи водењето комплетна база на податоци за вкупниот библиотечен фонд на библиотеките на ниво на Универзитетот. Преку целосна компјутеризација и мрежно поврзување на Централната библиотека со библиотеките на факултетите, сите студенти, наставничкиот кадар и останатите вработени

на Универзитетот ќе имаат пристап до сите информации кои се однесуваат на библиотечниот фонд со кој располага Универзитетската библиотека. Очекуваме ова да биде реализирано во 2012 година.

По извршената анализа, од наша страна беа дадени сугестии и предлози до сопствениците и програмерите на оваа програма и беше укажувано на нејзините слабости, со цел истата успешно и целосно да функционира. Сите наши сугестии во целост беа прифатени, но сè уште постојат сегменти кои треба да се решат, како би можеле континуирано да работиме на истата.

Во 2011 година во Универзитетската библиотека вкупно се добиени и комплетно технички и стручно обработени 21.416 книги од кои 3.385 наслови и 18.031 дупликат.

Во вкупниот број на обработени 21.416 книги влегуваат: 14.427 домашни книги (од кои уникати се 2.158 и дупликат 12.269) и 6.989 странски книги (од кои уникат 1.227, дупликат 5.762). Во странските книги влегуваат: американски, англиски и турски. Вкупниот број на обработени книги се дадени во следната табела:

| | Вкупно | Домашни | Странски |
|---|---|---|---|
| Вкупно | 21416 | 14427 | 6989 |
| Уникат | 3385 | 2158 | 1227 |
| Дупликат | 18031 | 12269 | 5762 |

Исто така во обработениот библиотечен материјал влегуваат и 282 CD (9 уникати + 273 дупликати), 70 DVD (2 уникати + 168 дупликати) и 20 аудио касети.

По извршената обработка на бибилотечниот материјал (книги, цедиињa и др.), се изготвени задолженија (материјално и финансиски) за секоја библиотека на факултетите (14 единици) кои заедно со обработените книги се доставени до нив. Во тие новодобиени книги влегуваат книги кои се подарок од Владата на Република Македонија од проектот „Превод на 500 книги од најреномираните универзитети во САД и Англија, а од областа на правото во Франција и Германија“, потоа книги набавени по фактури, книги донирани од International book project, од Британскиот совет и од Државната турска агенција - ТИКА (турска администрација за меѓународна соработка).

Вкупно обработениот библиотечен материјал компјутерски во Програмата Facit во 2011 година изнесува 26.996 книги од кои 3.583 наслови или уникати. Податоците за компјутерската обработка на библиотечниот материјал поединечно за секој факултет се дадени во табеларниот преглед кој е на крајот од извештајот.

Вработените од библиотеката учествуваа и во организирање и распределување на комплетно обработените книги по факултети со соодветни задолженија.

Се изврши средување и подредување на обработените книги на рафтовите во Централна библиотека, во бибиотеката на Кампус 2 и

бибилотеката на Кампус 4. Класифицирање и подредување на книгите по научни области односно по универзална децимална класификација.

Примарна цел на Универзитетската библиотека е давање на библиотечни услуги со моментално расположливиот книжен фонд на студентите од прв и втор циклус на студии, на наставниот кадар и останатите вработени.

Во 2011 г. се отвори библиотека во Кампус 4, која заедно со бибилотеката во Кампус 2 даваше библиотечни услуги, како и користење на читалниците од страна на студентите, користење на читалниците од страна на професорите за одржување часови и полагање на испити.

Врз основа на бибилотечната евиденција во Кампус 2 вкупниот број на услужени корисници во 2011 година изнесува 8.371. Од нив бројот на студенти кои користеле библиотечна услуга изнесува 5.689, додека бројот на наставничкиот кадар кои користеле библиотечни услуги е 1.282. Библиотечни услуги користеле и студентите на постдипломски студии чиј број изнесува 700, додека останати вработени 700. Во Кампус 4 бибилотечна услуга користеле 512 корисници. Библиотечни услуги се давани и на останатите факултети од страна на техничките секретарки. Бројот на зачленети и услужени корисници по факултети е даден во посебен преглед кој е даден во прилог на извештајот.

Беше извршена обработка и средување на податоците потребни од инвентарни книги и од програмата за статистичка анализа и изготвување на статистички извештај за 2010 година и доставување на истиот до Државен завод за статистика - Штип. На веќе обработени 233 книги од Централна бибилотека се направи преинвентарирање за Наставен центар - Струмица и се изврши нивно повторно компјутерско обработување и дистрибуитање.

Вработените од Универзитетската библиотека го посетија Саемот на книгата што се одржува секоја година во Скопје во април 2011 година, како и на Саемот на книгата одржан во НУБ „Гоце Делчев“ - Штип. Исто така, присуствуваа на промоција на монографска публикација на Кирил Манев во Национална библиотека „Гоце Делчев”, на промоцијата на книги во Кампус IV, како и на промоцијата на Каталогот на изданијата на УГД 2010 и на други организирани активности.

На покана на НУ Универзитетска бибилотека „Гоце Делчев“ Штип, во септември 2011 година библиотекарите присуствуваа на предавањата од областа на библиотекарството на тема „Вештини на бибилотекарите во 21 век“., од страна на Alka Bhatnagar, регионален советник за информациони центри, со седиште во Белград.

Универзитетската библиотека во 2011 година соработуваше со НУБ „Гоце Делчев“ Штип и НУБ „Св. Климент Охридски“ Скопје.

Во Универзитетската библиотека пристигнаа и сè уште пристигнуваат нови книги, како набавени така и подарок од Владата на Република Македонија, на кои интензивно работиме. Новопристигнатите книги во последните месеци на 2011 година се: од Министерството за култура,

турски книги донација од Државна турска агенција- ТИКА (турска администрација за меѓународна соработка), од ПЗУ Специјална болница по хируршки болести „Филип Втори“, како и магистерските трудови на студенти од втор циклус студии.

Како активност на УБ претставува и: информирање и праќање на е-пораки до факултетите за недоставените книги по фактури (постојано потсетување за ненавременото доставување на истите во библиотека), како и континуирано соочување со проблеми во однос на дистрибуирањето на веќе обработените книги до матичните факултети и на доставувањето на необработените книги до нашите простории, како и други тековни активности во согласност со Правилникот на Универзитетската библиотека.

Податоците за новодобиени и обработени книги за 2011 година во библиотеките по факултети се дадени во следниот преглед:

**Новодобиени и обработени книги во Универзитетската библиотека при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип за 2011 година по факултети**

| Ред. број | Организациона единица | Вкупен број на книги | Наслови |
|---|---|---|---|
| 1. | Педагошки факултет | 1.511 | 250 |
| 2. | Факултет за природни и технички науки | 1.941 | 205 |
| 3. | Земјоделски факултет | 1.291 | 225 |
| 4. | Факултет за информатика | 2.226 | 118 |
| 5. | Техничко-технолошки факултет | 239 | 87 |
| 6. | Факултет за музичка уметност | 231 | 8 |
| 7. | Електротехнички факултет | 901 | 165 |
| 8. | Факултет за медицински науки | 3.304 | 149 |
| 9, | Филолошки факултет | 3.001 | 964 |
| 10. | Факултет за туризам и бизнис логистика | 523 | 239 |
| 11. | Машински факултет | 520 | 125 |
| 12. | Правен факултет | 2.313 | 166 |
| 13. | Економски факултет | 1.778 | 183 |
| 14. | Ректорат | 194 | 102 |
| 15. | Централна библиотека | 1.140 | 96 |
| 16. | Институт за историја и археологија | / | / |
| 17. | Наставен центар - Струмица | 303 | 303 |
| | Вкупно | 21.416 | 3.385 |

Податоци за вкупниот број на компјутерски обработени книги за 2011 година во библиотеките по факултети се дадени во следниот преглед:

**Компјутерски обработени книги во Facit програмата во Универзитетската библиотека при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип во 2011 година по факултети**

| Ред. број | Организациона единица | Вкупен број книги | Наслови |
|---|---|---|---|
| 1. | Педагошки факултет | 1.191 | 226 |
| 2. | Факултет за природни и технички науки | 2.695 | 211 |
| 3. | Земјоделски факултет | 1.972 | 233 |
| 4. | Факултет за информатика | 2.135 | 201 |
| 5. | Техничко-технолошки факултет | 515 | 202 |
| 6. | Факултет за музичка уметност | 603 | 179 |
| 7. | Електротехнички факултет | 1.354 | 245 |
| 8. | Факултет за медицински науки | 2.453 | 206 |
| 9, | Филолошки факултет | 763 | 336 |
| 10. | Факултет за туризам и бизнис логистика | 662 | 205 |
| 11. | Машински факултет | 1.141 | 211 |
| 12. | Правен факултет | 6.563 | 211 |
| 13. | Економски факултет | 2.763 | 224 |
| 14. | Ректорат | 415 | 209 |
| 15. | Централна библиотека | 1.533 | 246 |
| 16. | Наставен центар Струмица | 238 | 238 |
| | Вкупно | 26.996 | 3.583 |

**Вкупно зачленети и услужени корисници во библиотеките по факултети при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип за 2011 година**

| Ред. број | Организациона единица | Зачленети во 2011 | Вкупно зачленети | Вкупно Услужени во 2011 |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Педагошки факултет | 38 | 578 | 4.290 |
| 2. | Факултет за природни и техни. науки | 64 | 473 | 4.021 |
| 3. | Земјоделски факултет | 9 | 66 | 37 |
| 4. | Факултет за информатика | / | 198 | 463 |
| 5. | Техничко-технолошки факултет | 30 | 30 | 65 |
| 6. | Факултет за музичка уметност | / | / | / |
| 7. | Електротехнички факултет | 78 | 78 | 72 |
| 8. | Факултет за медицински науки | / | / | / |
| 9, | Филолошки факултет | 81 | 132 | 460 |
| 10. | Факултет за туризам и бизнис логистика | 24 | 26 | 26 |
| 11. | Машински факултет | 46 | 46 | 46 |
| 12. | Правен факултет | 55 | 55 | 106 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 13. | Економски факултет-Центар за кариера | / | 169 | 230 |
| | Вкупно | 425 | 1.851 | 9.816 |

## XIII. ЦЕНТАР ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТ

**Вовед**

Согласно со Планот за работа за 2011, активностите на Центарот за обезбедување на квалитет на УГД беа фокусирани во правец на неколку групи активности и тоа:

1. Подготовка и почеток на активности поврзани со имплементација на Системот за управување со квалитет ISO 9001:2008;
2. Организирање на обуки во соработка со TUV Rheinland Романија.

Подетален опис со хорнологија на активностите поврзани со имплементација на Системот за управување со квалитет ISO 9001:2008 е даден во продолжение.

**Хронолошки приказ на активностите**

Првата активност беше завршена заклучно со март, каде беше дефинирано подрачјето на имплементација на системот за квалитет: Кампус I – Ректорат (согласно со постојната Организациона шема на УГД објавена во Универзитетски гласник 12).

Со цел успешно имплементирање на стандардот, активностите на Центарот за квалитет беа максимално насочени кон преглед на целата документација која е произлезена од работата на Универзитетот од основањето до сега и во рамките на овие подготвителни активности посебно внимание беше посветено на утврдување на главните високообразовни процеси во Кампус I (core) и помошни процеси за реализација на активности кои ни ја претставуваат основата за имплементација на Системот за управување со квалитет ISO 9001:2008.

Согласно со дефинираните процеси, следен чекор беше дефинирање на темпото на работење на Центарот за квалитет во насока на имплементирање на стандардот и беа направени првични состаноци со раководството.

Откако беа дефинирани главните и помошни процеси во Ректоратот, изготвен беше предлог Прирачник за квалитет, кој ќе подлежи на модификација и во наредната фаза од имплементација на стандардот, согласно со динамиката на дефинирање на правилници, правила, работни упатства на внатрешно-организационите единици и стручната и административна служба на Универзитетот (оддели и центри).

Беа дефинирани сите утврдени нивоа на документација во следните оддели и внатрешно организациони единици (центри) согласно со утврдените работни процеси: архива, човекови ресурси, јавни набавки, Одделот за одржување и развој, Оддел за издавачка дејност, Оддел за маркетинг и протокол, ИТ центар и дел од Секретаријат.

Во времето на пишување на овој извештај, во фаза на изработка се утврдените нивоа на документација согласно утврдените работни

процеси во следниве оддели: Сметководство и Оддел за радио и ТВ, како и Секретаријат.

Во процесот на имплементација на стандардот беа настанати неколку измени во однос на организациската структура на одделите и центрите кои повлекоа измени и во веќе утврдените документи, па поради тоа беше извршена ревизија на сите документи поврзани со работата на овие оддели и центри.

**Предлог-план на активности поврзани со имплементација на Системот за управување со квалитет ISO 9001:2008 во 2012 година**

Заради подобра прегледност активностите се синтетизирани табеларно во продолжение. За секоја активност е дефинирана временската рамка и периодот на реализација.

<table>
<tr><th>Опис на активност</th><th>Временска рамка</th></tr>
<tr><td>Активности за имплементација на Системот за управување со квалитет ИСО 9001:2008</td><td></td></tr>
<tr><td>Дефинирање на сите утврдени нивоа на документација согласно со утврдените работни процеси во следниве оддели/центри:<br>- Сметководство;<br>- Оддел за радио и ТВ;<br>- Оддел за планирање и буџет;<br>- Оддел за општи и заеднички работи;<br>- Центар за електронско учење;<br>- Централна библиотека;<br>- Центар за квалитет;<br>- Центар за меѓууниверзитетска соработка;<br>- Кабинетите на проректорите и Секратеријат;<br>- Сенат и Ректорска управа</td><td rowspan="3">2-7 месец 2012</td></tr>
<tr><td>- дефинирање на параметри за правилото по точка осум Мерење, анализи и подобрување од стандардот ISO 9001:2008 (утврдување на почетни параметри по кои ќе се мериме и пропишување на правило за спроведување на мерењето)</td></tr>
<tr><td>- определување на статус на Центар за доживотно учење</td></tr>
<tr><td>Активности за организација и спроведување на интерен аудит</td><td></td></tr>
<tr><td>- дефинирање на сите нивоа на документација неопходно за спроведување на интерен аудит, преглед на раководството, а исто така и да се изготви политика за квалитет.</td><td>2-7 месец 2012</td></tr>
</table>

| | |
|---|---|
| - ревизија на предлог-прирачникот за квалитет, сумирање на целокупната документација дефинирана според барањата на системот за квалитет и подготовка за спроведување на интерен аудит. | **1-12 месец 2012** |

Во претходната година се реализираа следниве обуки во соработка помеѓу Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и TUV Rheinland Романија:

· ***ISO 9001 Specialist***

Оваа обука беше организирана во траење од 4 дена (20-23 септември 2011). На оваа обука имаше пријавено вкупно 9 кандидати, кои успешно го положија завршното тестирање и се здобија со меѓународно признати сертификати за менаџмент на квалитет.

· ***ISO 9001 Internal Audit***

Оваа обука траеше три дена (19-21 октомври 2011), како продолжение на претходната обука ISO 9001 Specialist. Истите учесници од претходната обука се пријавија и на овие и повторно успешно го положија завршното теститање и се здобија со сертификати на внатрешни аудитори.

Обуките беа организирани од страна на Одделот за обуки и компетенции, во рамките на Центарот за одржување на квалитет, а согласно со Правилникот за курсеви организирани од страна на Одделот за обука и тренинг на Центарот за обезбедување на квалитет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип. Обучувачот беше ангажиран од TUV Rheinland, Србија.

## XIV. СУДСКИ ПРЕДМЕТИ

Список на предмети работени во 2011

| Бр. | Број на предмет | Тужител | Тужен | Статус на предмет |
|---|---|---|---|---|
| 1 | ТС **395/10** | УГД | Елите трејд – Фешан Кафе | По жалба на тужениот |
| 2 | ПЛ 550/10 | Адв.Трајче Торов | УГД | Во тек |
| 3 | | УГД | Мартас Кочани | Завршен и наплатен со спогодба |
| 4 | МВП 44/11 | Ненад Томев Кочани | УГД | Во тек, предмет штета од ненавремено осигурување |
| 5 | МВП 38/11 | Панче Андов Кочани | УГД | По наша жалба, предмет штета од ненавремено осигурување |
| 6 | ТС 100/10 | УГД | Здружение на пронаоѓачи | Чекаме пресуда |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 7 | ТС 327/10 | Здружение на пронаоѓачи | УГД | Чекаме пресуда |
| 8 | РО 120/10 | Борјанка Герова | УГД | Завршен, тужбеното барање беше на 171.552 ден. а усвоени се 13.947 денари |
| 9 | РО 987/11 | Стеван Петрушев | УГД | Во тек |
| 10 | РО 818/10 | Гонца Божинова | УГД | Завршен, тужбеното барање беше на 172.461 ден. а усвоени се 75.081 денари |
| 11 | ТС 14/10 | УГД | Агроефодиа | Завршен, наплатен долг |
| 12 | ТС 17/10 | УГД | Агроефодиа | Завршен, треба да се изврши предавање во владение на објект |
| 13 | РО 890/10 | Благица Донева | УГД | Завршен, тужбеното барање одбиено во целост |
| 14 | РО 182/09 | Микица Чавдарова | УГД | Тужбеното барање одбиено, предметот е по Ревизија |
| 15 | РО 476/10 | Зора Узуноска | УГД | Тужбеното барање одбиено, предметот е по Ревизија |

## XV. ОДДЕЛ ЗА ЈАВНИ НАБАВКИ

Вовед

Одделот за јавни набавки на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип завршува уште една успешна година, исполнета со активности од најразличен вид и побогат со искуства од четвртата година од примената на Законот за јавните набавки и подзаконските акти веќе подготвува планови и за идната година.

Водејќи се од латинската поговорка Res, non verba (дела, не зборови), го поднесуваме Годишниот извештај за работата на Одделот за јавни набавки за 2011 година.

Најпрвин ќе се осврнеме на анализата на Годишниот план за јавни набавки, заедно со измените и дополнувањата на овој план во текот на 2011 година.

Потоа, низ краток преглед, ќе ја осознаеме застапеноста на видовите постапки и предметите на набавките на спроведените постапки на Универзитетот.

II. Анализа на Годишен план за јавни набавки (планирани и реализирани постапки)

Годишниот план за јавни набавки на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип за 2011 година е усвоен со Одлуката за усвојување на План за јавни набавки за 2011 година на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип бр.0701-121/7 од 27.1.2011 год.

Во текот на 2011 година се извршени измени и дополнувања на Годишниот план за јавни набавки за 2011 година со следниве одлуки:

- Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2011 година бр.0701-381/26 од 26.4.201 г.;
- Одлука за дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2011 година бр.0701-533/17 од 12.5.2011 г.;
- Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2011 година бр.0701-653/21 од 14.06.2011г
- Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2011 година бр.0701-770/2 од 11.7.2011 г.;
- Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2011 година бр.0701-902/31 од 12.9.2011 г.;
- Одлука за изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2011 година бр.0901-1069/3 од 18.10.2011 г.;
- Одлука за изменување на Годишниот план за јавни набавки за 2011 година бр.0701-1308/2 од 26.12.2011 год.

**III. Краток преглед на спроведени постапки**

Одделот за јавни набавки во текот на 2011 година спроведе 34 постапки со отворена постапка, од вкупно 34, сите електронски, од кои 22 со е-аукција.

Во рамките на отворената постапка се:

- постапката за набавка и резервација на авиобилети, спроведени се вкупно 39 мини тендери,
- постапката за набавка на хотелски услуги, спроведени се вкупно 82 мини тендери и
- постапката за набавка на услуги за копнен транспорт, спроведени се вкупно 40 мини тендери.

Спроведени се вкупно осум постапки со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас, од кои сите се електронски, а 4 со е-аукција.

Реализирани се 24 постапки со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас (мали набавки), сите се во хартиена форма.

Склучени се вкупно шест постапки со преговарање без објавување на оглас и сите се работени во хартиена форма (согласно со законот).

*Графички приказ на овие постапки*




Од табелата и графиконот за видовите постапки произлегува дека од вкупно спроведените постапки најголем дел се спроведени со отворена постапка, потоа следуваат постапки со барање за прибирање на понуди без објавување на оглас, па постапки со барање за прибирање на понуди со објавување на оглас и најмал дел се постапки со преговарање без објавување на оглас.

**Активности во Одделот за јавни набавки**

**XV. 1.** ***Изработка на документација за сертификација***

Раководителот на Одделот за јавни набавки на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип во рамките на својата надлежност во текот на 2011 година ја изработи целата документација за сертификација на Универзитетот во делот на функционирање и надлежности за јавните набавки.

**XV.2.** ***Ажурирање***

Сите класери се означени по години, број на огласи и рок на траење. По извршена самоевалуација за 2011 година, класерите ќе бидат сместени во метални ормари кои ќе се заклучат и клучот ќе биде предаден во сефот.

**XV.. 3.** ***Документација која е изработена и се имплементира при користење на ЕРП софтвер***

Како член на тимот за развивање и имплементирање на ЕРП софтвер, раководителот на Одделот за јавни набавки на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип во соработка со членови на ИТ секторот изработи документација за имплементација и усогласување на овој софтвер во областа на јавните набавки.

**XV.4.** ***Семинари и стручни усовршувања***

Non progredi est regredi – Да не напредуваш значи да одиш наназад

**XV.4. 1.** ***Семинари***

Во текот на 2011 година, согласно со Проектот „Семинари за јавните набавки“ се одржаа семинари на следниве теми:

– Практични прашања за електронски постапки и е-аукции;
– Проблеми при спроведување на електронски постапки и е-аукции;
– Рамковни спогодби во јавните набавки;
– Практични прашања за постапки во јавните набавки во здравството;
– Правна заштита во постапките за јавни набавки;
– Практични прашања за критериуми за способност и критериуми за избор; со посебен осврт за критериуми кај осигурителните услуги;
– Практични прашања и ревизија кај постапките за јавните набавки.

На семинарите учествуваа претставници на договорни органи и економски оператори од цела Македонија. Изразено е задоволство за организацијата и квалитетот на предавањата, како и потребата од уште поинтензивно организирање на ваков вид семинари.

**XV.4.2. Обуки на вработените и други видови на стручно усовршување**

Раководителот на Одделот за јавни набавки врши континуиирани обуки на вработените во Одделот и тоа:

– Почитување на позитивните законски прописи, Кодекот на Универзитетот и Етичкиот кодекс за службениците задолжени за постапките за доделување на договори за јавни набавки;
– На секретарите за јавни набавки – за правилна примена на правните прописи од оваа област;
– На референтите за јавни набавки – за правилно формирање, водење и чување на досието за секоја јавна набавка.

Секретарите во Одделот за јавни набавки присуствуваа на обука во Бирото за јавни набавки и по положувањето се здобија со сертификати за јавни набавки.

**XV. 4. 3. Обука на волонтер**

Волонтерството во Одделот за јавни набавки се воведува во областа на јавните набавки, изработка на соодветна документација, преку секојдневна непосредна обука и едукација за материјата од оваа област.

**XV. 5. Соработка со економските оператори**

Одделот за јавни набавки успешно соработува со економските оператори.

Пред сè, Одделот им стои на располагање на економските оператори по однос на одговарање на нивни прашања, упатување за начинот на изготвување на документацијата која е потребна да ја достават.

Оваа соработка се одвива во согласност со принципите на Законот за јавни набавки, Кодексот на однесување на вработените на Универзитетот и Етичкиот кодекс на службениците задолжени за спроведување на јавни набавки.

### XV. 6. Одржување на веб-просторот за јавни набавки

Раководителот на Одделот за јавни набавки редовно се грижи за одржување и ажурирање на веб-просторот за јавни набавки на веб-страницата на Универзитетот „Гоце Делчев" – Штип.

Во делот Годишен план е објавен Годишниот план за јавни набавки во ПДФ формат, без износи, во согласност со позитивните прописи.

Во делот Објавени огласи се објавени сите 44 огласи за доделување на договор за јавна набавка и 11 огласи за барање за прибирање на понуди без објавување на оглас. Редовно се ажурираат тековните и завршните огласи, измените и/или дополнувањата на огласите.

Тендерската документација за тековните огласи редовно се објавува во делот – Тендерска документација. Овде се објавуваат и измените и/или дополнувањата на тендерските документации, спецификации итн. Во случај кога тендерската документација се презема од веб-страницата, во огласот е дадено детално упатство за преземање.

Прашањата и одговорите, соодветните соопштенија, редовно се објавуваат во деловите кои се предвидени за тоа.

Во делот Законска регулатива редовно се врши ажурирање во однос на измени и/или дополнувања на одредени прописи.

Во делот Контакти и линкови по потреба се ажурираат податоците.

Брошурата „ЈАВНИ НАБАВКИ" за начинот на користење на овој веб-простор редовно се доставува до понудувачите и другите економски оператори.

## XVI. 1. ПЕДАГОШКИ ФАКУЛТЕТ

Извештајот за работата на деканот на Педагошкиот факултет за периодот од 1 октомври 2010 до 30 септември 2011 година претставува сумирање на резултатите и осврт на реализираните цели и задачи кои произлегуваат од стратегијата за развој на Факултетот.

**Формирање на Факултетот**

Педагошкиот факултет е јавна високообразовна установа која е формирана уште од 1965 година како Педагошка академија, а од 1995 година функционира како Педагошки факултет во склоп на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје.

Од септември 2007 година Педагошкиот факултет влезе во состав на новоформираниот државен Универзитет „Гоце Делчев“- Штип.

**Организациона поставеност на Факултетот**

**Наставно-научен совет**

Наставно-научниот совет е стручен орган и орган на управување на Факултетот. Наставно - научниот совет го сочинуват избраните редовни и вонредни професори, доценти како и претставници на соработниците и студентите.

**Избор на декан**

Ректорот на Универзитетот „Гоце Делчев“ проф. д-р Саша Митрев на ден 9.8.2011 со одлука дел.бр. 0801-802/1 од 10.8.2011 година го избра проф. м-р Никола Смилков за декан на Факултетот за образовни науки. Со Одлука на Универзитетскиот сенат дел.бр. 0701-902/8 од 12.9.2011 година е потврдена Одлуката за избор на проф. м-р Никола Смилков за декан на Факултетот за образовни науки.

За продекан на Педагошкиот факултет со одлука на Наставно – научниот совет дел.бр. 2202-200/18 од 19.8.2011 година е избрана: доц. д-р Снежана Јованова.

**1. Структура**

Наставната дејност на Факултетот ја изведуваат:

*1 - редовен професор*

проф. д-р Блаже Китанов

*9 - вонредни професори*,

проф. д-р Кирил Цацков, проф. д-р Емилија Петрова-Ѓорѓева, проф. д-р Ленче Милошева, проф. д-р Владо Петровски, проф. д-р Снежана Мирасчиева, проф. д-р Снежана Ставрева Веселинова, проф. д-р Соња Петровска, проф. д-р Виолета Николовска, проф. м-р Никола Смилков.

*3 - доценти,*

доц. д-р Борче Костов, доц. д-р Снежана Јованова – Митковска, доц. д-р Кирил Барбареев.

*7 - Соработници*

*4 - асистенти - магистри на науки,*

ас. м-р Трајче Стојанов, ас. м-р Ирена Китанова, ас. м-р Билјана Попевска Митевска, ас. м-р Деспина Сивевска.

*3 - помлади асистенти* од кои еден е магистер,

помл. ас. м-р Даниела Јакимова, помл. ас. Билјана Стојанова, помл. ас. Милена Ѓоќиќ.

*Административен кадар*

1 - технички секретар - секретар на Факултетот

Билјана Герасимова

1 - библиотекар

Љуба Миланова

2 - референт за студентски прашања

Милена Цацкова, Славица Спасова

**2. Оддели**

Предучилишно воспитание

Оддел за одделенска настава

Раководители на одделите

Доц. д-р Кирил Барбареев - Предучилишно воспитание

Проф. д-р Соња Петрова - Оддел за одделенска настава

**3. Извештај од одржаните седници на наставно – научните совети**

Во текот на оваа година се одржани вкупно 12 седници на Наставно - научниот совет. Од направената анализа на дневните редови на наведените седници е констатирано дека се разгледувани повеќе значајни точки: наставна проблематика, формирање на рецензенстки комисии за избор и реизбор на наставници и соработници, формирање на рецензентска комисија за издавање на учебници по одделни предмети, прифаќање на теми за магистерски трудови, формирање на рецензентски комисии за јавни одбрани на магистерски трудови, формирање на рецензентски комисии за подобност на теми за специјалистичките трудови, барања од наставници и соработници за присуство на научни собири и симпозиуми во земјата и странство, барања од студенти и др.

**Дневен ред од седницата на 3.11.2010 година**

1. Усвојување на Записникот од 9-та и 10-та седница на ННС на Педагошкиот факултет одржани 28.9.2010 и 1.10.2010 год.
2. Донесување одлуки за запишување на студенти на втор циклус на универзитетски академски и специјалистички стручни студии на студиските програми на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во учебната 2010/2011 г.

**Донесени одлуки:**

Одлуките за запишување на втор циклус универзитетски академски студии на студентите кои ги исполнуваат условите за прием и тоа:

Одлука за прием на втор циклус на Александар Златковски; Одлука за прием на втор циклус на Алтана Петрушева; Одлука за прием на втор циклус на Ана Младеновска; Одлука за прием на втор циклус на Бошкова Анита; Одлука за прием на втор циклус на Анита Златковска; Одлука за прием на втор циклус на Антица Донева; Одлука за прием на втор циклус на Билјана Тодорова; Одлука за прием на втор циклус на Боре Маркоски ; Одлука за прием на втор циклус на Весна Наунова; Одлука за прием на втор циклус на Виктор Горгиевски; Одлука за прием на втор циклус на Виолета Арсовска; Одлука за прием на втор циклус на Владо Симоновски; Одлука за прием на втор циклус на Влатко Јордановски; Одлука за прием на втор циклус на Гордана Јовановска; Одлука за прием на втор циклус на Даниела Арсенова; Одлука за прием на втор циклус Даниела Стојчева; Одлука за прием на втор циклус на Ефимија Донева; Одлука за прием на втор циклус на Ристе Ефтимов; Одлука за прием на втор циклус на Зорица Богданова; Одлука за прием на втор циклус на Иван Крстевски; Одлука за прием на втор циклус на Иванов Горан; Одлука за прием на втор циклус на Игор Арсов; Одлука за прием на втор циклус на Јасмина Јаневска; Одлука за прием на втор циклус на Ристенка Јовановска; Одлука за прием на втор циклус на Јусин Арсланов; Одлука за прием на втор циклус на Катерина Ангелковска; Одлука за прием на втор циклус на Катерина Илиевска; Одлука за прием на втор циклус на Катерина Наумова; Одлука за прием на втор циклус на Катерина Русеска; Одлука за прием на втор циклус на Лидија Јорданова; Одлука за прием на втор циклус на Лилјана Андоновска-Димитровска; Одлука за прием на втор циклус на Маја Давидовиќ; Одлука за прием на втор циклус на Марија Јанакова; Одлука за прием на втор циклус на Марија Стојменова; Одлука за прием на втор циклус на Марија Цонова-Попова; Одлука за прием на втор циклус на Марина Ристовска; Одлука за прием на втор циклус на Милица Атанасова; Одлука за прием на втор циклус на Наталија Панова; Одлука за прием на втор циклус на Наташа Котева; Одлука за прием на втор циклус на Никола Пројков; Одлука за прием на втор циклус на Сања Ангеловска; Одлука за прием на втор циклус на Сања Јованова; Одлука за прием на втор циклус на Сања Михајлова ; Одлука за прием на втор циклус на Сејран Дуров; Одлука за прием на втор циклус на Снежана Наумова; Одлука за прием на втор циклус на Стојче Петровски; Одлука за прием на втор циклус на Татјана Кралева; Одлука за прием на втор циклус на Тина Таскова; Одлука за прием на втор циклус на Трајанка Апостолова; Одлука за прием на втор циклус на Хилда Димитрова.

Одлука за прием на втор циклус универзитетски академски студии на студиска програма од областа на образованието – Методика на наставата по религиско образование Адем Рамани. Одлука за прием на втор циклус универзитетски академски студии на студиска програма од областа на образованието – Методика на наставата по религиско образование

Даниела Димитрова. Одлука за прием на втор циклус универзитетски академски студии на студиска програма од областа на образованието – Методика на наставата по религиско образование Дејан Цветковски. Одлука за прием на втор циклус универзитетски академски студии на студиска програма од областа на образованието – Методика на наставата по религиско образование Емине Весели. Одлука за прием на втор циклус универзитетски академски студии на студиска програма од областа на образованието –Методика на наставата по религиско образование Менур Џеладини. Одлука за прием на втор циклус универзитетски академски студии на студиска програма од областа на образованието –Методика на наставата по религиско образование Мухаметали Мурати. Одлука за прием на втор циклус универзитетски академски студии на студиска програма од областа на образованието –Методика на наставата по религиско образование Нуран Лимани. Одлука за прием на втор циклус универзитетски академски студии на студиска програма од областа на образованието –Методика на наставата по религиско образование Решат Билбиловски . Одлука за прием на втор циклус универзитетски академски студии на студиска програма од областа на образованието –Методика на наставата по религиско образование Харун Реџепи. Одлука за прием на втор циклус универзитетски академски студии на студиска програма од областа на образованието –Методика на наставата по религиско образование Шафои Адили. Одлука за прием на втор циклус универзитетски академски студии на студиска програма од областа на образованието –Методика на наставата по религиско образование Шемсие Хусејни.

**Дневен ред од седницата на 18.11.2010 година**

1. Усвојување на записникот од 11. седница на ННС на Педагошкиот факултет одржана на 3.11.2010 год.
2. Информација за трансформацијата на Педагошкиот факултет со новите студиски програмски насоки.
3. Донесување Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работа на деканот на Педагошки факултет за учебната 2009/2010 год.
4. Донесување на Одлуки за одобрување и запишување на втор циклус универзитетски специјалистички студии на студентите кои ги исполнуваат условите за прием на Педагошкиот факултет на студиската програма по методика на настава по религиско образование.
5. Донесување Одлука за продолжување на Меморандумот за соработка бр.1201/405/1 за спроведување на Програмата за ран детски развој помеѓу Општина Штип и Универзитетот „Гоце Делчев.
6. Донесување Одлука за формирање Комисија за оцена на специјалистичкиот труд на кандидатот Невенка Цикарска.
7. Донесување Одлука за формирање Комисија за оцена на специјалистичкиот труд на кандидатот Роберт Конески.
8. Донесување Одлука за формирање Комисија за оцена на специјалистичкиот труд на кандидатот Веле Спиркоски.

9. Донесување одлука за усвојување наслов на тема за магистерскиот труд на кандидатот Бети Кузмановска.
10. Донесување Одлука за измена и дополнување на Одлуката бр..2102-48/11 од 8.6. 2010 год. за ангажираност на наставниот и соработничкиот кадар за зимскиот и летниот семестар во учебната 2010/2011 год. за прв циклус на студии.
11. Донесување Одлука за измена и дополнување на Предлог - одлуката за ангажираност на соработнички кадар за прв циклус на студии за зимскиот семестар во учебната 2010/2011 година од Филолошки факултет на Педагошкиот факултет.
12. Донесување Одлука за усвојување на Годишен план за издавање на учебници и учебни помагала за учебната 2010/2011 год.
13. Донесување Одлука за распишување на конкурс за еден соработник во звање асистент.
14. Донесување Одлука за распишување на конкурс за еден наставник во сите звања.
15. Одлука за избор на менторско училиште ООУ „Видое Подгорец“ – Струмица.
16. Донесување Одлука за избор на ментор за реализација на практична настава за учебната 2010/2011 год. на Педагошкиот факултет.
17. Донесување Одлука за започнување на реализација на педагошки стаж за учебната 2010 /2011 год. на Педагошкиот факултет.
18. Донесување Предлог-одлука за дополнување на студиската програма Социјална педагогија од втор циклус на студии на Педагошки факултет со изборен предмет Култура на говорната комуникација, кој се слуша во зимски семестар, фонд на часови 3+2+3, кредити 8 и летен семестар, фонд на часови 3+1+2, кредити.
19. Донесување Одлука за дополнување на Одлуката за ангажираност на наставничкот кадар на Педагошкиот факултет во зимскиот семестар во учебната 2010/2011 година за втор циклус академски универзитетски студии.
20. Разно.

**Донесени одлуки:**

- Усвојување на записникот од 11. седница на ННС на Педагошкиот факултет одржана на 3.11.2010 год.
- Информација за трансформацијата на Педагошкиот факултет со новите студиски програмски насоки.
- Донесување Одлука за усвојување на Годишниот извештај за работа на деканот на Педагошки факултет за учебната 2009/2010 год.
- Донесување на Одлуки за одобрување и запишување на втор циклус универзитетски специјалистички студии на студентите кои ги исполнуваат условите за прием на Педагошкиот факултет на студиската програма по методика на настава по религиско образование.

- Донесување Одлука за продолжување на Меморандумот за соработка бр.1201/405/1 за спроведување на Програмата за ран детски развој помеѓу Општина Штип и Универзитетот „Гоце Делчев“.
- Донесување Одлука за формирање Комисија за оцена на специјалистичкиот труд на кандидатот Невенка Цикарска.
- Донесување Одлука за формирање Комисија за оцена на специјалистичкиот труд на кандидатот Роберт Конески.
- Донесување Одлука за формирање Комисија за оцена на специјалистичкиот труд на кандидатот Веле Спиркоски.
- Донесување Одлука за усвојување наслов на тема за магистерскиот труд на кандидатот Бети Кузмановска.
- Донесување Одлука за измена и дополнување на Одлуката бр.2102-48/11 од 8.6.2010год. за ангажираност на наставниот и соработничкиот кадар за зимскиот и летниот семестар во учебната 2010/2011 год. за прв циклус на студии.
- Донесување Одлука за измена и дополнување на Предлог - одлуката за ангажираност на соработнички кадар за прв циклус на студии за зимскиот семестар во учебната 2010/2011 година од Филолошки факултет на Педагошкиот факултет.
- Донесување Одлука за усвојување на Годишен план за издавање на учебници и учебни помагала за учебната 2010/2011 год.
- Донесување Одлука за распишување на конкурс за еден соработник во звање асистент.
- Донесување Одлука за распишување на конкурс за еден наставник во сите звања.
- Одлука за избор на менторско училиште ООУ „Видое Подгорец“ – Струмица.
- Донесување Одлука за избор на ментор за реализација на практична настава за учебната 2010/2011 год. на Педагошкиот факултет.
- Донесување Одлука за започнување на реализација на педагошки стаж за учебната 2010 /2011 год. на Педагошкиот факултет.
- Донесување Предлог-одлука за дополнување на студиската програма Социјална педагогија од 2 циклус на студии на Педагошки факултет со изборен предмет Култура на говорната комуникација кој се слуша во зимски семестар, фонд на часови 3+2+3, кредити 8 и летен семестар ,фонд на часови 3+1+2, кредити.
- Донесување Одлука за дополнување на Одлуката за ангажираност на наставничкиот кадар на Педагошкиот факултет во зимскиот семестар во учебната 2010/2011 година за втор циклус академски универзитетски студии.
- Усвоени и донесени одлуки за студенти.

**Дневен ред од седницата на 24.2.2011 година**

1. Усвојување на записникот од 13. седница на ННС на Педагошкиот факултет одржана на 21.12.2010 год.

2. Одлука за избор на наставник во сите звања за наставно - научно подрачје образование на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
3. Предлог - одлука за број на студентите за запишување на прв циклус универзитетски академски студии за учебната 2011/2012 год. на Педагошки факултет.
4. Предлог-одлука за ангажираност на наставници на студиската програма за стекнување со педагошка доквалификација за учебната 2011/2012 год. на Педагошкиот факултет за предметните- наставните дисциплини педагогија, психологија, методика.
5. Одлука за формирање комисија за изготвување на додаток на диплома.
6. Предлог-одлука за ангажираност на д-р Илија Клинчаров- вонреден професор од Факултет за физичка култура при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје за летен семестар учебната 2010 /2011 год.
7. Предлог-одлука за ангажираност доц. д-р Драгор Заревски од Филозофскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје за летниот семестар во учебната 2010/2011 год.
8. Предлог- одлука за ангажираност на доц. д-р Татјана Атанасова-Пачемска од Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип за летен семестар во учебната 2010 /2011 год.- Математика низ игра, 6 семестар, Оддел за предучилишно воспитување.
9. Предлог- одлука за ангажираност на м-р Снежана Кирова - виш лектор и Елена Тупаревска - помлад лектор за прв циклус на студии и модул- Рано учење на англиски јазик за летниот семестар во учебната 2010/2011година од Филолошки факултет на Педагошкиот факултет.
10. Дополнување на Одлука за усвојување на теми за специјалистички труд од Методика на наставата по религиско образование -2009/2010.

**Донесени одлуки:**

- Усвојување на записникот од 13. седница на ННС на Педагошкиот факултет одржана на 21.12.2010 год.
- Избор на наставник во сите звања за наставно научно подрачје образование на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
- Одлука за број на студентите за запишување на прв циклус универзитетски академски студии за учебната 2011/2012 год. на Педагошки факултет.
- Наставно – научниот совет на Педагошкиот факултет донесе едногласна одлука со мали измени и дополнувања за ангажираност на наставници на студиската програма за стекнување со педагошка доквалификација за учебната 2011/2012 год. на Педагошкиот факултет за предметните-наставните дисциплини Педагогија, Психологија, Методика.

- Формирање комисија за изготвување на додаток на диплома
- Одлука за ангажираност на д-р Илија Клинчаров- вонреден професор од Факултет за физичка култура при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје за летен семестар учебната 2010 /2011 год.
- Одлука за ангажираност на доц. д-р Драгор Заревски од Филозофскиот факултет при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје за летниот семестар во учебната 2010/2011 год.
- Одлука за ангажираност на доц. д-р Татјана Атанасова-Пачемска од Факултетот за информатика при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип за летен семестар учебната 2010 /2011 год.- Мететатика низ игра ,6 семестра, оддел предучилишно воспитување.
- Одлука за ангажираност на м-р Снежана Кирова и Елена Тупаревска за прв циклус на студии и модул- рано учење на англиски јазик за летниот семестар во учебната 2010/2011година од Филолошки факултет на Педагошкиот факултет.
- Дополнување на.Одлука за усвојување на теми за специјалистички труд по Методика на наставата по религиско образование-2009/2010.

**Дневен ред од седницата на 7.3.2011 година**

1. Одлука за избор на еден соработник во звање асистент за наставно-научно подрачје Филозофија на Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Одлука за реализација на педагошкиот стаж за студенти на Педагошки факултет од 4 до 21.4.2011 год. за учебната 2010/2011 год.
3. Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатот Јасминка Соколовска.
4. Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатот Мима Костова.
5. Одлука за прифаќање наслов на тема за специјалистички труд од студентите: Емил Атанасов, Нацевска Марија, Ристе Кукутанов, Данче Миланова, Жаклина Трајчев, Јулијана Мијалов, Николче Ѓорѓев, Коста Донев, Илија Поп Гонев, Анета Јовковска, Роберт Илиевски, Кирил Трајковски, Весна Апостоловски, Кирил Павлевски, Влатко Мирасчиев.
6. Одлука за распишување на конкурс за еден соработник во звање асистен за научно поле образовни науки, подрачје образование, област педагогија на образование на наставници.
7. Разно .

**Донесени одлуки:**

- Избор на м-р Трајче Стојанов во звање асистент за наставно-научно подрачје филозофија.
- Одлука за реализација на педагошкиот стаж за студенти на Педагошки факултет од 18.4.2011 год. до 6.5.2011 за учебната 2010/2011 год.
- Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатот Јасминка Соколовска.

– Одлука за прифаќање наслов на тема за магистерски труд на кандидатот Мима Костова.
– Одлука за прифаќање наслов на тема за специјалистички труд од студентите: Емил Атанасов, Марија Нацевска, Ристе Кукутанов, Данче Миланова, Жаклина Трајчев, Јулијана Мијалов, Николче Ѓорѓев, Коста Донев, Илија Поп Гонев, Анета Јовковска, Роберт Илиевски, Кирил Трајковски, Весна Апостоловски, Кирил Павлевски, Влатко Мирасчиев.
– Одлука за распишување на конкурс за еден соработник во звање асистен за научно поле образовни науки, подрачје образование, област педагогија на образование на наставници.
– Одобрување средства за котизација на проф. д-р Емилија Петрова -Ѓорѓева од Педагошкиот факултет во вредност од 150 евра во денарска противвредност за учество на Светска конференција за образование и наука, која се одржа во Истанбул (WCES-2010 World Conference on Edukational Sciences oflstanbul,03-07 February 2011). Трошоците за котизација се на товар на Фондот за научни и стручи усовршувања на Педагошки факултет.
– Донесени одлуки по разгледувањето на молбите доставени од студентите до ННС.

**Дневен ред од седницата на 5.4.2011 година**

1. Усвојување на записниците од првата и втората седница на ННС на Педагошкиот факултет, одржани на 24.2.2011 год.и 7.3.2011 год.
2. Предлог - одлука за број на студентите за запишување на втор циклус универзитетски академски студии и универзитетски специјалистички студии за учебната 2011/2012 год. на Педагошки факултет.
3. Одлука за прифаќање на наслов на тема за магистерски труд на кандидатот Љубица Наскова.
4. Одлука за прифаќање наслов на тема за специјалистички труд од студентите: Мирчовски Методи, Александар Зашов, Оливер Димитров, Лилјана Ристеска, Ружица Илиев, Коста Орачки, Татјана Јованова, Билјана Антова, Павлинка Стевановски, Весна Јовчевска, Игор Миланов, Дејан Трајков, Ѓоко Бурмузовски.
5. Донесување Одлука за формирање на Рецензентска комисија по Конкурсот објавен на 18.3.2011 год. за еден соработник во звање – асистент за научно поле - образовни науки, подрачје – образование, област – педагогија, образование на наставници.
1. Катедра за инструментален џез и
2. Катедра за џез композиција.

**Вокално-инструменталниот оддел е поврзан со следниве катедри:**

1. Катедра за пијано;
2. Катедра за дувачки инструменти;
3. Катедра за жичени инструменти и
4. Катедра за вокално пеење.

**Активности на катедрите**

Катедрите во учебната 2010/2011 година ја реализираа целокупната настава на Факултетот.

Во текот на учебната 2010/2011 година студентите на Факултетот активно ги посетуваа предавањата и вежбите по сите наставни предмети. Студентите на Факултетот по наставните предмети имаа изработено и предадено семинарски работи. Исто така, во двата семестра, студентите по сите наставни предмети постигнаа и одлични резултати на колоквиумите и завршните испити. Добри резултати се постигнати и на трите испитни сесии: февруарската, јунската и септемвриската и продолжена октомвриска испитна сесија.

**Раководители на катедрите**

Раководителите на оддели, односно катедри на Факултетот за музичка уметност се:

1. на Одделот за теорија на музиката и музичка педагогија, доц. м-р Гоце Гавриловски, наставник;
2. на Одделот за џез студии, доц. Антонијо Китановски, наставник;
3. на Вокално-инструменталниот оддел, доц. м-р Татјана Џорлева, наставник и
4. на Катедрата за пијано, доц. м-р Емилија Потевска, наставник.

## 3. ИЗВЕШТАЈ ОД ОДРЖАНИТЕ СЕДНИЦИ НА НАСТАВНО-НАУЧНИОТ УМЕТНИЧКИ СОВЕТ НА ФАКУЛТЕТОТ

Во извештајниот период се опфатени одржаните седници на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот, од 17.11.2010 година па заклучно со седницата на 3.11.2011 година

Одржана седница на ННУС на **17. 11. 2011** година

**Дневен ред:**

1. Наставна проблематика (редовно одржување на наставата);
2. Извештај за работа на деканот на ФМУ за период октомври 2009 година заклучно со октомври 2010 година;
3. Барање за одобрување на отсуство на наставници на Факултетот и
4. Барање од студенти.

Донесени одлуки/заклучоци

**ЗАКЛУЧОК**

1. Во евидентните листови за одржана настава од страна на наставниците да бидат внесени и датумите за одржани предавања.
2. По прашањето на евиденцијата за студентите кои се запишани на дообразување на Факултетот за музичка уметност истото да биде решено од страна на продеканот на Факултетот во консултација со проректорот за настава.
3. Од страна на наставниците кои се ангажирани на втор циклус на

студии да се изготви табеларен преглед за содржината на наставната програма на втор циклус на студии.

4. За одржување на праксата, студентите на Факултетот за музичка уметност треба да се информираат и да обезбедат во книжарницата на Универзитетот дневници за евиденција на праксата во која ќе сметаат и солистичките настапи, јавните часови и новогодишниот концерт.
5. На студентетите запишани на втор циклус на студии, како задолжителен и кои го избрале како изборен предметот: „Методологија на научноистражувачка работа 1“ им се препорачува истиот да го слушаат на Педагошкиот факултетот при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а за таа цел треба писмено да се извести наведениот факултет.
6. Сите оддели и катедри на Факултетот за музичка уметност за учебната 2010/2011 година да изготват распоред на часови и истиот да се објави на веб-траницата на Универзитетот и Факултетот.

**О Д Л У К А**

За студентите запишани на Одделот за музичка теорија и педагогија по наставната дисциплина Методика на музичка настава 1 и Методика на музичка настава 2 застапена во IV година и за студентите запишани на Катедрата за етноклреологија по наставните дисциплини: Методика на наставата по народни ора 1 и Методика на наставата по народни ора 2 застапени во IV година на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да се организира практична работа.

Практичната работа да се реализира во менторски основни училишта почнувајќи од учебната 2010/2011 година преку следните форми на практична работа, и тоа: Менторски (показен) час (го реализира наставникот ментор); Методичка практика (ја реализираат студентите под менторство на соодветниот наставник и соработник од Факултетот и наставник од основното менторско училиште).

Педагошка практика (студентите ја следат реализацијата на воспитно-образовната работа во менторското училиште под менторство на соодветен наставник и соработник од Факултетот).

**З А К Л У Ч О К**

За потребите на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да се изврши набавка на  музичка литература. Се задолжува доц. м-р Емилија Потевска да изготви список на потребната литература.

**О Д Л У К А**

Се усвојува годишниот извештај за работа на деканот на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за период октомври 2009 година заклучно со октомври 2010 година, во целост.

**О Д Л У К А**

За покривање на наставата во зимскиот I (прв) семестар на учебната 2010/2011 година на студиските програми на втор циклус на студии на Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип по (задолжителниот) предмет: Методологија на научноистражувачка работа 1 на Одделот за музичка теорија и педагогија со фонд на часови 2+0+4 и на Катедрата по етнокореологија - со фонд на часови 2+0+4, како и по (изборниот) предмет Методологија на научноистражувачка работа на Одделот за џез студии со фонд на часови 2+0+4, да се ангажира д-р Снежана Јованова, наставник од Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**О Д Л У К А**

Се одобруваат барањата за отсуство на Невенка Трајковска и на Владимир Лазаревски во – Софија, Р. Бугарија поради закажани консултации за докторска дисертација.

**О Д Л У К А**

СЕ ОДОБРУВА Барањето бр. 1505-17/15 од 28.10.2010 година за признавање на испити поднесено од Филип Стевановски, студентот на Вокално-инструменталниот оддел - тромбон.

Се признава испитот на студентот Филип Стефановски положен на Факултетот за економија и организација на претприемаштвото – модул Менаџмент на организација при Приватната високообразовна установа Меѓународен славјански институт „Г.Р.Державин“ во Свети Николе, Р. Македонија.

Целосно се признава следниот испит.

1.Психологија...10 (десет)

Студентот се запишува во VII семестар, 4 година во учебната 2010/2011 година.

Одржана седница на ННУС на **15. 12. 2010** година

**Дневен ред**

1. Наставна проблематика
2. 1.1. Констатации во врска со комплетноста на студиски програми во досието на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
3. Донесување на Одлука за усвојување на Извештајот за издавање на скрипта под наслов: „Солфеж 1“ од авторот дДоц. д-р Илчо Јованов според Билтенот на Универзитетот бр. 49 од 15.11.2010 година, стр. 59;
4. Определување на раководител и заменик на втор циклус на студии на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
5. Донесување на Одлука за организирање на новогодишен концерт од Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за 2010 година;

6. Донесување на Одлука за преземање на опрема, дигитално пијано Jamaha P-85 со педало и сталка (баркод 001013);
7. Донесување на Одлука за утврдување на термин за реализација на вториот колоквиум во зимскиот семестар во учебната 2010/2011 година на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
8. Определување на лице за организирање на интерна аудиција за избор на кандидати – студенти од Факултетот за музичка уметност за главна аудиција по повод традиционалниот концерт на студентите од Факултетите за музичка уметност во Р. Македонија;
9. За прифаќање на иницијатива за дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
10. Разледување на барања од студенти.

Записниците од седниците на Наставно-научниот уметники совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, одржани на 26.10.2010 и 17.11.2010 година без забелешки и дополнувања беа усвоени во целост, со евидентирање на присуството на лицето Христо Стојановски, од редот на соработниците.

**Донесени одлуки**

**О Д Л У К А**

Се усвојува констатацијата во врска со комплетноста на студиски програми во досието на Факултетотза музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во целост.

Во врска со ажурирањето на досието на ФМУ е констатирано следното:

Недостасува Проектот за основање на Универзитетот од 2007 година,

односно делот за единицата ФМУ (студиската програма со подрачја, оддели, насоки и сл.).

Преглед на извршени измени и дополнувања на студиската програма на ФМУ

*Прва измена*

1.Постои Одлука од седницата на ННС на Факултетот под бр. 0210-

712/8 од 19.12.2007 година во која седница го има текстот на студиската програма, како и одлука за согласност од сенатот на Универзитетот под бр. 0201-1047/17 од 24.6.2008 година заедно со студиска програма (да се обезбеди одлуката за усвојување на студиската програма од Ректорската управа и програмата за да се изврши спроредување со онаа предложената од ННС на Факултетот; да се изврши сporедување на програмите: помеѓу предложената од ННС на Факултетот и програмата од седницата на сенатот на Универзитетот, бидејќи се можни отстапувања).

*Втора измена*

Постои Одлука од ННС од 1.10.2008 година под бр. 0210-93/42 со текст за нова студиска програма Соло пеење и согласност од сенатот на Универзитетот со одлука бр.0201-1047/10 од 24.6.2008 година во која седница постои текст со наслов: Елаборат на студиска програма Соло пеење (да се обезбеди одлуката за усвојување на студиската програма од ректорската управа и програмата за да се изврши спроредување со онаа предложената од ННС на Факултетот; да се изврши споредување помеѓу програмата донесена од ННС на Факултетот и програмата од седницата на сенатот на Универзитетот, бидејќи се можни отстапувања).

*Трета измена*

Постои Одлука од ННУС од 24.6.2009 година под број 1902-52/1 од

од 30.6.2008 година со студиска програма, а се однесува на измени на студиската програма според ЕКТС системот, како и Одлука за согласност од Сенатот на Универзитетот број 0701-1066/7 од 13.8.2009 година. Во седницата на Сенатот на Универзитетот има одлука за усвојување, но нема студиска програма која која била усвојувана и треба да се приклучи во седничниот материјал од Сенатот на Универзитетот (да се обезбеди одлука за усвојување на студиската програма од ректорската управа и програмата за да се изврши спроредување на програмата предложената од ННУС на Факултетот и програмата од седницата на ректорската управа на Универзитетот).

*Четврта измена*

Постои Одлука од ННС од 26.11.2009 година под бр.1902-76/4 од 30.11.2009 година со која одлука во прилог има и студиска програма како и Одлука од Ректорската управа на Универзитетот бр. 0901-1730/11 од 14.12.2009 година, но не е пронајдена одлука од Сенатот на Универзитетот.

Дополнително да се изврши увид во седницата на Сенатот на Универзитетот од 14.12.2009 година со цел да се утврди дали постои студиска програма која ја усвоил Сенатот и доколку има да се изврши споредување со студиската програма предложена од ННУС од 26.11.2009 година или обратно (да се изврши спроредување на програмата предложената од ННУС на Факултетот и програмата од седницата на Ректорскатра управа на Универзитетот).

*Петта измена*

Постои одлука од ННС под бр.1902-47/4 од 20.4.2010 година донесена од ННС на седницата од 19.4.2010 година со студиска програма и одлука под бр.0901-496/30 од 21.4.2010 година донесена од Ректорската управа на Универзитетот, како и одлука од Сенатот на Универзитетот под бр. 0701-497/26 од 21.4.2010 година.

Не е утврдено дали по предлогот од ННС, во седниците на Ректорската управа и Сенатот на Универзитетот како прилог кон одлуките има студиска прграма.

НАПОМЕНА: Од 2007 година до 2010 година во примена е една студиска програма, а од 2010 година се применува нова студиска програма и се однесува на студентите запишани во прва студиска година во учебната 2010-2011 година.

Предлог:

Раководителите на одделите, односно катедри, да извршат споредување на студиските програми предложени од ННУС на Факултетот сметано од 2007 година со програмите за кои е дадена согласност од Универизитетот (Ректорска управа и Сенатот).

Се препорачува на секоја страна од програмите предложени од ННУС да има потпис со печат од деканот и продеканот на Факултетот.

**О Д Л У К А**

СЕ УСВОЈУВА извештајот-рецензијата за издавање на скрипта под наслов: „Солфеж 1" од авторот доц. д-р Илчо Јованов, во целост.

**О Д Л У К А**

За раководител на втор циклус на студии на Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип се определува доц. д-р Илчо Јованов, декан на Факултетот.

За заменик на раководителот на втор циклус на студии на Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип се определува доц. д-р Стефанија Лешкова – Зеленковска, наставник на Фа култетот.

**О Д Л У К А**

Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип *по* повод новата 2011 година да организира новогодишен концерт. Новогодишниот концерт да се организира на ден 22.12.2010 година со почеток во 19 часот во салата на Економскиот факултет во Штип.

**О Д Л У К А**

Да се преземе опремата, дигитално пијано Јamaha P-85 со педало и сталка (баркод 001013) од канцеларија бр.23 на Центарот за електронско учење при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип и нејзина дислокација во канцеларијата бр.8 (осум) на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Со наведената опрема се задолжува лицето проф. Илија Пејовски, наставник на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

**О Д Л У К А**

Вториот колоквиум на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во учебната 2010/2011 година (зимски семестар) да се реализира во периодот од 20 - 24.12.2010 година.

**О Д Л У К А**

Се определува, доц. м-р Владимир Лазаревски за организирање на интерна аудиција за избор на кандидати – студенти од Факултетот за музичка уметност за главната аудиција по повод традиционалниот концерт на студентите од Факултетите за музичка уметнос во Република Македонија.

Интерната аудиција за избор на кандидати – студенти од Факултетот за музичка уметност за главната аудиција по повод традиционалниот концерт на студентите од Факултетите за музичка уметност во Република Македонија да се заврши најдоцна до почетокот на месец април 2011 година.

**О Д Л У К А**

Се прифаќа иницијативата од одделите на Факултетот за музичка уметност за дополнување на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во целост.

I. **О Д Л У К А**

Барањето на Трајче Поповски од Битола, заведено под број 1505-22/2 од 13.12.2010 година за ослободување од партиципација за запишување на студиската години на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, делумно се усвојува и на именованиот му се признава право на ослободување од партиципација/кофинансирање за запишување во III (трета) година VI ( шести ) семестар во учебната 2010/2011 година.

За користење на правото за ослободување од партиципација за наредните студиски години именованиот ќе го остварува со поденсување на посебно барање за секоја студиска година.

**II.О Д Л У К А**

На студентот **Филип Стевановски** од Куманово со индекс бр.12128 запишан на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, му се одобрува барањето бр.1505-17/16 од 14.12.2010 година за признавање на положените испити на студиската програма на Вокално – инструменталниот оддел – тромбон како положени испити на Одделот за џез студии – џез тромбон, како студент со паралелно студирање.

Целосно му се признаваат следните испити положени на Вокално – инструменталниот оддел – тромбон, како испити положени на Одделот по џез студии – џез тромбон

Студентот се запишува во III семестар втора година во учебната 2008/2009 г.

Одржана седница на ННУС на **26. 1. 2011** година

**Дневен ред**

1. Донесување на Предлог-одлука за усвојување на Правилник за дополнување на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
2. Формирање на комисија за спроведување на испитите по наставната дисциплина: Методика на музичката настава;
3. Одлука за утврдување на термини за спроведување на завршни испити на прв циклус на студии во февруарскиот испитен рок во летниот семестар во учебната 2010/2011 година на Факултетот за музичка уметност;
4. Одлука за утврдување на термини за спроведување на завршни испити на втор циклус на студии во февруарскиот испитен рок во летниот семестар во учебната 2010/2011 година на Факултетот за музичка уметност;
5. Одлука за определување на основни училишта за реализирање на практичната педагошка работа по наставните дисциплини: Методика на настава по народни ора I и Методика на настава по народни ора II;
6. Одлука за определување на основни училишта за реализирање на практичната педагошка работа по наставните дисциплини: Методика на музичка настава I и Методика на музичка настава II.

Донесени одлуки

**О Д Л У К А**

Се усвојува Предлог-правилникот за дополнување на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во целост.

Во Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, бр.1902-64/3 од 21.10.2009 година - *Универзитетски гласник* бр.12/2009 година по членот 70 се додава нов поднаслов Втор циклус на универзитетски (академски) студии и осум нови члена 70-а, 70-б, 70-в, 70-г,70-д, 70-ѓ, 70-е и 70-ж кои гласат:

70-а

На Факултетот за музичка уметност се организираат студии од втор циклус и траат 1 (една) година, односно 2 (два) семестра и со нивното завршување се стекнуваат 60 (шеесет) кредити.

70-б

Вториот циклус на студии на Факултетот за музичка уметност се организира на: Одделот за музичка теорија и педагогија, Одделот за џез студии и на Вокално-инструменталниот оддел.

Пред почетокот на секоја студиска година, Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот по предлог на одделите, односно катедри, донесува одлука на кој оддел, односно катедра ќе врши запишување на студенти на втор циклус на студии.

70-в

На Факултетот на втор циклус на студии може да се запише кандидат што има завршено прв циклус на студии - Факултетот за музичка уметност со просечна оценка најмалку 8,00 (осум) и познавање на еден од светските јазици.

70-г

На Одделот за музичка теорија и педагогија кандидатите покрај условите утврдени во членот 70-в треба да достават напишани и најмалку 2 (два) научно-стручни труда.

За запишување на втор циклус на студии на Одделот за музичка теорија и педагогија предност имаат кандидатите со завршен прв циклус на студии - Факултетот за музичка уметност од одделот за музичка теорија и педагогија.

70-д

За запишување на втор циклус на студии на Катедрата за етнокореологија кандидатите треба да имаат завршено прв циклус на студии - Факултет за музичка уметност, при што предност имаат кандидатите со завршен прв циклус на студии - Факултетот за музичка уметност од Катедрата за етнокореологија.

70-ѓ

За запишување на втор циклус на студии на Вокално-инструменталниот оддел кандидатите треба да имаат завршено Факултет за музичка уметност од Вокално-инструменталниот оддел - соодветен матичен инструмент или соло пеење.

За запишување на втор циклус на студии по Методика на наставата по пијано кандидатите треба да имаат завршено прв циклус на студии - Факултет за музичка уметност од катедрата за пијано.

70-е

За запишување на втор циклус на студии на Одделот за џез студии кандидатите треба да имаат завршено прв циклус на студии - Факултет за музичка уметност.

За запишување на втор циклус на студии на Одделот за џез студии преднос имаат кандидатите со завршен прв циклус на студии - Факултетот за музичка уметност од одделот за џез студии.

70-ж

На Факултет за музичка уметност за пријавените кандидати за запишување на втор циклус на студии се врши проверка на знаењата и умеењата пред комисија составена од 5 (пет) члена.

Содржините за проверка на знаењата и умеењата ги утврдува Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот.

Член 2

Согласност на овој Правилник дава Универзитетскиот сенат.

Член 3

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во Универзитетскиот гласник.

**ОДЛУКА**

Се формира комисија за спроведување на испитите по наставната дисциплина: Методика на музичката настава, во состав: доц. д-р Илчо Јованов, доц. м-р Валентина Велковска-Трајановска и доц. м-р Марјан Јанковски.

**ОДЛУКА**

Завршните испити на прв циклус на студии во февруарскиот испитен рок во летниот семестар на учебната 2010/2011 година да се реализираат во периодот од 1.2 до 15.2. 2011 година.

**ОДЛУКА**

Завршните испити на втор циклус на студии во февруарскиот испитен рок во летниот семестар на учебната 2010/2011 година на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да се реализираат во периодот од 15. 2. до 28. 2. 2011 година.

**ОДЛУКА**

Практичната настава по наставните дициплини: Методика на настава по народни ора I во (VII семестар) со фонд на часови 2+2 и Методика на настава по народни ора II во (VIII семестар) со фонд на часови 2+2“ во учебната 2010/2011 година за студентите од IV година на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да се рализира во следните општински основни училишта:1. ООУ „Гоце Делчев“ – Штип, 2. ООУ „Тошо Арсов – Штип, 3. ООУ „Димитар Влахов“ – Штип и 4. ООУ „Ванчо Прќе“ – Штип. Практичната настава да се рализира преку менторски (показен) час и др. од наставникот ментор на општинското основно училишта.

**ОДЛУКА**

Практичната настава по наставните дициплини: Методика на музичка настава I во (VII семестар) со фонд на часови 2+2 и Методика на музичка настава II во (VIII семестар) со фонд на часови 2+2 во учебната 2010/2011 година за студентите од IV година на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип да се рализира во следните општински основни училишта: 1. ООУ „Гоце Делчев“ – Штип, 2. ООУ „Тошо Арсов – Штип, 3. ООУ „ Димитар Влахов“ – Штип и 4. ООУ „Ванчо Прќе“ – Штип. Практичната настава да се рализира преку менторски (показен) час и др. од наставникот ментор на општинското основно училиште.

Одржана седница на ННУС на **10. 2. 2011** година

**Дневен ред:**

1. Донесување на Предлог- одлука за запишување на нови студенти во прва година на прв циклус на студии во учебната 2011/2012 година;

2. Донесување на предлог - одлука за учество и програма од ФМУ по повод Патронатот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип (27 март);
3. Информациија во врска со студиските програми на ФМУ;
4. Информација во врска со постапката за одбрана на дипломскиот труд на ФМУ;
5. Одлука за измена и дополнување на Одлуката бр.1902-34/5 од 13.2. 2009 година за составот на Дисциплинската комисија за студентите на ФМУ;
6. Разгледување на барања од студенти.

- Записниците од одржаните седници на ННУС од 15.12.2010 година и 26.1.2011 година, ННУС на Факултетот ги усвои без забелешки и дополнувања.

**Донесени одлуки**

**ОДЛУКА**

На Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во учебната 2011-2012 година за запишување на студенти на I (прв) циклус на универзитетски (академски) студии се предлага следниот број на студенти:

| | редовни студенти | со кофинансирање |
|---|---|---|
| Одделот за музичка теорија и педагогија | 30 | 5 |
| Одделот за пијано | 2 | 1 |
| Одделот за жичени инструменти | 6 | |
| - Виолона | 2 | |
| - Виола | 1 | |
| - Виолончело | 1 | |
| - Контрабас | 2 | |
| Одделот за дувачки инструменти | 12 | 4 |
| - Флејта | 2 | 1 |
| - Обоа | 2 | |
| - Кларинет | 3 | 1 |
| - Хорна | 1 | |
| - Труба | 2 | 1 |
| - Тромбон | 2 | 1 |
| Вокално-инструменталниот оддел | | |
| Вокално пеење | 2 | 2 |
| Одделот за инструментален џез | | |
| - Саксафон | 2 | 1 |
| - Џез бас | 2 | |
| - Труба | 2 | |
| - Тромбон | 1 | 1 |

| | | |
|---|---|---|
| - Пијано | 2 | |
| - Ударни инструменти | 2 | 1 |
| Одделот за етнокореологија | 10 | 1 |
| ВКУПНО: | 62 | 20 |

**ОДЛУКА**

СЕ ПРИФАЌА учество на Факултетот за музичка уметност по повод патронатот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип (27 март).

**ЗАКЛУЧОК**

Се задолжуваат раководителите на одделите, односно катедри на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, најдоцна до почетокот на летниот семестар на учебната 2010/2011 година да достават свои видувања за измени и дополнување на студиските програми на Факултетот.

**ЗАКЛУЧОК**

Се задолжуваат раководителите на одделите, односно катедри на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, најдоцна до почетокот на летниот семестар на учебната 2010/2011 година да доставаат свои видувања во врска изведувањето на престојниот дипломскиот труд на Факултетот за музичка уметност.

**ОДЛУКА**

1. Се врши измена и дополнување на точката 2 во Одлуката бр.1902-34/5 од 13.2.2009 година за избор на членови на дисциплинска комисија за студентите на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" - Штип, така што лицето м-р Бранка Костиќ се заменува со лицето м-р Христо Стојановски - соработник;

2. Измените и дополнувањето на точката 2 од Одлуката бр.1902-34/5 од 13.2.2009 година за избор на членови на дисциплинската комисија за студентите на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, следува поради спогодбен престанок на работниот однос на лицето м-р Бранка Костиќ.

3. Според измените и и дополнувањата, Одлуката бр. 1902-34/5 од 13.02.2009 година за избор на членови на Дисциплинската комисија за студентите на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, гласи:

4. За членови и нивни заменици од редот на наставниците, соработниците и студентите во Дисциплинската комисија на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" Штип, се именуваат:

1) За претседател, доц. м-р Марјан Јанкоски , наставник;
   За заменик претседател - доц. Ѓорѓи Мицанов, наставник;
2) За член Христо Стојановски - соработник;
   За заменик-член Ленче Насев - соработник;
3) За член Виктор Карапанџов - студент;

За заменик-член Биљана Атанаскова – студент.

**ОДЛУКА**

За потребите на Факултетот за музичка уметност и на други единици на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за одржување на наставата и вежбите во (летниот семестар) на учебната 2010 - 2011 година да се ангажираат:

1. ГОРАНЧО АНГЕЛОВ,
2. ТОШЕ МИТРЕВ,
3. ЈОВАН САМОНИКОВ,
4. М-Р ЗОРАН ИЛИЕВ,
5. М-Р САШО ПОПОВСКИ,
6. М-Р ПАСКАЛ КРАПОВСКИ,
7. БЛАГИЦА ПОП ТОМОВА,
8. ТОМИСЛАВ ШОПОВ
9. ВАНЧЕ ХАРАЛАМПОВСКИ, вежби
10. МИЛОРАД АНГЕЛОВ –
11. ДОЦ. Д-Р СОЊА ЏЕПАРОВСКА - ЗДРАВКОВА, -
12. АНИТА НАКОВА.

**ОДЛУКА**

За потребите на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за одржување на наставата во (летниот семестар) на учебната 2010-2011 година, да се ангажираат:

1. Доц. Иван Бејков
2. Доц. д-р Зоранчо Малинов,
3. Проф. м-р Олег Кондратенко,
4. Проф. д-р Родна Величковска.

**ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА**

За покривање на наставата во летниот семестар на учебната 2010/2011 година по наставната дисциплина: Информатика на Одделот за музичка теорија и педагогија во (II семестар) со фонд на часови 1+1+1, на Вокално-инструменталниот оддел – Пијано, Оддеел за дувачки и гудачки инструменти во (II семестар) со фонд на часови 1+1+1, на Одделот за џез студии во (II семестар) со фонд на часови 1+1+1 и на Вокално – инструменталниот оддел – (Соло пеење) во (VI семестар) со фонд на часови 1+1+1, да се ангажира доц. д-р Данко Илиќ, насловен доцент од Факултет за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**ПРЕДЛОГ-ОДЛУКА**

За покривање на вежбите во летниот семестар на учебната 2010/2011 година по наставната дисциплина: Информатика на Одделот за музичка теорија и педагогија во (II семестар) со фонд на часови 1+1+1, Вокално – инструменталниот оддел – Пијано, Оддеел за дувачки и гудачки

инструменти во (II семестар) со фонд на часови 1+1+1, на Одделот за џез студии во (II семестар) со фонд на часови 1+1+1 и на Вокално – инструменталниот оддел – (Соло пеење) во (VI семестар) со фонд на часови 1+1+1, да се ангажира м-р Марјан Цидров, соработник во звање асистгент на Факултет за информатика при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**ОДЛУКА**

На проф. д-р Милица Шкариќ, наставник на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и се одобрува отсуство на ден 11.2.2011 година, поради подготовка на целовечерен концерт кој ќе се одржи на 15.2.2011 година.

Одржана седница на ННУС на **7. 3. 2011** година

**Дневен ред:**

1. Разгледување на барања за одобрување на отсуство;
2. Разгледување на барања од студенти и
3. Р а з н о.

Донесени одлуки:

**ОДЛУКА**

На доц. м-р ЗЛАТКА МИТЕВА, наставник на Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и се одобрува отсуство во периодот од 16-. 22.3.2011 година, поради учество на 3. Меѓународен натпревар *„Giovani Musicisti“ Citta de Treviso* во Венеција, Р. Италија.

Трошоците за патување на релација Штип – Венеција и обратно, како и хотелското сместување со 4 (четири) ноќевања паѓаат на товар на одобрените средства за стручни и научни усовршувања на вработените на Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**ОДЛУКА**

На м-р НЕВЕНКА ТРАЈКОВА, корепетитор на Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и се одобрува отсуство во периодот од 17- 22. 3. 2011 година, поради учество на 3. Меѓународен натпревар *„Giovani Musicisti“ Citta de Treviso* во Венеција, Р. Италија.

Трошоците за патување на реалација Штип – Венеција и обратно, како и хотелското сместување со 4 (четири) ноќевања паѓаат на товар на одобрените средства за стручни и научни усовршувања на вработените на Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**ОДЛУКА**

На доц. м-р ВЛАДИМИР ЛАЗАРЕВСКИ, наставник на Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип му се одобрува отсуство во периодот од 14.-24. 3. 2011 година, поради учество на Интернационалниот фестивал „Балкански вечери“ во Конкорд - Масачусец и Македонскиот културен центар во Њујорк - САД.

**ОДЛУКА**

На Филип Василевски студент на Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип му се одобрува мирување на обврските и се ослободува од наставата во периодот од 21.2.2011 до 21.3.2011 година поради учество на семинари во Р. Франција и Р.Шпанија.

По точката Разно ННУС не расправаше.

Одржана седница на ННУС на **14. 3. 2011** година

**Дневен ред**

1. Донесување на Одлука за утврдување на потреба за распишување на конкурс за избор на наставници во насловни звања, насловен доцент;
2. Донесување на Одлука за утврдување на бројот и составот на членовите на ННУС на Факултетот за музичика уметност за летниот семестар на учебната 2010/2011 година;
3. Информација и задолженија за одржување на концерт.
4. Р а з н о.

Донесени одлуки

**О Д Л У К А**

Се утврдува потребата за распишување на конкурс за избор на наставници во звањето насловен доцент на Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ Штип, и тоа:

1.1. еден наставник во звањето насловен доцент за научната област (дисциплина) Традиционални инструменти ;

1.2. еден наставник во звањето насловен доцент за научната област (дисциплина) Кларинет;

1.3. еден наставник во звањето насловен доцент за научната област (дисциплина) Виолончело и

1.4. еден наставник во звањето насловен доцент за научната област (дисциплина) Џез гитара.

**О Д Л У К А**

Се утврдува бројот и составот на членовите на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Списокот со бројот и составот на членовите на Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип е составен дел на оваа одлука.

**ОДЛУКА**

Се усвојува информацијата и задолженијата за одржување на концерт на 25. 3.2011 година по повод патронатот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во целост.

**ОДЛУКА**

За потребите на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип за одржување на наставата и вежбите во (летниот семестар) на учебната 2010 -2011 година да се ангажираат:

1. Доц. м-р Иван Бејков;
2. Доц. д-р Зоранчо Малинов;
3. Проф. м-р Олег Кондратенко;
4. Проф. д-р Родна Величковска;
5. Доц. д-р Соња Цепаровска Здравковска.

По истата точка од дневниот ред, ННУС на Факултетот расправаше за утврдување на цена на воспитно-образовни услуги за ангажирање на стручњаци од практиката и уметници во (летниот семестар) на учебната 2010/2011 година на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

По водената дискусија, ННУС на Факултетот едногласно ја донесе следната

**ОДЛУКА**

За потребите на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип за одржување на наставата и вежбите во (летниот семестар) на учебната 2010 - 2011 година, да се ангажираат:

1. М-Р ГОРАНЧО АНГЕЛОВ
2. ЈОВАН САМОНИКОВ,
3. М-Р ЗОРАН ИЛИЕВ,
4. М-Р САШО ПОПОВСКИ,
5. М-Р ПАСКАЛ КРАПОВСКИ,
6. ТОМИСЛАВ ШОПОВ,
7. БЛАГИЦА ПОП ТОМОВА.

По истата точка од дневниот ред, ННУС на Факултетот расправаше за определување на координатор и основниот состав на тимот за изведување и определување на лице за помагање во наставата на прв циклус на студии на Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип во летниот семестар на учебната 2010/2011 година.

Се определува координатор и основниот состав на тимот за изведување и определување на лице за помагање во наставата на прв циклус на студии на

Ванче Хараламповски,<br>
Тоше Митрев И<br>
Анита Накова.

**О Д Л У К А**

На доц. м-р ВЛАДИМИР ЈАНЕВСКИ, наставник на Факултет за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип му се одобрува отсуство во периодот од 18-20. 3. 2011 година, поради изведување на теренска настава со студентите од прв и втор циклус во с. Драмче, Црник, Истевник, Ветрен и др. во Република Македонија.

По истата точка ННУС донесе и одлука за одобрување на отсуство на м-р Христо Стојанаовски за периодот од 16.3.2011 и 17.3.2011 година.

**О Д Л У К А**

На студентот Елена Чамбова од Штип со индекс бр. 12250 запишана на насока/катедра/оддел Вокално - инструментален оддел - Пијано и се признаваат испитите положени на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св.Кирил и Методиј“ во Скопје.

Одржана седница на ННУС на **30. 3. 2011** година

**Дневен ред:**

1. Предлог-одлука за утврдување на оддели и број за запишување на студенти на втор циклус на студии на ФМУ за учебната 2010-2011 година;
2. Одлука за определување на лице за држење на настава – Спорт и рекреација;
3. Барање од вработени и студенти;
4. Одлука за одобрувње на дополнителна априлска сесија за студентие на прв циклус на студии во учебната 2010/2011.

Донесени одлуки:

**О Д Л У К А:**

На Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во учебната 2011-2012 година за запишување на редовни студенти на II (втор) циклус на студии, се предлага по оддели/катедри, следниот бројот на студенти, и тоа:

- на Музичка теорија и педагогија ... 10 (десет) редовни студенти
- на Етнокорелогија .......................... 3 (три) редовни студенти
- на Одделот за џез студии .............. 6 (шест) редовни студенти
- на Вокално-инструменталниот оддел:
- Пијано ............................................ 4 (четири) редовни студенти
- Обоа................................................ 1 (еден) редовен студент
- Флејта ............................................ 2 (два) редовни студенти
- Кларинет ........................................ 2 (два) редовни студенти
- Тромбон ......................................... 3 (три) редовни студенти
- Труба .............................................. 2 (два) редовни студенти
- Виолончело .................................... 1 (еден) редовен студент
- Виолина .......................................... 1 (еден) редовен студент
- Соло пеење .................................... 2 (два) редовни студенти.

**О Д Л У К А:**

За покривање на наставата на сите оддели на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип по наставната дисциплина Спорт и рекреација“да се ангажира лицето Билјана Попеска од Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**О Д Л У К А:**

На доц. д-р Илчо Јованов, наставник и декан на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип му се одобрува отсуство во периодот од **14.4. 2011 до 21.4. 2011** година во Вараждин, Р. Хравindependentska и во Р. Германија поради концертни активности и воспоставување на соработка со сродни институции.

Именованиот во рок од седум 7 дена (седум) по завршувањето на отсуството треба да поднесе писмен извештај до ректорот на Универзитетот.

**О Д Л У К А:**

На доц. м-р Владимир Јаневски, наставник на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип му се одобрува отсуство во периодот од 4.4. 2011 до 8.4. 2011 година во Крањ, Р. Словенија, поради учество на семинар за традиционална музика и игра.

**О Д Л У К А:**

На м-р Ленче Насев, соработник на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и се одобрува отсуство во периодот од 15 до 16.4. 2011 година, поради учество со научен труд, на тема „За жанрот синфониета“ на престојниот меѓународен научен собир „ТРАДИЦИЈА КАО ИНСПИРАЦИЈА“, што ќе се одржи на Академијата за уметности при Универзитет Бања Лука – Република Српска и учество на меѓународната конференција „Школа као чинилац развоја националног и културног идентитета и проевропских вредности – образовање и васпитање – традиција и савременост“ со трудот „Примена савремених наставних стредстава у музичкој настави“ што ќе се одржи на Педагошкиот факултет во Јагодина, Р. Србија.

Именованата во рок од седум 7 дена (седум) по завршувањето на отсуството треба да поднесе извештај до ректорот на Универзитетот.

**О Д Л У К А:**

На м-р Христо Стојаноски соработник на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип му се одобрува отсуство за ден 1. 4. 2011 година поради тонски проби на ФМУ - Скопје.

По истата точка од дневниот ред, ННУС расправаше за одобрување на учество на

**О Д Л У К А:**

СЕ ОДОБРУВА учество на студенти од Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на натпревар по камерна музика, и тоа:

- квартет труби од класата на Ванчо Самоников и
- квартет (џез ансамбал) од класата на м-р Кирил Рибарски.

Музичкиот натпревар ќе се одржи во периодот од 9 до 11.4. 2011 година во Скопје.

**О Д Л У К А:**

СЕ ОДОБРУВА дополнителна априлска сесија на прв циклус на студии на

Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за учебната 2010/2011 година.

Одржана седница на ННУС на **6.4.2011** година

**Дневен ред:**

1. Формирање на рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање – насловен доцент за наставно-научната област (дисциплина) Виолончело по Конкурсот од 18.3.2011 година;
2. Формирање на рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање – насловен доцент за наставно-научната област (дисциплина) Кларинет по Конкурсот од 18.3.2011 година;
3. Формирање на рецензентска комисија за избор на наставник во насловно звање – насловен доцент за наставно-научната област (дисциплина) Џез гитара по Конкурсот од 18.3.2011 година;
4. Формирање на рецензентска комисијаза избор на наставник во насловно звање – насловен доцент за наставно-научната област (дисциплина) Традиционални инструменти по конкурсот од 18.3.2011 година;
5. Барања од наставници;
6. Информации од деканот на Факултетот во врска со активностите што ќе ги преземе Факултетот по повод претстојната учебна 2011/2012 година и др.;
7. Р а з н о.

Донесени одлуки:

**ОДЛУКА:**

Се формира Рецензентска комисија за подготвување и поднесување на писмен реферат за пријавените кандидати по Конкурсот, објавен на 18. 3. 2011 година во дневниот весник „Дневник“ за избор на наставник во насловно звање - насловен доцент за наставно-научната уметничка област виолончело на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во Рецензентската комисија се избираат:

1. М-р Анатоли Крстев, ред. проф. од наставно-научната уметничка област виолончело, вработен на Националната академија „Панчо Владигеров“ во Софија, Р. Бугарија, за претседател;
2. М-р Владимир Лазаревски, Доцент од наставно-научната уметничка област обоа, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за член и
3. Д-р Милица Шкариќ, вон. проф. од наставно-научната уметничка област пијано, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за член.

**О Д Л У К А:**

Се формира Рецензентска комисија за подготвување и поднесување на писмен реферат за пријавените кандидати по Конкурсот, објавен на 18. 3. 2011 година во дневниот весник „Дневник“ за избор на наставник во насловно звање - насловен доцент за наставно-научната уметничка област кларинет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во Рецензентската комисија се избираат:

1. Проф. м-р Иван Кочаров, ред. проф. од наставно-научната уметничка област кларинет, редовен проф. во пензија, за претседател;
2. М-р Кирил Рибарски, вон. проф. од наставно-научната уметничка област тромбон, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за член и
3. М-р Владимир Лазаревски, доцент од наставно-научната уметничка област обоа, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за член.

**О Д Л У К А:**

Се формира Рецензентска комисија за подготвување и поднесување на писмен реферат за пријавените кандидати по Конкурсот, објавен на 18. 3. 2011 година во дневниот весник „Дневник“ за избор на 1 (еден) наставник во насловно звање - насловен доцент за наставно-научната уметничка област џез гитара на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во Рецензентската комисија се избираат:

1. Антонијо Китановски, доцент од наставно-научната уметничка област џез гитара, за претседател;
2. Георги Мицанов, доцент од наставно-научната уметничка област саксафон, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за член и
3. М-р Александар Секуловски, доцент од наставно-научната уметничка област џез ударни инструменти, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за член.

Рецензентската комисија има за задача да поднесе реферат во писмена форма за сите пријавени кандидати. Рефератот на рецензентската

комисија содржи: биографски податоци на кандидатот, оценка на научните и стручните, педагошките и други остварувања на кандидатите што се од важност за утврдување на условите за избор во соодветното звање, податоци за објавените стручни и научни трудови и оценка на трудвите, вкупната актива на поени од активностите (Н+НИ+СУ+САОР), како и предлог за избор на кандидатот во соодветното звање.

**О Д Л У К А:**

Се формира Рецензентска комисија за подготвување и поднесување на писмен реферат за пријавените кандидати по Конкурсот, објавен на 18. 3. 2011 година во дневниот весник „Дневник“ за избор на 1 (еден) наставник во насловно звање - насловен доцент за наставно-научната уметничка област џез гитара на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во Рецензентската комисија се избираат:

1. Антонијо Китановски, доцент од наставно-научната уметничка област џез гитара, за претседател;
2. Георги Мицанов, доцент од наставно-научната уметничка област саксафон, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за член и
3. м-р Александар Секуловски, доцент од наставно-научната уметничка област џез ударни инструменти, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за член.

Рецензентската комисија има за задача да поднесе реферат во писмена форма за сите пријавени кандидати. Рефератот на рецензентската комисија содржи: биографски податоци на кандидатот, оценка на научните и стручните, педагошките и други остварувања на кандидатите што се од важност за утврдување на условите за избор во соодветното звање, податоци за објавените стручни и научни трудови и оценка на трудвите, вкупната актива на поени од активностите (Н+НИ+СУ+САОР), како и предлог за избор на кандидатот во соодветното звање.

**О Д Л У К А:**

Се формира Рецензентска комисија за подготвување и поднесување на писмен реферат за пријавените кандидати по Конкурсот, објавен на 18. 3. 20911 година во дневниот весник „Дневник“ за избор на 1 (еден) наставник во насловно звање - насловен доцент за наставно-научната уметничка област традиционални инструменти на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Во Рецензентската комисија се избираат:

1. М-р Марјан Јанкоски, доцент од наставно-научната уметничка област народни инструменти, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за претседател;
2. Проф. д-р Родна Величкова, вон.проф. од наставно-научната уметничка област етномузикологија, вработена на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, за член и

3. Проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев, ред. проф. од наставно-научната уметничка област етномузикологија, редовен професор во пензија, за член.
   Одржана седница на ННУС на **12. 4. 2011** година

**Дневен ред:**

1. Донесување на Предлог-одлука за утврдување на потреба за
2. распишување на конкурс за избор на наставници (во сите звања) и тоа:
3. Еден наставник (во сите звања) за наставно-научната уметничка област (дисциплина) музичка теорија и педагогија;
4. Еден наставник (во сите звања) за наставно-научната уметничка област (дисциплина) музикологија;
5. Одлука за предлагање на членови на Сенатот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
6. Формирање на комисија за спроведување на непосредно и тајно гласање за избор на членови на Сенатот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
7. Барање од вработени за отсуство;
8. Барање од студенти за признавање на испити и
9. Р а з н о.

**Донесени одлуки:**

1. Донесена е Предлог-одлука за утврдување на потреба за распишување на конкурс за избор на наставници (во сите звања) и тоа:
2. Еден наставник (во сите звања) за наставно-научната уметничка област (дисциплина) музичка теорија и педагогија;
3. Еден наставник (во сите звања) за наставно-научната уметничка област музикологија;
4. Донесена е Одлука за предлагање на членови на Сенатот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
5. Донесена е Одлука за избор на членови на комисијата за спроведување на непосредното и тајно гласање за избор на претставници, членови во Сенатот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип од редот на наставниците на Факултетот и тоа: доц. м-р Гоце Гавриловски, претседастел, доц. м-р Марјан Јанкоски, доц. м-р Анѓеле Михајловски и м-р Христо Стојановски.
6. Донесена е Одлука за избор на членови на Сенатот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип од редот на наставниците на ФМУ и тоа: проф. д-р Милица Шкариќ и доц. д-р Стефанија Лешкова – Зеленковска.
7. Донесена е Одлука за покривање на наставата во летниот семестар на учебната 2011/2012 година на Одделот за музичка педагогија – Катедра за етнокореологија во VIII (осми) семестар со фонд на часови 1+1+1 од страна на проф. д-р Емилија Петрова Горгева, наставник на Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип

8. Донесена е Одлука за одобрување на отсуство на м-р Христо Стојановски.

Одржана седница на ННУС на **26. 4. 2011** година

**Дневен ред:**

1. Наставна проблематика;
2. Формирање на реценцентска комисија за избор на еден наставник (во сите звања) за наставно-научната уметничка област (дисциплина) Музичка теорија и педагогија по конкурсот од 14.4.2011 година;
3. Формирање на рецензентска комисија за избор на еден наставник (во сите звања) за наставно-научната уметничка област (дисциплина) Музикологија по конкурсот од 14.4.2011 година;
4. Предлог-одлука за ангажирање на наставник во летниот семестар на учебната 2010/2011 година од Педагошкиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за покривање на наставата по наставната дисциплина/предметот Педагогија (изборен) од Одделот за музичка теорија и педагогија на Катедра за Етнокореологија во VIII (осми) семестар со фонд на часови 1+1+1;
5. Барање од вработени;
6. Барање од студенти и
7. Р а з н о.

Донесени одлуки:

**О Д Л У К А:**

1. Се формира Рецензентска комисија за подготвување и поднесување на писмен реферат за пријавените кандидати по Конкурсот, објавен на 14.4.2011 година во дневниот весник „Дневник“ и „Лајм“ за избор на 1 (еден) наставник во (сите звања) за наставно-научната уметничка област Музичка теорија и педагогија на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Во Рецензентската комисија се избираат, и тоа: 1.проф. м-р Љупчо Соколов, ред. проф. од наставно-научната уметничка област Музичка уметност, вработен на Педагошкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за претседател, 2. проф. д-р Аида Ислам, вон. проф. од наставно-научната уметничка област Музичка уметност и образование, вработена на Педагошкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за член и 3. проф. Илија Пејовски, вон.проф. од наставно-научната уметничка област Музичка теорија, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, за член.
3. Рецензентската комисија има за задача да поднесе реферат во писмена форма за сите пријавени кандидати. Рефератот на рецензентската комисија содржи: биографски податоци на кандидатот, оценка на научните и стручните, педагошките и други остварувања на

кандидатите што се од важност за утврдување на условите за избор во соодветното звање, податоци за објавените стручни и научни трудови и оценка на трудвите, вкупната актива на поени од активностите (Н+НИ+СУ+САОР), како и предлог за избор на кандидатот во соодветното звање.

4. Рецензентската комисија писмено изработениот реферат треба да го достави до Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во рок од 3 (три) месеци, сметано од денот на доставувањето на решението за избор на претседател (член) на Рецензентската комисија од пријавените кандидати

**О Д Л У К А:**

1. Се формира Рецензентска комисија за подготвување и поднесување на писмен реферат за пријавените кандидати по Конкурсот, објавен на 14.4.2011 година во дневниот весник „Дневник“ и „Лајм“ за избор на 1 (еден) наставник во (сите звања) за наставно-научната уметничка област Музикологија на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
2. 2. Во Рецензентската комисија се избираат: 1. проф. д-р Димитрије Бужаровски, ред. проф. од наставно-научната уметничка област музикологија и композиција, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за претседател, 2. проф. д-р Аида Ислам, вон. проф. од наставно-научната уметничка област музичка уметност и образование, вработена на Педагошкиот факултет во Скопје при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, за член и 3. проф. д-р Милица Шкариќ, вон. проф. од наставно-научната уметничка област пијано, камерна музика и методика по пијано вработена на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
3. 3. Рецензентската комисија има за задача да поднесе реферат во писмена форма за сите пријавени кандидати. Рефератот на рецензентската комисија содржи: биографски податоци на кандидатот, оценка на научните и стручните, педагошките и други остварувања на кандидатите што се од важност за утврдување на условите за избор во соодветното звање, податоци за објавените стручни и научни трудови и оценка на трудовите, вкупната актива на поени од активностите (Н+НИ+СУ+САОР), како и предлог за избор на кандидатот во соодветното звање.
4. Рецензентската комисја писмено изработениот реферат треба да го достави до Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во рок од 3 (три) месеци, сметано од денот на доставувањето на решението за избор на претседател (член) на Рецензентската комисија од пријавените кандидати.

**О Д Л У К А:**

За покривање на наставата во летниот семестар на учебната 2010/2011 година по наставната дисциплина/предметот: Педагогија (изборен) на Одделот за музичка теорија и педагогија - Катедра за етнокореологија во VIII (осми) семестар со фонд на часови 1+1+1, да се ангажира проф. д-р Емилија Петрова-Ѓоргева, наставник од Педагошкиот факултет при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**О Д Л У К А:**

На лицето ВАНЧО ПАВЛОВ, секретар на ФМУ и ТТФ при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, му се одобрува отсуство во периодот од 18 до 21.5.2011 година во Охрид, поради присуство на семинар (64-та средба на правниците на РМ).

**I. О Д Л У К А:**

Барањето на Трајче Поповски од Битола, заведено под број 1505-17/2 од 12.4.2011 година за враќање на парични средства уплатени на име на партиципација за запишување на I и II семестар на учебната 2008/2009 година, III и IV семестар на учебната 2009/2010 и V семестар на учебната 2010/2011 година на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, се усвојува и на именованиот му се признава право за враќање на парични средства уплатени на име на партиципација за запишување на I и II семестар на учебната 2008/2009 година, III и IV семестар на учебната 2009/2010 и V семестар на учебната 2010/2011 година или вкупно износ од 30.630,оо денари (триесет илјади шестотини и триесет денари) како припадник на безбедносните сили на Р. Македонија во периодот од 5.7.2001 година до 4.8.2001 и како воен обврзник на резервниот состав на Армијата на Република Македонија кој учествувал во вооружените дејствија во одбрана на суверенитетот на Република Македонија.

По истата точка од дневниот ред, ННУС на Факултетот расправаше за донесување на одлука за признавање на испити на студентот Мите Витанов од Струмица со индекс бр. 12199 запишан на Вокално-инструменталниот оддел – Кларинет на ФМУ при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, а положени на Факултет за музичка уметност, оддел МТП при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

По водената дискусија, ННУС на Факултетот едногласно ја донесе следната

**II. О Д Л У К А**

На студентот Мите Витанов од Струмица со индекс бр. 12199 запишан на Вокално-инструменталниот оддел - Кларинет на ФМУ при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип му се признаваат испитите положени на Факултет за музичка уметност, оддел МТП при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и тоа:

Целосно му се признаваат следниве испити:

| | |
|---|---|
| I семестар | оценка |
| 1. Солфеж 1 | 7 (седум) |
| 2. Историја на музиката 1 | 6 (шест |
| 3. Хармонија | 6 (шест) |

| | |
|---|---|
| II семестар | оценка |
| 1. Солфеж 2 | 7 (седум) |
| 2. Историја на музиката 2 | 6 (шест) |

Студентот се запишува во III (трети) семестар II (втора) година во учебната 2010/2011 година.

**III. О Д Л У К А**

На студентот Методи Тенев од Штип со индекс бр. 12259 запишан на Одделот за Џез студии му се признаваат испитите положени на Филозофскиот факултет при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и тоа

Целосно му се признаваат следниве испити:

| | |
|---|---|
| I семестар | оценка |
| 1. Педагогија | 8 (осум) |
| 2.Информатика | 6 (шест) |

Студентот се запишува во I (први) семестар II (втора) година во учебната 2010/2011 година.

Одржана седница на ННУС на ФМУ на **4.5. 2011** година

**Дневен ред:**

1. Донесување на Одлука за предлагање на ректор и проректори на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за мандатен период 2011-2015 година;
2. Барање од вработени за одобрување на отсуство и
3. Барање од студенти.

Донессени одлуки

1. Донесена е Одлука за предлог-кандидат за избор на ректор на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и се утврдува проф. д-р Саша Митрев, ред. проф. на Земјоделскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
2. Донесена е Одлука за предлог-кандидати за избор на проректори на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип и се утврдуваат: проф. д-р Блажо Боев, наставник од Факултетот за природни и технички науки, проф. д-р Емилија Јаневиќ – Ивановска, вон. проф., наставник од Медицинскиот факултет и д-р Кирил Барбареев, наставник од Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
3. Донесена е Одлука за одобрување на отсуство на вработените од ФМУ и тоа на: доц. д-р Стефаниија Лешкова – Зеленковска.

4. Донееена е Одлука за Наташа Трбојевиќ за ангажирање во мај и јуни 2011 година за ангажирање по пијано за двајца студенти при подготовка на нивните дипломски трудови;
5. Донесена е Одлука за одобрување на брањата на студентите: Живко Крстески, Алксандар Параско и Горан Ѓорев.

Одржана седница на ННУС на ФМУ на **25.5. 2011** година

**Дневен ред:**

1. Наставна проблематика;
2. Донесување на Одлука за започнување на постапка за избор на декан на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за мандатен период 2011-2015 година и
3. Р а з н о.

**Донесени одлуки:**

1. Се отвора постапка за утврдување на еден или повеќе кандидати за избор на декан на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
2. Секој наставник во наставно-научното звање, редовен и вонреден професор, а доколку такви нема и секој доцент, во рок од 30 дена од денот на донесувањето на одлуката од точка 1 има право да се кандидира за декан на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
3. Заинтересираните кандидати треба да достават и тоа:
   3.1. Пријава;
   3.2. Кратка биографија (CV);
   3.3. Програма за 4-годишна работа на Факултетот и
   3.4. Одлука за избор во наставно-научно звање.
4. Документите од точка 3 на оваа Одлука се доставуваат до техничкиот секретар на Факултетот на заверка.
5. Донесена е Одлука за организирање на Годишен концерт од страна на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
6. Донесена е Одлука за организирање на Астибо џез фестивал во Штип, во соорганизација со Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
7. Донесена е одлука за исправка на техничка грешка во студиската програма на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.
8. Донесена е одлука за одобрување на отсуство на доц. Антонијо Китановски и на м-р Ленче Насев.

Одржана седница на ННУС на ФМУ на **16. 6. 2011** година

**Дневен ред:**

1. Избор на наставник за наставно-научната уметничка област (дисциплина) Музичка теорија и педагогија, според билтенот на

Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, број 61 од 1.6.2011 година на стр. 37;
2. Избор на наставник за наставно-научната уметничка област (дисциплина) Музикологија според билтенот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, број 61 од 1.6.2011 година, на стр. 42;
3. Донесување на Одлука за усплата на парични средства на претседателот и на членовите на рецензентската комисија за изработка на реферат-рецензија за избор на наставник за наставно-научната уметничка област (дисциплина) Музичка теорија и педагогија, според Билтенот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, број 61;
4. Донесување на Одлука за усплата на парични средства на претседателот и членовите на рецензентската комисија за изработка на реферат-рецензија за избор на наставник за наставно-научната уметничка област (дисциплина) Музикологија, според Билтенот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, број 61;
5. Донесување на Одлука за покриеноста на наставата на прв циклус на универзитетски (академски) студии во зимскиот и летниот семстар на учебната 2011/2012 година со наставници вработени на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
6. Донесување на Одлука за покриеноста на наставата на прв циклус на универзитетски (академски) студии во зимскиот и летниот семстар на учебната 2011/2012 година со наставници избрани на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во насловни звања;
7. Донесување на Одлука за покриеноста на наставата на прв циклус на универзитетски (академски) студии во зимскиот и летниот семстар на учебната 2011/2012 година со ангажирани лица како стручњаци од праксата и уметници;
8. Донесување на Одлука за покриеноста на наставата на прв циклус на универзитетски (академски) студии во зимскиот и летниот семстар на учебната 2011/2012 година со наставници ангажирани од други универзитети и институти;
9. Донесување на Одлука за покриеноста на наставата на прв циклус на универзитетски (академски) студии во зимскиот и летниот семстар на учебната 2011/2012 година со наставници ангажирани од други единици во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
10. Донесување на Одлука за покриеноста на наставата на втор циклус на универзитетски (академски) студии во зимскиот и летниот семстар на учебната 2011/2012 година;
11. Барање од вработени;
12. Барање од студенти и
13. Р а з н о.

**Донесени одлуки:**

1. За избор на доц. Илчо Јованов за наставник во звање вонреден професор за наставно-научната уметничка област (дисциплина)

музичка теорија и педагогија, според Билтенот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, број 61 од 1.6.2011 година;

2. За избор на доц. Стефанија Лешкова - Зеленковска за наставник во звање вонрден професор за наставно-научната уметничка област (дисциплина) ***м***узикологија, според Билтенот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, број 61 од 1.6.2011 година;
3. Донесена е Одлука за покриеноста на наставатга на прв циклус на универзитетски (академски) студии во (зимскиот и летниот семестар) на учебната 2011/2012 година со наставници вработени на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
4. Донесена е Одлука за покриеноста на наставатга на прв циклус на универзитетски (академски) студии во (зимскиот и летниот семстар) на учебната 2011/2012 година со наставници избрани на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во насловни звања;
5. Донесена е Одлука за покриеноста на наставата на прв циклус на универзитетски (академски) студии во (зимскиот и летниот семстар) на учебната 2011/2012 година со ангажирани лица како стручњаци од праксата и уметници;
6. Донесена е Одлука за покриеноста на наставата на прв циклус на универзитетски (академски) студии во (зимскиот и летниот семстар) на учебната 2011/2012 година со ангажирани лица од други универзитети и институти;
7. Донесена е Одлука за покриеноста на наставата на прв циклус на универзитетски (академски) студии во (зимскиот и летниот семстар) на учебната 2011/2012 година со наставници ангажирани од други единици во рамките на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
8. Донесена е Одлука за покриеноста на наставата за втор циклус на универзитетски (академски) студии во (зимскиот и летниот семстар) на учебната 2011/2012 година;
9. Донесени се Одлуки за определување на кординатори и основниот состав на тимот за изведување на наставата, односно со лица кои помагат во изведувањето на наставата на прв циклус на студии за: Ивона Јанаков, Ванче Хараламповски, Михајло Штерјов и Анита Накова;
10. Донесена е Одлука за покриеноста на наставата на втор циклус на универзитетски (академски) студии во (зимскиот и летниот семстар) на учебната 2011/2012 година по наставната дисциплина: „Методологија на научноистражувачката работа 1“ од Факултетот за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
11. Донеена е Одлука за исплата на парични средства на рецензентите за изработка на рефератот – рецензијата за избор на: д-р Илчо Јованов и д-р Стефанија Лешкова – Зеленковска.
12. Донесени се одлуки за одобрување на отсуства на вработените наставници на ФМУ и тоа: доц. м-р Емилија Потевска, доц. м-р Татјана Џорлева, доц. Александар Секуловски, проф. д-р Милица

Шкариќ, доц. м-р Валентина Велковска – Трајановска и проф. д-р Стефанија Лешкова –Зеленковска.

13. Донесена е Одлука за признавање на испити на студентот Ванче Хараламовски.

**Одржана седница на ННУС на ФМУ на 27. 6. 2011 година**

**Дневен ред:**

1. Донесување на Одлука за утврдување на кандидат за избор на декан на Факултетот за музичка уметност при Универзитет „Гоце Делчев" - Штип;
2. Барање за одобрување на отсуства.

**Донесени одлуки:**

**I. О Д Л У К А:**

Се утврдува проф. д-р Илчо Јованов, вон. проф. на ФМУ при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип за кандидат за избор на декан на ФМУ за мандатниот период 2011-2015 година.

**II. О Д Л У К И:**

ННУС на Факултетот едногласно донесе одлуки за одобрување на барањата за отсуство на: доц. м-р Златка Митева, доц. м-р Ангеле Михајловски, доц. м-р Марјан Јанкоски, доц. м-р Александар Секуловски и доц. Антонијо Китановски.

**Одржана седница на ННУС на ФМУ на 6. 7. 2011 година**

**Дневен ред:**

1. Избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област џез гитара, според Билтенот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, број 62 од 15. 06. 2011 година на стр. 22;
2. Донесување на Одлука за дефинирање на катедри на Факултетот за музичка уметност;
3. Донесување на Одлука за исплата на парични средства на претседателот и на членовите на рецензентската комисија за изработка на реферат-рецензија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област (дисциплина) џез гитара, според Билтенот на Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип, број 62 од 15. 6. 2011 година;
4. Донесување на Одлука за формирање на конкурсна комисија за запишување на нови студенти во I (прва) година на I (прв) циклус на универзитетски (академски) студии во учебната 2011/2012 година, на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот "Гоце Делчев" во Штип;
5. Донесување на Одлука за формирање на конкурсна комисија за формирањена комисии за проверка на знаењата и умеењата за пријавените кандидати за запишување во I (прва) година на I (прв)

циклус на универзитетски (академски) студии во учебната 2011/2012 на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
6. Барање од вработени;
7. Барање од студенти и
8. Р а з н о.

**Донесени одлуки:**

**О Д Л У К А:**

М-р САШО ПОПОВСКИ се избира за наставник во насловно звање насловен доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната уметничка област ЏЕЗ ГИТАРА

Именуваниот се избира во наведеното звање за време од 5 (пет) години, сметано од 7.7. 2011 до 7.7.2016 година.

**О Д Л У К А:**

Називот на Одделот за музичка теорија и педагогија на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, се менува и гласи: „Оддел за теорија на музиката и музичка педагогија“ во кој се врши внатрешна реорганизација, при што „Катедрата за музичка теорија и педагогија“ го менува називот во „Катедра за теорија на музиката и музичка педагогија“, а „Катедрата за народни инструменти“ се припојува кон „Катедра за етнокореологија“ на која и се додава и научната областа „Етномузикологија“.

Според измените во точката 1, Одделот за музичка теорија и педагогија на Факултетот добива назив: „Оддел за теорија на музиката и музичка педагогија“, во кој Катедрата за музичка теорија и педагогија добива назив Катедра за теорија на музиката и музичка педагогија, а додека Катедрата за етнокореологија назив Катедра за етнокореологија, етномузикологија и народни инструменти.

Според реорганизацијата од точката 1, во Одделот за теорија на музиката и музичка педагогија на Факултетот, бројот и називите на катедрите ќе гласи:

Одделот за теорија на музиката и музичка педагогија
1. Катедра за теорија на музиката и музичка педагогија и
2. Катедра за етнокореологија, етномузикологија и народни инструменти.

Во Вокално-инструменталниот оддел на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се врши внатрешната реорганизација, при што Катедрата за гудачки инструменти го менува називот во Катедра за жичени инструменти, а Катедрата за соло пеење во Катедра за вокално пеење, а додека Катедрата за камерна музика се укинува.

Според измените во точката 2, во Вокално-инструменталниот оддел на Факултетот, Катедрата за гудачки инструменти ќе носи назив: Катедра

за жичени инструменти, а Катедрата за соло пеење назив Катедра за вокално пеење.

Во Катедра за пијано и во Катедрата за дувачки инструменти во Вокално-инструменталниот оддел на Факултетот не се вршат промени.

Според реорганизацијата од точката 2 во Вокално-инструменталниот оддел на Факултетот, бројот и називите на катедрите ќе гласи:

Вокално-инструментален оддел

1. Катедра за пијано;
2. Катедра за дувачки инструменти;
3. Катедра за жичени инструменти и
4. Катедра за вокално пеење.

Во Одделот за џез студии на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип не се врши промени во катедрите и остануваат следните катедри:

Одделот за џез студии

1. Катедра за инструментален џез и
2. Катедра за џез композиција.

Врз основа на точката еден од Одлуката да се извршат и измени и дополнувања на Правилникот за внатрешните односи и работењето на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во делот - Глава VI. Внатрешна организација на Факултетот, во поднасловот Наставно-научни организациони единици на Факултетот.

**О Д Л У К А:**

На претседателот и на членовите на Рецензентската комисија формирана со Одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, број 1902-51/5 од 6.4.2011 година да се исплатат парични средства на име надомест за изработка на реферат – рецензија, и тоа:

– на Антонијо Китановски, доцент од наставно-научната уметничка област џез гитара, претседател, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во бруто износ 1.667,00 денари.
– на Ѓеорѓи Мицанов, доцент од наставно-научната уметничка област саксафон, член, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип во бруто износ од 1.111,00 денари.
– на м-р Александар Секуловски, доцент од наставно-научната уметничка област џез ударни инструменти, член, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во бруто износ од 1.111,00 денари.

**О Д Л У К А:**

За пријавените кандидати за запишување во I (прва) година на I (прв) циклус на универзитетски (академски) студии во учебната 2011/2012 година на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип се формира конкурсна комисија.

Во комисијата се именуваат:

1. Доц. м-р Ангеле Михајловски, претседател;
2. Проф. д-р Илчо Јованов, член;
3. Доц. м-р Златка Митева, член и
4. М-р Христо Стојановски, член и
5. М-р Ленче Насев, член.

**О Д Л У К А:**

1. На Факултетот за музичка уметност за пријавените кандидати за запишување во I (прва) година во учебната 2011/2012 година се врши проверка на знаењата и умеењата.
2. За проверка на знаењата и умеењата на Факултетот за музичка уметност се формираат комисии одделно за секој оддел, односно катедра, и тоа:

- **на Одделот за музичка теорија и педагогија (солфеж)** се именуваат: проф. д-р Илчо Јованов, доц. д-р Стефанија Лешкова Зеленковска, доц. м-р Валентина Велковска – Трајановска и доц. м-р Гоце Гавриловскии;
- **на Одделот за музичка теорија и педагогија (основи на хармонија)** доц. м-р Валентина Велковска – Трајановска, проф. д-р Илчо Јованов, доц. д-р Стефанија Лешкова Зеленковска и доц. м-р Гоце Гавриловски;
- **на Вокално-инструменталниот оддел - Катедра за пијано**, доц. м-р Татјана Џорлева, проф. д-р Милица Шкариќ, доц. м-р Емилија Потевска и доц. м-р Анѓеле Михајловски.
- **на Бокално-инструменталниот оддел (Солфеж)**, проф. д-р Илчо Јованов, доц. д-р Стефанија Лешкова Зеленковска, доц. м-р Валентина Велковска – Трајановска и доц. м-р Гоце Гавриловскии;
- **на Одделот за етнокореологија (солфеж)** проф. д-р Илчо Јованов, доц. д-р Стефанија Лешкова Зеленковска, доц. м-р Валентина Велковска – Трајановска и доц. м-р Гоце Гавриловскии;
- **практичен дел (етнокореологија)**, доц. м-р Владимир Јаневски, м-р Марјан Јанковски проф. д-р Илчо Јованов и м-р Горанчо Ангелов;
- **на Одделот за жичени инструменти (солфеж**) се именуваат: доц. д-р Илчо Јованов, доц. д-р Стефанија Лешкова – Зеленковска, доц. м-р Валентина Велковска – Трајановска и доц. м-р Гоце Гавриловски;
- **на Одделот за жичени инструменти (инструмент**) се именуваат: м-р Паскал Краповски, доц. м-р Иван Бејков и м-р Владимир Крстев;
- **на Одделот за дувачки инструменти (солфеж)** се именуваат: доц. д-р Илчо Јованов, доц. д-р Стефанија Лешкова Зеленковска, доц. м-р Валентина Велковска – Трајановска и доц. м-р Гоце Гавриловски;

- **практичен дел (дувачки инструмент)** проф. м-р Кирил Рибарски, Јован Самоников, доц. м-р Владимир Лазаревски, м-р Златка Митева и м-р Зоран Илиев.
- **на Оделот за џез студии (џез солфеж и теорија - еден испит)** проф. д-р Илчо Јованов, доц. Антонијо Китановски и Ванче Хараламповски.
- **на Одделот за џез студии (матичен инструмент)** доц. Антонијо Китановски, проф. Илија Пејовски, доц. Ѓорѓи Мицанов, доц. м-р Александар Секуловски, Јован Самоников, проф. м-р Кирил Рибарски, доц. Иван Бејков и м-р Сашо Поповски.
- **на Одделот за соло пеење (Солфеж)** проф. д-р Илчо Јованов, доц. д-р Стефанија Лешкова Зеленковска, доц. м-р Валентина Велковска – Трајановска и доц. м-р Гоце Гавриловски;
- **на Одделот за соло пеење – практичен дел** се именуваат: проф.м-р Борис Трајанов, проф. д-р Илчо Јованов и Благица Поп Томова.

3. Испитот за проверка на знаењата и умеењата се спроведува устно и практично.
4. Испитот од точка 1 на оваа одлука во првиот, вториот и евентуално третиот уписен рок се спроведува во термините утврдени со конкурсот за запишување на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**О Д Л У К А:**

Се одобрува отсуство на Невенка Трајкова за присуство на фестивалот „Езерски бисери“ во Струга во периодот од 8.8 до 10.8.2011 година во својство на член на Организациониот одбор на Фестивалот.

**I. О Д Л У К А:**

Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип донесе одлука за одобрување на барањето бр.1505-17/5 од 5.7.2011 година за признавање на испит поднесено од Славчо Коцев, редовен студент на Одделот за џез студии - џез тапани на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Наставно-научниот уметнички совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип го призна испитот на студентот СЛАВЧО КОЦЕВ, положен на Педагошкиот факултет, сега Факултет за образовни науки при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Целосно се признава следниот испит

Психологија ....8 (осум)

Студентот се запишува во VIII семестар, IV година во учебната 2010/2011 година.

**II. О Д Л У К А:**

Барањето на Цветан Пијанечки, заведено под број 1505-22/3 од 5. 7. 2011 година за враќање на парични средства уплатени на име на партиципација за запишување на I, II, III, IV и V семестар на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, се

усвојува и на именованиот му се признава право за враќање на паричните средства уплатени на име на партиципација за запишување на I, II, III, IV и V семестар во вкупен износ од 27.620,00 денари (дваесет и седум илјади шестотини и дваесет).

Одржана седница на ННУС на ФМУ на **18. 08. 2011** година

**Дневен ред:**

1. Избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област *„Кларинет“,* според Билтенот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, број 63 од 1. 7. 2011 година на стр. 55;
2. Донесување на Одлука за усплата на парични средства на претседателот и на членовите на рецензентската комисија за изработка на реферат-рецензија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област (дисциплина) *Кларинет,* според Билтенот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, број 63 од 1. 7. 2011 година;
3. Избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област *Традиционални инструменти,* според Билтенот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, број 63 од 1. 7. 2011 година на стр. 66;
4. Донесување на Одлука за исплата на парични средства на претседателот и на членовите на рецензентската комисија за изработка на реферат-рецензија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област (дисциплина) *Традиционални инструменти,* според Билтенот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, број 63 од 1.07. 2011 година;
5. Избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област *Виолончело,* според Билтенот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, број 63 од 1. 7. 2011 година на стр. 86;
6. Донесување на Одлука за исплата на парични средства на претседателот и на членовите на рецензентската комисија за изработка на реферат-рецензија за избор на наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната уметничка област (дисциплина) *Виолончело,* според Билтенот на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, број 63 од 1. 7. 2011 година;
7. Одллука за ангажирање на наставници во насловни звања на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на I (прв) циклус на универзитетски (академски) студии во зимскиот и летниот семестар на учебната 2011 - 2012 година.
8. Одлука за ангажирање на афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на прв циклус на универзитетски (академски) студии во зимскиот и летниот семестар на учебната 2011 - 2012 година.

9. Одлука за верификација на списокот на менторите и темите за дипломски труд на Одделот за џез студии на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
10. Одлука за верификација на списокот на менторите и темите за дипломски труд на Одделот за музичка теорија и педагогија – Катедра за етнокореологија, етномузикологија и народни инструменти на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип;
11. Разгледување на барања за одобрување на отсуства;
12. Разгледување на барања од студенти и
13. Ра з н о.

Донесени одлуки:

**О Д Л У К А:**

М-р БРАНКО ПАВЛОВСКИ се избира наставник во насловно звање насловен доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната уметничка област КЛАРИНЕТ.

Именуваниот се избира во наведеното звање за време од 5 (пет) години, сметано од 19.8.2011 до 19.8.2016 година.

**О Д Л У К А:**

На претседателот и на членовите на рецензентската комисија формирана со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, број 1902-51/4 од 6.4.2011 година да се исплатат парични средства на име надомест за изработка на реферат – рецензија, и тоа:

– на проф. м-р Иван Кочаров, ред. проф. од наставно-научната уметничка област кларинет, претседател, редовен проф. во пензија, во бруто износ од 3333,00 денари**.**
– м-р Кирил Рибарски, вон. проф. од наставно-научната уметничка област тромбон, член, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во бруто износ од 1.111,00 денари и
– м-р Владимир Лазаревски, доцент од наставно-научната уметничка област Обоа, член, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во бруто износ од 1.111,00 денари.

Паричните средства на претседателот и на членовите на рецензентската комисија да се исплатат по изработка и објавување на рефератот/рецензијата во Универзитетскиот билтен на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**О Д Л У К А:**

М-р ГОРАНЧО АНГЕЛОВ се избира наставник во насловно звање насловен доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот

„Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната уметничка област ТРАДИЦИОНАЛНИ ИНСТРУМЕНТИ.

Именуваниот се избира во наведеното звање за време од 5 (пет) години, сметано од 19.8.2011 до 19.8.2016 година.

**О Д Л У К А:**

На претседателот и на членовите на рецензентската комисија формирана со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, број 1902-51/6 од 6.4.2011 година да се исплатат парични средства на име надомест за изработка на реферат – рецензија, и тоа:

- на м-р Марјан Јанкоски, доцент од наставно-научната уметничка област Народни инструменти, претседател, вработен на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во бруто износ од 1.667,00 денари;
- на проф. д-р Родна Величкова, вон. проф. од наставно-научната уметничка област Етномузикологија, член вработена на Институтот за фолклор „Марко Цепенков“ во Скопје, во бруто износ од 1.667,00 денари и
- на проф. д-р Ѓорѓи Ѓорѓиев, член, ред. проф. од наставно-научната уметничка област Етномузикологија, редовен професор во пензија од Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, во бруто износ од 1.667,00 денари.

Паричните средства на претседателот и на членовите на рецензентската комисија да се исплатат по изработка и објавување на рефератот/рецензијата во Универзитетскиот билтен на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**О Д Л У К А:**

М-р ПАСКАЛ КРАПОВСКИ се избира за наставник во насловно звање насловен доцент на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за наставно-научната уметничка област ВИОЛОНЧЕЛО.

Именуваниот се избира во наведеното звање за време од 5 (пет) години, сметано од 19.8.2011 до 19.8.2016 година.

**О Д Л У К А:**

На претседателот и на членовите на рецензентската комисија

формирана со одлука на Наставно-научниот совет на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, број 1902-51/3 од 6.4.2011 година да се исплатат парични средства на име надомест за изработка на реферат – рецензија, и тоа:

- на проф. Анатоли Крстев, ред. проф. од наставно-научната уметничка област Вилончело, претседател, вработен на Националната академија „Панчо Владигеров“ во Софија, Р. Бугарија, во бруто износ од 3.333,00 денари;

- на м-р Владимир Лазаревски, доцент од наставно-научната уметничка област Обоа, член, вработен на Факултетот за музичка уметност во Штип при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, во бруто износ од 1.111,00 денари, и
- на д-р Милица Шкариќ, вон. проф. од наставно-научната уметничка област Пијано, член, вработена на Факултетот за музичка уметност во Штип, во бруто износ од 1.111,00 денари.

Паричните средства на претседателот и на членовите на рецензентската комисија да се исплатат по изработка и објавување на реферaтот/рецензијата во Универзитетскиот билтен на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

**О Д Л У К А:**

Се ангажираат наставници во насловни звања на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на I (прв) циклус на универзитетски (академски) студии во зимскиот и летниот семестар на учебната 2011 - 2012 година, и тоа:

1. **М-р Иван Бејков**

Во зимскиот семестар на учебната 2011/2012 по предметите:

- *задолжителни предмети – наставни дисциплини:*
- **Џез ансамбл 1- 6,** ќе се слуша во зимскиот (III, V I VII семестар) на Одделот по џез студии со фонд на часови 2+0;
- *задолжителни/менторски– наставни дисциплини:*
- **Матичен инструмент (џез бас) 1, 3 и 5,** ќе се слуша во зимски (семестар) на Одделот по џез студии со фонд на часови 1+0.

Во летниот семестар на учебната 2011/2012 по предметите:

- *задолжителни предмети – наставни дисциплини:*
- **Џез ансамбл 1 - 6,** ќе се слуша во летниот (семестар) на Одделот по џез студии со фонд на часови 2+0.
- *задолжителни/менторски предмети – наставни дисциплини:*
- **Матичен инструмент (џез бас) 2, 4 и 6,** ќе се слуша во летниот (семестар) на Одделот по џез студии со фонд на часови 1+0.
- **Дипломски концерт,** ќе се слуша во летниот (семестар) на Одделот по џез студии со фонд на часови 1+0.

**2. М-р ГОРАНЧО АНГЕЛОВ,** согласно со студиските и предметни програми се ангажира на Факултетот за музичка уметност на следните предмети - наставни дисциплини:

Во зимскиот семестар на учебната 2011/2012 по предметите:

- *задолжителни предмети – наставни дисциплини - корепетиција на вежби*
- **Етнокореологија со народни ора 1**, ќе се слуша во зимски (I семестар) на Катедрата за Етнокореологија со фонд на часови 2+2+2 (корепетиција).

- **Етнокореологија со народни ора 3**, ќе се слуша во зимски (III семестар) на Катедрата за Етнокореологија со фонд на часови 2+2+2 (корепетиција).
- **Етнокореологија со народни ора 5**, ќе се слуша во зимски (V семестар) на Катедрата за Етнокореологија со фонд на часови 2+2+2 (корепетиција).
- **Етнокореологија со народни ора 7**, ќе се слуша во зимски (VII семестар) на Катедрата за етнокореологија, со фонд на часови 2+2+1 (корепетиција).

- *изборни предмети – наставни дисциплини:*

**- Традиционални инструменти 1**, ќе се слуша во зимски (III семестар) на Катедрата за етнокореологија со фонд на часови 1+1+1;

**- Традиционални инструменти 3**, ќе се слуша во зимски (V семестар) на Катедрата за етнокореологија со фонд на часови 1+1+1;

**- Оркестар на традиционални инструменти 1**, ќе се слуша во зимски (VII семестар) на Катедрата за етнокореологија со фонд на часови 1+1+1.

Во летниот семестар на учебната 2011/2012 по предметите:

- *задолжителни предмети – наставни дисциплини- корепетиција на вежби:*
- **Етнокореологија со народни ора 2**, ќе се слуша во летен (II семестар) на Катедрата за етнокореологија со фонд на часови 2+2+2 (корепетиција).
- **Етнокореологија со народни ора 4**, ќе се слуша во летен (IV семестар) на Катедрата за етнокореологија со фонд на часови 2+2+2 (корепетиција).
- **Етнокореологија со народни ора 6**, ќе се слуша во летен (VI семестар) на Катедрата за етнокореологија со фонд на часови 2+2+2 (корепетиција).
- **Етнокореологија со народни ора 8**, ќе се слуша во летен (VIII семестар) на Катедрата за етнокореологија, со фонд на часови 2+2+1. (корепетиција).
- *изборни предмети – наставни дисциплини:*
- **Традиционални инструменти 2**, ќе се слуша во летен (IV семестар) на Етнокореологија со фонд на часови 1+1+1;
- **Традиционални инструменти 4**, ќе се слуша во летен (VI семестар) на Етнокореологија со фонд на часови 1+1+1;
- **Оркестар на традиционални инструменти 2**, ќе се слуша во летен (VIII семестар) на Етнокореологија со фонд на часови 1+1+1.

**3. М-р Бранко ПАВЛОВСКИ** согласно со студиските и предметни програми се ангажира на Факултетот за музичка уметност на следните предмети - наставни дисциплини:

Во зимскиот семестар на учебната 2011/2012

- *задолжителни предмети - наставни дисциплини:*
- **Кларинет со оркестарски делници 1**, ќе се слуша во зимскиот (I семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2+2;
- **Кларинет со оркестарски делници 3**, ќе се слуша во зимскиот (III семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2+2;

Во летниот семестар на учебната 2011/2012
- *задолжителни предмети - наставни дисциплини:*
- **Кларинет со оркестарски делници 2**, ќе се слуша во летниот (II семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2+2;
- **Кларинет со оркестарски делници 4**, ќе се слуша во летниот (IV семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2+2.

**4. М-р САШО ПОПОВСКИ,** согласно студиските и предметни програми, се ангажира на Факултетот за музичка уметност на следните предмети - наставни дисциплини:

Во зимскиот семестар на учебната 2011/2012 по предметите:
- *задолжителни предмети – наставни дисциплини:*
- **Вовед во историја и теорија на џезот 1**, ќе се слуша во зимски (I семестар) на Одделот за џез студии со фонд на часови 2+0 +1;
- **Џез ансамбл 1, 3 и 5**, ќе се слуша во зимски ( III , V и VII семестар) на Одделот за џез студии со фонд на часови 2+0+1;
- **Аранжирање 1**, ќе се слуша во зимски (III семестар) на Одделот за џез студии со фонд на часови 2+0+1.
- *задолжителни/менторски– наставни дисциплини:*
- **Матичен инструмент (гитара) 1**, **3** и **5**, ќе се слуша во зимски ( I, III и V семестар) на Одделот за џез студии со фонд на часови 1+0+5.

Во летниот семестар на учебната 2011/2012 по предметите:
- *задолжителни предмети – наставни дисциплини:*
- **Вовед во историја и теорија на џезот 2**, ќе се слуша во летниот (II семестар) на Одделот по џез студии со фонд на часови 2+0+1;
- **Џез ансамбл 2, 4 и 6**, ќе се слуша во летниот (IV, VI и VIII семестар) на Одделот по џез студии со фонд на часови 2+0+1.
- *задолжителни/менторски предмети – наставни дисциплини:*
- **Матичен инструмент (гитара) 2, 4 и 6**, ќе се слуша во летниот ( II , IV и VI семестар) на Одделот по џез студии со фонд на часови 1+0+5
- **Дипломски концерт**, ќе се слуша во летниот (VIII семестар) на Одделот за џез студии со фонд на часови 1+0+5.

**5. М-р ПАСКАЛ КРАПОВСКИ**, согласно студиските и предметни програми, се ангажира на Факултетот за музичка уметност на следните предмети - наставни дисциплини:

Во зимскиот семестар на учебната 2011/2012 по предметите:
– *задолжителни предмети - наставни дисциплини:*
– **Виолончело со оркестарски делници 1,** ќе се слуша во зимскиот (I семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2+2;
– **Виолончело со оркестарски делници 3**, ќе се слуша во зимскиот (I семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2+2, 2+1;
– **Виолончело со оркестарски делници 7**, ќе се слуша во зимскиот (VII семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2+1;

Во летниот семестар на учебната 2011/2012
– *задолжителни предмети - наставни дисциплини:*
– **Виолончело со оркестарски делници 2**, ќе се слуша во летниот (II семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2+2;
– **Виолончело со оркестарски делници 4**, ќе се слуша во летниот (II семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2+2;
– **Виолончело со оркестарски делници 8**, ќе се слуша во летниот (VIII семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+ 2+1.

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува од учебната 2011/2012 година и се ставаат вон сила точката 1 3, 4 и 5 од Одлуката број 1902-69/3 од 3.6.2010 година за ангажирање на афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на прв циклус на универзитетски (академски) студии во зимскиот и летниот семестар на учебната 2011 - 2012 година.

**О Д Л У К А:**

За потребате на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип за одржување на наставата и вежбите во (зимскиот и летниот семестар) на учебната 2011 - 2012 година, да се ангажираат:

**1. ЈОВАН САМОНИКОВ,** согласно студиските и предметни програми, се ангажира на Факултетот за музичка уметност на следните предмети - наставни дисциплини:

Во зимскиот семестар на учебната 2011/2012

- *задолжителни предмети - наставни дисциплини:*
- **Труба со оркестарски делници 1**, ќе се слуша во зимскиот (I семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2+2;
- **Труба со оркестарски делници 3**, ќе се слуша во зимскиот (III семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2+2;
- **Труба со оркестарски делници 5**, ќе се слуша во зимскиот (V семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2+1;
- **Труба со оркестарски делници 7**, ќе се слуша во зимскиот (VII семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2+1;
- **Матичен инструмент (џез труба) 1, 3, 5 и 7**, ќе се слуша во летниот ( I, III, V и VII семестар) на Одделот по џез студии со фонд на часови 1+0+5.

Во летниот семестар на учебната 2011/2012

- *задолжителни предмети - наставни дисциплини:*
- **Труба со оркестарски делници 2**, ќе се слуша во летниот (II семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2+2;
- **Труба со оркестарски делници 4**, ќе се слуша во летниот (IV семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2+2;
- **Труба со оркестарски делници 6**, ќе се слуша во летниот (VI семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2+1;
- **Труба со оркестарски делници 8,** ќе се слуша во летниот (VIII семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+1+1.
- **Дипломска работа - (труба**) ќе се слуша во летниот (VIII семестар) на Вокално – инструменталниот оддел – со фонд на часови 0+0+10.
- **Матичен инструмент (џез труба) 2, 4, 6 и 8**, ќе се слуша во летниот ( II, IV, VI и VIII семестар) на Одделот по џез студии со фонд на часови 1+0+5.
- **Дипломска работа - ( Џез труба**) ќе се слуша во летниот (VIII семестар) на Оддел по џез студии – со фонд на часови 1+0+5.

**2**. **БЛАГИЦА ПОП ТОМОВА,** согласно студиските и предметни програми, се ангажира на Факултетот за музичка уметност на следните предмети - наставни дисциплини:

Во зимскииот семестар 2011/2012 година

- *задолжителни предмети - наставни дисциплини:*
- **Соло пеење 1** ќе се слуша во зимскиот (I семестар) на Вокално-инструменталниот оддел (Соло пеење) со фонд на часови 2+2+2;

– **Соло пеење 3** ќе се слуша во зимскиот (III семестар) на Вокално-
– инструменталниот оддел (Соло пеење) со фонд на часови 2+2+1;
– **Соло пеење 5** ќе се слуша во зимскиот (V семестар) на Вокално-инструменталниот оддел (Соло пеење) со фонд на часови 2+2+2;
– **Соло пеење 7** ќе се слуша во зимскиот (VII семестар) на Вокално-инструменталниот оддел (Соло пеење) со фонд на часови 2+2+2.

Во летниот семестар 2011/2012 година
– *задолжителни предмети - наставни дисциплини:*
– **Соло пеење 2** ќе се слуша во летниот (II семестар) на Вокално-инструменталниот оддел (Соло пеење), со фонд на часови 2+2+2;
– **Соло пеење 4** ќе се слуша во летниот (IV семестар) на Вокално-инструменталниот оддел (Соло пеење), со фонд на часови 2+2+1;
– **Соло пеење 6** ќе се слуша во летниот (VI семестар) на Вокално-инструменталниот оддел (Соло пеење), со фонд на часови 2+2+2;
– **Соло пеење 8** ќе се слуша во летниот (VIII семестар) на Вокално-инструменталниот оддел (Соло пеење), со фонд на часови 2+2+2;

**3. ТОМИСЛАВ ШОПОВ,** согласно со студиските и предметни програми се ангажира на Факултетот за музичка уметност на следните предмети - наставни дисциплини:

Во зимскиот семестар на учебната 2011/2012 по предметите:
– *задолжителни предмети - наставни дисциплини:*
– **Оркестар 1** ќе се слуша во зимскиот (III семестар) на Вокално – инструменталниот оддел – (Дувачки и гудачки инструменти) со фонд на часови 1+1+1;
– **Оркестар 3** ќе се слуша во зимскиот (V семестар) на Вокално – инструменталниот оддел – (Дувачки и гудачки инструменти) со фонд на часови 1+1+1;
– **Оркестар 5** ќе се слуша во зимскиот (VII семестар) на Вокално – инструменталниот оддел – дувачки и гудачки инструменти со фонд на часови 1+1+1;
– **Оперско студио 1** ќе се слуша во зимскиот (III семестар) на Вокално – инструменталниот оддел – (Соло пеење) со фонд на часови 2+2+1;
– **Оперско студио 3** ќе се слуша во зимскиот (V семестар) на Вокално – инструменталниот оддел – (Соло пеење) со фонд на часови 2+2+1;
– **Оперско студио 5** ќе се слуша во зимскиот (VII семестар) на Вокално – инструменталниот оддел – (Соло пеење) со фонд на часови 2+2+2.

Во летниот семестар на учебната 2011/2012 по предметите:
– **Оркестар 2,** ќе се слуша во летниот (IV семестар) на Вокално – инструменталниот оддел – (Дувачки и гудачки инструменти) со фонд на часови 1+1+1;
– **Оркестар 4,** ќе се слуша во летниот (VI семестар) на Вокално – инструменталниот оддел – (Дувачки и гудачки инструменти) со фонд

на часови 1+1+1;

- **Оперско студио 2,** ќе се слуша во летниот (IV семестар) на Вокално – инструменталниот оддел – (Соло пеење) со фонд на часови 2+2+1;
- **Оперско студио 4,** ќе се слуша во летниот (VI семестар) на Вокално – инструменталниот оддел – (Соло пеење) со фонд на часови 2+2+1.

**4. М-р ВЛАДИМИР КРСТЕВ,** согласно студиските и предметни програми, се ангажира на Факултетот за музичка уметност на следните предмети - наставни дисциплини:

Во зимскиот семестар на учебната 2011/2012 по предметите:

*-задолжителни предмети - наставни дисциплини:*

- **Виола со оркестарски делници 1**, ќе се слуша во зимскиот (I семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2+2;
- **Виола со оркестарски делници 3**, ќе се слуша во зимскиот (III семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2+2;
- **Виола со оркестарски делници 5**, ќе се слуша во зимскиот (V семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2 +1;
- **Виола со оркестарски делници 7**, ќе се слуша во зимскиот (VII семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2+1.

Во летниот семестар на учебната 2011/2012 по предметите:

- *задолжителни предмети - наставни дисциплини:*
- **Виола со оркестарски делници 2**, ќе се слуша во летниот (II семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2+2;
- **Виола со оркестарски делници 4**, ќе се слуша во летниот (IV семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2+2;
- **Виола со оркестарски делници 6**, ќе се слуша во летниот (VI семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2+1;
- **Виола со оркестарски делници 8**, ќе се слуша во летниот (VIII семестар) на Вокално – инструменталниот оддел со фонд на часови 2+2+1;
- **Дипломска работа - (виола**) ќе се слуша во летниот (VIII семестар) на Вокално – инструменталниот оддел – со фонд на часови 0+0+10.

Во зимскиот семестар на учебната 2011/2012 по предметите:

- *задолжителни предмети – наставни дисциплини:*
- **Виолина со оркестарски делници 1** ќе се слуша во зимскиот (I семестар) на Вокално – инструменталниот оддел – (Виолина) со фонд на часови 2+2+2;

– **Виолина со оркестарски делници 5** ќе се слуша во зимскиот (V семестар) на Вокално – инструменталниот оддел – (Виолина) со фонд на часови 2+2+1;
– **Виолина со оркестарски делници 7** ќе се слуша во зимскиот (VII семестар) на Вокално – инструменталниот оддел – (Виолина) со фонд на часови 2+2+1.

Во летниот семестар на учебната 2011/2012 по предметите:
– *задолжителни предмети – наставни дисциплини:*
– **Виолина со оркестарски делници 2** ќе се слуша во летниот (II семестар) на Вокално – инструменталниот оддел – (Виолина) со фонд на часови 2+2+2;
– **Виолина со оркестарски делници 6** ќе се слуша во летниот (VI семестар) на Вокално – инструменталниот оддел – (Виолина) со фонд на часови 2+2+1;
– **Виолина со оркестарски делници 8** ќе се слуша во летниот (VIII семестар) на Вокално – инструменталниот оддел – (Виолина) со фонд на часови 2+2+1;
– **Дипломска работа (по главен инструмент - Виолина**) ќе се слуша во летниот (VIII семестар) на Вокално – инструменталниот оддел – (Виолина) со фонд на часови 0+0+10.

**5. МИЛОРАД АНГЕЛОВ,** согласно со студиските и предметни програми се ангажира на Факултетот за музичка уметност на следните предмети - наставни дисциплини:

Во зимскиот семестар на учебната 2011/2012 по предметите:
– *задолжителни предмети – наставни дисциплини:*
– **Основи на актерската игра 1** ќе се слуша во зимскиот (III семестар) на Вокално – инструменталниот оддел – (Соло пеење) со фонд на часови 2+2+1;

Во летниот семестар на учебната 2011/2012 по предметите:
– *задолжителни предмети – наставни дисциплини:*
– **Основи на актерската игра 2** ќе се слуша во ( IV семестар) на Вокално – инструменталниот оддел – (Соло пеење) со фонд на часови 2+2+1.

Одлуката влегува во сила со денот на донесување, а ќе се применува одучебната 2011/2012 година и се става вон сила Одлуката број 1902-69/3 од 3.6.2010 година за ангажирање на афирмирани научници, стручњаци од практиката и уметници на Факултетот за музичка уметност при Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип на прв циклус на универзитетски (академски) студии во зимскиот и летниот семестар на учебната 2011 - 2012 година.

**О Д Л У К А:**

